СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ

**во 2009 година**

## СОДРЖИНА


1. Претседателски и локални избори 2009 година ......................................................................7

2. Законска основа и регулатива за мониторинг ......................................................................10

3. Мониторинг на медиумското покривање во периодот пред кампања .......................................16

4. Опфат и методолошка поставеност на мониторингот за време на изборната кампања ..............19

5. Согледувања во однос на медиумското претставување ..........................................................35

6. Резултати од мониторингот ....................................................................................................43

6.1 Радиодифузери на државно ниво ................................................................................43

6.1.1. Јавен радиодифузен сервис-Македонска радиотелевизија .........................43

МТВ1 ..................................................................................................43

МТВ2 Програма на албански јазик ....................................................46

МТВ2 Програма на турски јазик .......................................................48

МР1 ....................................................................................................49

МР Програма на албански јазик ........................................................52

МР Програма на турски јазик ............................................................54

МР Програма на ромски јазик ............................................................54

6.1.2. ТРД – ТВ и РА програмски сервиси ...........................................................55

Телевизија А1 ........................................................................................55

Телевизија Сител ...................................................................................57

Телевизија Телма ....................................................................................61

Телевизија Канал 5 ................................................................................63

Телевизија Алсат-М ..............................................................................67

Радио Канал 77 ......................................................................................70

Радио Антена 5 ......................................................................................72

Радио Метрополис .................................................................................72

6.2 ТРД – ТВ програмски сервиси преку сателит .............................................73

Телевизија Алфа ...................................................................................73

Телевизија Канал 5 плус .....................................................................75

Телевизија Сител 3 ...............................................................................78

Телевизија А2 .........................................................................................80

Телевизија Перспектива .......................................................................82

Наша ТВ .................................................................................................83

АБ Канал .....84
Џангл ТВ .....84
6.3. Радиодифузери на регионално ниво .....85
Телевизија БТР .....85
Телевизија Шутел .....88
Телевизија Ера .....90
Телевизија МТМ .....92
Телевизија Скај Нет .....93
Телевизија Амазон .....93
Телевизија Крт .....94
Телевизија Едо .....96
Радио 90.3 ФМ .....96
Радио Арачина .....97
Радио Буба Мара .....97
Радио Клуб ФМ .....97
Радио Роса АБ .....97
Радио Сити .....97
Радио Зона М-1 .....98
Радио Скај .....98
6.4. Радиодифузери на локално ниво .....99
Телевизија Тера – Битола ..... 99
Телевизија Орбис - Битола .....100
Телевизија Меди - Битола.....101
Радио Б-97 - Битола.....101
Радио Битола .....101
Радио Актуел – Битола .....102
Радио 106 – Битола .....102
Радио Скај плус – Берово .....102
Телевизија ВТВ – Валандово .....103
Радио Валандово .....103
Телевизија Канал 21 – Велес .....103
Телевизија Здравкин – Велес .....104
Радио Це-Де – Велес .....105

Радио Голди – Велес ....................................................................105
Радио Мерак 5 ФМ – Велес ..........................................................106
Радио Ла Коста – Виница ..............................................................106
Телевизија Нова – Гевгелија ........................................................106
Радио Тајм – Гевгелија ..................................................................107
Телевизија Дуе – Гостивар ............................................................107
Радио Комета 2000 – Гостивар .....................................................108
Радио Мерлин – Дебар ...................................................................108
Телевизија Жупа – Центар Жупа ..................................................108
Радио Семи – Центар Жупа ...........................................................109
Телевизија Д1 – Делчево ...............................................................109
Радио Зора – Делчево ....................................................................110
Телевизија КТВ 41 – Кавадарци ....................................................110
Телевизија Тиквешија – Кавадарци ..............................................110
Радио Галакси 2002 – Кавадарци ..................................................111
Радио Кавадарци ...........................................................................112
Телевизија Боем – Кичево ............................................................112
Радио Александар Македонски – Кичево ....................................113
Телевизија Канал 8 – Кочани .........................................................113
Телевизија Кочани – ЛД .................................................................113
Радио Роса – Кочани ......................................................................114
Телевизија Далга Крт – Куманово .................................................115
Телевизија Канал Феста – Куманово .............................................115
Телевизија Хана – Куманово ..........................................................116
Телевизија Нова – Куманово ..........................................................116
Радио Браво – Куманово ................................................................116
Радио Морис плус – Македонски Брод .........................................117
Радио Микс – Неготино ..................................................................117
Радио Продукција ЛГН – Неготино ...............................................117
ТВМ – Охрид ...................................................................................118
Телевизија Морис – Охрид .............................................................119
НТВ Охрид ......................................................................................120
Радио Лав – Охрид ........................................................................122

Радио МХ – Охрид ....................................................................................122
Радио Супер – Охрид ...........................................................................123
Телевизија Вижн БМ – Прилеп ............................................................123
Радио 5 Чоки – Прилеп .......................................................................124
Радио Мефф – Прилеп .......................................................................125
Радио Холидеј – Прилеп ...................................................................125
Радио Тернипе – Прилеп ...................................................................125
Радио Пехчево ......................................................................................126
Телевизија Протел – Пробиштип .......................................................126
Телевизија Ко-бра – Радовиш ............................................................127
Телевизија Еми – Радовиш ................................................................128
Радио Алфа – Радовиш ......................................................................128
Радио Еми – Жировница (Ростуше) ....................................................128
Телевизија Свет – Свети Николе .......................................................129
Радио Модеа – Свети Николе ............................................................129
Радио Свети Николе ............................................................................129
Телевизија Спектра – Лабуниште .......................................................129
Телевизија Калтрина – Струга ............................................................130
Телевизија Арт Канал – Струга ..........................................................130
Радио Кики – Струга ............................................................................131
Радио Ди-Џеј – Струга .........................................................................131
Телевизија Интел – Струмица ............................................................131
Телевизија Вис – Струмица ................................................................132
Радио Хит – Струмица ........................................................................133
Радио Експрес – Струмица .................................................................134
Телевизија Арт – Тетово ....................................................................134
Телевизија Кис – Тетово ....................................................................135
Телевизија Менада – Тетово ..............................................................135
Телевизија Супер Скај – Тетово .........................................................137
Телевизија Коха – Тетово ..................................................................137
Радио Плус форте – Тетово ...............................................................137
Радио Кис – Тетово .............................................................................137
Телевизија Ирис – Штип .....................................................................138

Телевизија Стар – Штип ....................................................................139
Радио Черења – Штип ........................................................................139
Радио Штип ..........................................................................................140
7. Изборен молк ........................................................................................................................141
8. Прекршувања на регулативата и преземени мерки ...............................................................142
9. Прилози..................................................................................................................................145

## 1. ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2009

Усвојувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од страна на Собранието на Република Македонија на крајот од 2008 година донесе три суштински измени кои се однесуваат на работата на Советот за радиодифузија за време на избори.

Првата измена се однесува на периодот во кој Советот има обврска да го следи изборното медиумско претставување на програмите на радиодифузерите. Во основниот текст на Изборниот законик беше пропишано Советот да ги следи програмите на електронските медиуми за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите. Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, оваа надлежност е проширена и Советот за радиодифузија е должен да го следи изборното медиумско претставување на програмите на радиодифузерите од денот на распишувањето на изборите, што за овие избори подразбираше од 10 јануари 2009 до завршувањето на гласањето на денот на изборите, односно најкратко до 22 март, доколку имаше само еден изборен круг. Со оглед на тоа дека имаше и втор изборен круг, обврската за следење се прошири и се однесуваше до завршувањето на гласањето од вториот изборен круг, односно до 5 април 2009 година.

Втората измена се однесува на обврската Советот за радиодифузија да изготви и да донесе Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, што е различно од досегашната пракса, на предлог на Советот, одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување да ја носи Собранието на РМ.

Со третата суштинска измена, предвидена со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, на Советот му беше овозможено непосредно, по утврдувањето на неправилностите, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик и од Правилникот, со што се поедностави процедурата на покренување прекршочни постапки. Тоа значи дека сега Советот може директно да покрене прекршочна постапка, а не како порано, за утврдените неправилности во работата на медиумите да ги извести Државната изборна комисија и Агенцијата за електронски комуникации, кои поднесуваа пријави пред надлежните судови.

Проширувањето на периодот во кој Советот требаше да ги следи програмите на медиумите подразбираше обемен мониторинг кој ќе трае долг период (речиси три месеци) и ќе ги опфати сите медиуми во државава. За реализација на вака законски поставениот мониторинг беа потребни финансиски средства за јакнење на техничкиот капацитет на Советот, но и за ангажирање голем број надворешни соработници на подолг период, кои регулаторното тело не можеше да ги одвои од својот буџет. Советот за радиодифузија

соочен од една страна со законската обврска, а од друга страна, со ограничените средства со кои располага, пред сè поради ненаплатата на радиодифузната такса, беше принуден да се обрати за финансиска помош до Владата на Република Македонија. Благодарение на добиената финансиска помош, Советот за радиодифузија ја обезбеди потребната техничка опрема, со што беа создадени услови за непречено реализирање на мониторингот и за ангажирање надворешни соработници. Значајна помош регулаторното тело доби и од мисијата на ОБСЕ во Македонија. Оваа институција го финансираше изработувањето на софтверското решение, неопходно за внес и обработка на податоците.

Паралелно со овие активности, Советот за радиодифузија работеше на изготвувањето на ***Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања,*** документ врз кој треба да се темелат програмите на радиодифузерите поврзани со изборниот процес за време на изборната кампања. Советот усвои и ***Насоки за изборно медиумско претставување надвор од изборна кампања***. Изготвувањето на насоките не беше директна обврска која произлегува од Изборниот законик, но Советот, имајќи предвид дека во Изборниот законик не е дефиниран поимот изборно медиумско претставување и не се утврдени облиците на медиумско претставување пред почетокот на изборната кампања, со носењето на ваков документ сакаше да им укаже на медиумите како треба да се однесуваат во периодот до официјалното започнување на кампањата, со цел да не ги прекршат одредбите од Изборниот законик. По усвојувањето на двата документа, Советот за радиодифузија организираше работилници со радиодифузерите со цел да им бидат презентирани новините што ги носеше Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, како и облиците на изборно медиумско претставување пред почетокот и за време на изборната кампања, утврдени во Насоките и во Правилникот. За таа цел, Советот организираше пет работилници, од кои две во Скопје и три во други градови од државава, на кои беа поканети сите медиуми. Советот реализираше и повеќе поединечни посети на дел од медиумите со истата цел – информирање на радиодифузерите за обврските што произлегуваат од изборната регулатива од една страна, и запознавање на Советот со проблемите со кои се соочуваат медиумите, од друга страна. Покрај средбите со медиумите, Советот иницираше и средба со претставници на политичките партии, на кои им беа посочени измените во изборната регулатива во делот на изборната кампања.

Како и секогаш, во периодот на мониторингот Советот градеше политика заснована врз изборната регулатива, но се обиде онаму каде што навистина беше неопходно, конструктивно да ги премости недореченостите и недоумиците околу начинот на медиумското покривање на изборната кампања. Активностите и реализацијата на мониторингот опфати: снимање, регистрирање и анализа на емитуваните програми на радиодифузерите за време на изборната политичка кампања, компјутерска обработка на податоците и нивна методолошки заснована анализа, извлекување заклучоци, изготвување извештаи, регистрирање прекршувања и изрекување пропишани мерки. Советот се постави ригорозно во случаите за кои процени дека иницијално можат да предизвикаат штетни

тенденции во вкупноста на изборниот процес, но сепак, во најголем број случаи реагираше советодавно. Во првиот дел од мониторингот, пред почетокот на изборната кампања, Советот имајќи ја предвид сензибилноста на изборното медиумско претставување надвор од изборна кампања, мошне внимателно ги применуваше мерките кои му стојат на располагање кон медиумите кои не се придржуваа до Насоките и одредбите од Изборниот законик.

Мониторингот во првиот круг од изборите - од 2 до 20 март опфати 70 телевизиски и 70 радио сервиси, а во вториот круг - од 25 март до 3 април, кога веќе беа избрани повеќемина од градоначалниците, мониторингот се редуцираше на 36 телевизиски и на 7 радио сервиси, вкупно на државно, регионално и локално ниво. Целта на мониторингот беше да се следи дали и колку електронските медиуми ќе им овозможат на политичките партии и кандидати подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување за време на изборната кампања, согласно со правилата утврдени со Законот за радиодифузната дејност, со Изборниот законик и со Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања.

За време на изборната кампања, Советот објави два Прелиминарни извештаи, едниот за првите 10 дена од кампањата, а вториот по првиот изборен круг, кои се однесуваа на балансот во вестите кај медиумите на државно и регионално ниво. Уште еден таков извештај беше објавен по сумирањето на резултатите кои се однесуваа на вториот изборен круг.

Фокусот на овој интегрален Извештај е на резултатите од медиумското претставување на кандидатите за градоначалници или за членови на Советите на општините и на медиумското претставување на кандидатите за претседател на РМ. Резултатите се обработени за секој програмски сервис поединечно, групирани и прикажани по категории медиуми: Јавен радиодифузен сервис, ТРД на државно ниво, ТРД – телевизиски станици емитувани преку сателит, ТРД на регионално ниво и ТРД на локално ниво.

Составен дел на извештајот се и прилозите каде што се поместени: Извадок од Изборниот законик, Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања, Табели – Избалансираност во вести во прв и втор круг, Табели – Платено политичко претставување во прв и втор круг, Изречени мерки за периодот на изборната кампања, и Изречени мерки за прекршувања на изборниот молк.

Од страна на ОБСЕ/ОДИХР мисијата за набљудување на изборите, работата на Советот за радиодифузија за време на мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година, беше оценета како непристрасна и професионална. Радува фактот што резултатите, заклучоците од мониторингот на Советот, се генерално усогласени со согледувањата од мониторингот на националните медиуми на ОБСЕ/ОДИХР мисијата. Во делот Прилози од овој извештај е поместен и извадок што се однесува на медиумите од конечниот извештај за претседателските и локалните избори на ОБСЕ/ОДИХР мисијата за набљудување на изборите.

## 2. ЗАКОНСКА ОСНОВА И РЕГУЛАТИВА ЗА МОНИТОРИНГ

Медиумското претставување за време на изборните кампањи за избор на претседател на РМ, пратеници во Собранието на РМ и членови на Советите на општините и Советот на град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на град Скопје е регулирано со Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр. 136/2008, 148/2008, 155/2008 и 163/2008) и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања.

### *Изборен законик*

Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, усвоен во последниот квартал на 2008 година во поглед на медиумското претставување донесе извесни новини. Попрецизно, се пропишува дека покрај изборната кампања и јавното собирање и други настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавното истакнување плакати, како и изборното медиумско претставување започнуваат 20 дена пред денот определен за одржување на изборите и не смеат да траат 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите. За правното лице кое не го почитува рокот за започнување и завршување на изборната кампања, а тоа значи и рокот за изборно медиумско претставување како облик на изборна кампања е пропишана прекршочна одговорност.

Натаму, со Законикот за првпат е воведена обврска Советот за радиодифузија да го следи изборното медиумско претставување започнувајќи од денот на распишување на изборите до завршувањето на гласањето, а не како досега за времетраењето на изборната кампања и на денот на одржување на изборите. Доколку констатира неправилности, Советот, за разлика од претходните изборни циклуси, може самиот да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите.

Промени се направени и во поглед на зголемувањето на времетраењето на платеното политичко рекламирање – дозволени се вкупно 15 минути во текот на еден реален час, при што најмногу две третини од нив за еден учесник во изборната кампања. Вообичаено, за износот што организаторите на изборна кампања треба да го платат доколку откупат време за ширење на своите пропагандни пораки, радиодифузерите утврдуваат ценовници со тоа што овојпат ценовниците треба да бидат донесени во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите и покрај до Советот за радиодиофузија треба да ги достават и до Државната изборна комисија и до Државниот завод за ревизија. Петнаесет дена откако ќе завршат изборите, радиодифузерите се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и за

средствата што се платени или се побаруваат по таа основа. Овие извештаи, покрај до Државната изборна комисија и до Државниот завод за ревизија, треба да бидат доставени и до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Битно е да се напомене дека платено политичко рекламирање не може да се емитува во сите програми на радиодифузерите, односно Законикот пропишува забрана за емитувањето вакви реклами во информативно-политичките програми за време на изборната кампања.

Освен за платените политички реклами, законодавецот предвидел забрана за емитување и на друг вид реклами – оние на државните органи и органите на општината и на градот Скопје, а кои се финансирани од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на општините и на градот Скопје. Емитувањето на овие реклами е забрането во периодот од денот на донесувањето на одлуката за распишување на изборите, па сè до денот на завршувањето на изборите.

***Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања***

Веднаш по распишувањето на изборите, Советот за радиодифузија донесе Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања. За разлика од претходно, кога Советот носеше Одлука за правилата за изборно медиумско претставување за секој изборен циклус засебно, овој Правилник важи, во принцип, за сите изборни кампањи. Со него се уредуваат условите за пристап до облиците на изборно медиумско претставување, нивното времетраење, принципите за избалансирано медиумско покривање, начинот на објавување резултати од испитувања на јавното мислење и начинот на известување за време на изборниот молк во програмите на радиодифузерите.

Правилникот не навлегува во уредувачката политика, во самостојноста и независноста на радиодифузерите. Тоа значи дека иако радиодифузерите кои одлучиле да ја покриваат кампањата се должни да го почитуваат Правилникот, тие во согласност со неговиот текст, носат сопствени правила за изборно медиумско претставување. Без разлика кои облици на медиумско претставување ќе ги користат - дневно-информативни емисии (вести, радио и телевизиски дневници), бесплатно претставување, посебните информативни емисии (програми наменети за информирање на граѓаните за начинот и за техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и информативно-политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања), радиодифузерите на сите организатори на кампања треба да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување. Исто така, радиодифузерите треба да обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување во согласност со принципот на пропорционалност за локалните и за парламентарните избори, според бројот на утврдени листи на кандидати за градоначалници,

за членови на Советите на општините или на кандидати за пратеници, односно согласно со принципот на еднаквост за претседателските избори, за сите кандидати за претседател. Исклучок од овие два принципа има само во поглед на платеното политичко рекламирање.

За разлика од досега одржаните избори кога се носеше посебно упатство за изборниот молк, сега начинот на известување за време на изборниот молк е составен дел на Правилникот за рамноправен пристап. Во посебна глава од Правилникот се идентификувани информациите и аудио и аудио-визуелните материјали во функција на нечија изборна кампања, односно рекламните пораки преку кои се претставуваат партиски програми и партиски симболи, чиешто емитување претставува прекршување на изборниот молк. Истовремено, посочено е како радиодифузерите да известуваат и за неправилности при гласањето како и за евентуални инциденти направени во или надвор од одредено гласачко место.

***Правни празнини***

При примената на одредбите од Изборниот законик за време на локалните и претседателските избори, Советот за радиодифузија констатираше дека во неговиот текст има одредени правни празнини. Пред сè, ова се однесува на одредбата дека Советот е должен по утврдувањето на неправилностите, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите. Од друга страна, Советот е должен да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите од денот на распишување на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите. Во практика, ова доведе до ситуација еден дел од првостепените судови да заземат став дека има законски основ за прекршочна одговорност на радиодифузерите против кои Советот поведе барања за поведување прекршочни постапки поради предвремено започнување на изборната кампања (пред 2 март 2009). Овие судови им изрекоа прекршочни санкции во вид на глоби на конкретните радиодифузери. Наспроти нив, дел од првостепените судови, постапувајќи по барањата на Советот, заседоа став дека има законски основ за ослободување на радиодифузерите од прекршочна одговорност, согласно со Законот за прекршоци, со образложение дека во спорните програми, односно емисии биле емитувани интервјуа и изјави на кандидатите за претседател на Републиката, за членови на Советите и Советот на град Скопје, или интервјуа или изјави на политичари, претставници на органите на власта и слично, во време кога сè уште не била започната фазата на предлагање на кандидатите, дека кандидатите во тоа време не биле потврдени од Државната и другите надлежни изборни комисии и дека Советот, согласно со член 74 став 3 од Изборниот законик, има овластување и обврска за прекршочно гонење само за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите.

Советот поднесе жалби против ослободителните пресуди, истакнувајќи ја следнава аргументација:

- Содржината на член 74 став 1 од Изборниот законик упатува на заклучок дека изборната кампања ја чинат повеќе активности, меѓу кои и изборното медиумско претставување. Ова значи дека изборното медиумско претставување е еден од повеќето можни облици на изборна кампања;

- Формулацијата правно лице (од член 181 став 2) од Изборниот законик упатува на можноста да бидат прекршочно санкционирани однесувањата на повеќе видови правни лица, меѓу кои и радиодифузерите. Причина за ваквото толкување е фактот дека изборното медиумско претставување не е можно без учество на медиумите (електронски и печатени) и радиодифузерите и издавачите како нивни иматели, односно сопственици;

- Одредбата од член 74 став 2 од Изборниот законик, во која е пропишана обврска за Советот за радиодифузија да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до денот на завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, покажува дека е можно изборно медиумско претставување, како облик на изборната кампања, уште од денот на распишувањето на изборите, во случајов уште од 10.01.2009 година;

- Одговорноста на радиодифузерот како правно лице за непочитување на рокот за започнување на изборната кампања, во конкретниот случај започнува уште од 10.01.2009 година, како ден на распишување на изборите и трае до 01.03.2009 година и не зависи од тоа во која фаза се наоѓа изборниот процес, дали пред или во фаза на предлагање листи на кандидати, фаза на нивно доставување до надлежните изборни комисии или фаза на нивно потврдување, исто така од надлежните изборни комисии;

- Поради фактичката можност да започне изборна кампања во време кога таа не може да тече, односно во претходно споменатото меѓувреме (од 10.01.2009 до 01.03.2009 година), законодавецот санкционирал предвремено започнување на изборната кампања во сите нејзини облици. Изборна кампања е фактички можна во време кога правно не е дозволена и токму затоа е предвидено санкционирање на таквото незаконско однесување, со пропишување на прекршок во член 181 став 2 од Изборниот законик;

- Обврската на Советот да го следи изборното медиумско претставување од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, би била само гола, правно неефективна обврска, ако тој нема право да реагира на предвремена изборна кампања. Неговиот капацитет за поведување прекршочна постапка во случај на предвремено започнување на изборната кампања, Советот за радиодидуфузија го црпи, не од член 74 став 3 од Изборниот законик, туку од член 37 став 1 точка

13 од Законот за радиодифузната дејност, каде што стои дека Советот донесува и спроведува мерки утврдени со овој закон, поднесува прекршочни и кривични пријави и врши други работи предвидени со овој или друг закон.

Жалбите се во постапка пред апелациските судови.

Друг забележан недостаток е дека во Изборниот законик е пропуштено да се санкционира емитувањето реклами на државните органи и органите на општините и на градот Скопје, финансирани од Буџетот на РМ, односно од буџетите на општините и на градот Скопје (член 84-а).

Иако при применувањето на одредбата за дозволени 15 минути на еден реален час за платено политичко рекламирање Советот не наиде на проблеми, не помалку важно е да се посочи дека ова решение е различно од решението содржано во Законот за радиодифузната дејност „Советот за радиодифузија може да дозволи ...20% или 12 минути дополнително време за емитување платена политичка програма на еден реален час“.

***Предлози за измена***

Со цел да се надминат споменатите правни празнини, односно контрадикторност меѓу одредбите од два различни закона кои опфаќаат една иста материја, потребно е да се направат извесни измени и дополнувања на Изборниот законик и Законот за радиодифузната дејност:

- во Изборниот законик:

1. Во членот 75 од Изборниот законик треба да се измени ставот 3 во насока Советот за радиодифузија да може да покренува прекршочни постапки против радиодифузерите од денот на распишувањето до денот на одржувањето на изборите.

2. Со цел правилата на однесување во периодот од распишувањето на изборите до започнувањето на изборната кампања да бидат доволно јасни и транспарентни, на Советот треба да му се даде овластување ова да го регулира со посебен подзаконски акт.

3. Во членот 181 став 2 треба да се прецизира кои правни лица подлежат на прекршочна одговорност, а воедно, во посебна алинеја да се предвиди одговорност на одговорните уредници кај електронските и кај печатените медиуми.

4. Треба да се санкционира и непочитувањето на член 84-а од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик.

- во Законот за радиодифузната дејност:

1. Треба да се избрише постојниот член 80 кој пропишува дека „Собранието на Република Македонија на предлог на Советот за радиодифузија донесува одлука за правилата за медиумско претставување за време на изборна кампања преку радиодифузери”, со оглед на фактот што во Изборниот законик е утврдено дека Советот носи Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања.

2. Исто така, треба да се избрише член 95 од Законот за радиодифузната дејност со оглед на тоа што времетраењето на платеното политичко рекламирање на еден реален час е утврдено повторно со Изборниот законик.

## 3. МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ПРЕД КАМПАЊА

Со измените во изборната регулатива направени во последниот квартал од 2008 година, на Советот за радиодифузија му беше пропишана обврска да го следи и изборното медиумско претставување на програмите на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до започнувањето на изборната кампања за претседателските и локалните избори. Обврската за следење на програмите на радиодифузерите од денот на распишување на изборите е воведена за првпат, со оглед на тоа што претходно, изборната регулатива не го опфаќаше периодот пред официјалното започнување на изборната кампања во поглед на медиумското претставување.

### *Опфат на мониторингот*

Во периодот од 10 јануари до денот на започнувањето на изборната кампања, 2 март 2009 година, со мониторингот беа опфатени вкупно 49 радио и телевизиски програмски сервиси и тоа: 13 радио и телевизиски сервиси на државно ниво, 5 телевизиски програмски сервиси преку сателит, 9 телевизиски програмски сервиси на регионално ниво и 22 телевизиски сервиси на локално ниво.

ТВ програмските сервиси на **државно ниво** и телевизиските програмски сервиси кои се емитуваат **преку сателит** се снимаа и прегледуваа во периодот од 7:00 до 01:00 часот. ТВ програмските сервиси на **регионално** и на локално ниво се следеа во зависност од програмските шеми на секој конкретен медиум, меѓутоа, генерално во периодот од 15:00 до 24:00 часот. Радио програмските сервиси на **државно и регионално ниво** се следеа во периодот од 07:00 до 24:00 часот.

### *Цел и методолошка поставеност на мониторингот*

Целта на мониторингот беше да се согледа во која мера медиумите ги почитуваат одредбите од Изборниот законик кои се однесуваат на емитувањето изборно медиумско претставување пред официјалното започнување на изборната кампања (член 74 став 1) и емитувањето реклами на државните органи и органите на општините и на градот Скопје, финансирани од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на општините и на градот Скопје, во периодот од денот на донесувањето на одлуката за распишување на изборите, па сѐ до денот на завршувањето на изборите (член 84-а).

Изборниот законик во член 74 став 1 го забранува изборното медиумско претставување пред 2 март 2009 година (денот определен за започнување на изборната кампања), но не го дефинира поимот изборно медиумско претставување и не пропишува

дека Советот треба да ги утврди облиците на медиумско претставување во овој период. Со оглед на тоа дека Советот е регулаторно тело кое има законски надлежности за програмите на радиодифузерите и што беше особено значајно во овој период е тело кое имаше надлежност да ги следи програмите од денот на распишување на изборите, Советот утврди одредени критериуми за однесувањето на медиумите во периодот пред започнување на кампањата. Целта беше медиумите да не бидат доведени во ситуација да го прекршуваат Изборниот законик поради различно толкување на тоа што претставува изборно медиумско претставување. Овие критериуми беа донесени врз основа на долгогодишното искуство на Советот во следење на работата на медиумите во периоди на изборни процеси и надвор од изборни процеси и врз основа на реакциите на граѓаните, политичките партии и други субјекти надвор од периоди на изборни кампањи. Реакциите најчесто се однесуваа на зачестеното појавување на претставници на политички партии во програмите на радиодифузерите и на големиот обем платено политичко рекламирање надвор од периодот на изборната кампања.

Во оваа смисла, за изборно медиумско претставување се сметаа облиците на позитивно или негативно претставување на партиски ставови и програми, односно на потенцијалните кандидати и учество во програмите на претставници од политички партии или на потенцијални кандидати на теми поврзани со изборниот процес или кога таквото учество можеше да влијае врз изборниот процес.

Сепак, за да не се наруши слободата на медиумите да пренесуваат информации како и правото на граѓаните да бидат информирани, во дневно-информативните емисии можеше да се известува за актуелните општествено-политички случувања, вклучувајќи ги и активностите поврзани со изборниот процес. Имајќи предвид дека во овој период не престануваат редовните активности на органите на власта, а со цел да се обезбеди колку што е можно порамноправен третман на сите политички субјекти, односно да се избегне повластена позиција на партиите на власт, начинот на известување за активностите на централната и локалната власт не смееше да биде во функција на изборната кампања на конкретен кандидат, политичка партија, односно организатор на изборна кампања.

***Преземени мерки***

Во рамките на своите надлежности, утврдени со Законот за радиодифузната дејност, во периодот од денот на распишувањето на изборите, 10 јануари до денот на започнување на изборната кампања, 2 март 2009 година, за констатираните прекршувања, Советот за радиодифузија на РМ против радиодифузерите поведе 10 (десет) прекршочни постапки и упати 11 (единаесет) укажувања.

Прекршочните постапки се однесуваат на непочитување на рокот за започнување на изборната кампања и се поведени против следните трговски радиодифузни друштва: Телевизија Канал 5 ДООЕЛ Скопје, Алсат - М ДОО Скопје, Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје –

две прекршочни постапки, Телевизија Сител 3 ДООЕЛ Скопје, А1 Телевизија ДООЕЛ Скопје, ТВ Арт Артан ДООЕЛ Тетово, Вижн БМ ДООЕЛ Прилеп и Телевизија Амазон ДООЕЛ Скопје – две прекршочни постапки.

Советот им упати укажувања на 11 радиодифузери, од кои на 5 (пет) за непочитување на рокот за започнување на изборната кампања, 5 (пет) за објавени резултати од анкета без притоа да бидат содржани пропишаните елементи во Изборниот Законик, како и 1 (едно) укажување за емитување реклами финансирани од Буџетот на РМ, и тоа:

Петте укажувања за непочитување на рокот за започнување на изборната кампања, им беа изречени на:

- Алсат –М ДОО Скопје;
- Јавен радиодифузен сервис МРТ - Втор програмски сервис;
- Телевизија Сител 3 ДООЕЛ Скопје;
- ТВ БТР Национал ДООЕЛ Скопје, и
- ТВ Шутел ДООЕЛ, Скопје

Петте укажувања за објавени резултати од анкета без притоа да бидат содржани пропишаните елементи во Изборниот законик, им беа изречени на:

- Јавен радиодифузен сервис МРТ - Прв програмски сервис;
- Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје;
- А1 Телевизија ДООЕЛ Скопје;
- А2 Телевизија ДООЕЛ Скопје и
- Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип.

1 (едно) укажување за емитување реклами финансирани од Буџетот на РМ, за Телевизија Канал 5 ДООЕЛ, Скопје.

## 3. ОПФАТ И МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА МОНИТОРИНГОТ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

***Опфат***

Со мониторингот на Советот за радиодифузија во првиот круг од изборите (од 2 до 20 март 2009 г.) беа опфатени 70 телевизиски и 70 радио сервиси, и тоа:

- три телевизиски и три радио сервиси на Јавниот радиодифузен сервис – МРТ;
- пет ТВ и три радио терестријални сервиси на државно ниво;
- осум од 16 сателитски ТВ сервиси на државно ниво (тие што започнаа со работа);
- десет ТВ и 14 радио сервиси на регионално ниво (радио сервисите Класик ФМ и Џез ФМ не се анализирани);
- 44 од 47 локални ТВ станици (во Кратово новата станица сè уште не работи, а за ТВ Ускана од Кичево и ТВ Аниса од Пласница не беа обезбедени надворешни соработници);
- 47 од 49 локални радио станици (за радио Микс 2008 од Пласница и за радио Лав од Охрид не беа обезбедени надворешни соработници) и
- 3 локални радио станици кои сè уште се во процес на трансформација од јавни претпријатија во трговски друштва (РА Штип, РА Кавадарци, РА Битола).

Во вториот круг (од 25 март до 3 април 2009 г.) беа опфатени:

- два телевизиски (МТВ1 и МТВ2) и два радио сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (Македонско радио – Прва програма и Каналот на етничките заедници);
- пет ТВ (А1, Сител, Канал 5, Телма и Алсат М) и еден радио (Канал 77) терестријални сервиси на државно ниво;
- шест сателитски ТВ сервиси на државно ниво (А2, Алфа, Канал 5 Плус, Сител 3, Наша ТВ и АБ Канал);
- осум ТВ сервиси на регионално ниво (Скајнет, Шутел, БТР, МТМ, Амазон, ЕДО, КРТ и ЕРА);
- еден радио сервис на регионално ниво (Радио Буба Мара);
- петнаесет ТВ сервиси на локално ниво (ТВМ, Морис и НТВ од Охрид; Орбис и Тера од Битола; Дуе и ТВ Чеграни Медиа од Гостивар; Кисс, Менада, Арт и Коха од Тетово; Здравкин и Канал 21 од Велес; и Ирис и Стар од Штип) и
- три радио сервиси на локално ниво (Радио Лав од Охрид и Радио Плус Форте и Радио Кисс од Тетово).

***Предмет на мониторингот***

Предмет на мониторингот беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерите во периодите претходно утврдени од Советот за радиодифузија. Сепак, во фокусот на анализата беа облиците на изборно медиумско претставување дефинирани во Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања. Тоа се: вестите, облиците на директен пристап на организаторите на изборна кампања до граѓаните, какви што се бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање и посебните информативни емисии, какви што се програмите за информирање на граѓаните за начинот и техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и информативно-политичките програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања.

***Цели на мониторингот***

Целта на проектот беше да се следи дали и колку електронските медиуми:

- ќе им овозможат на политичките партии и кандидати подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување за време на изборната кампања;
- ќе обезбедат правично, избалансирано и непристрасно медиумско претставување;
- ќе ги почитуваат правилата за емитување платено политичко рекламирање и воопшто, правилата утврдени со Законот за радиодифузната дејност, со Изборниот законик и со Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања.

Врз основа на одредбите за медиумско покривање на изборната кампања, со мониторингот требаше да се одговори на следниве конкретни прашања:

1. Дали во дневно-информативните емисии радиодифузерите обезбедуваат избалансирано известување за активностите на организаторите на изборната кампања?

2. Дали при известувањето во дневно-информативните емисии радиодифузерите ги почитуваат и другите правила утврдени во законската регулатива: за начинот на известување за редовните активности на органите на власта, за објавувањето резултати од испитувањата на јавното мислење, за одвојувањето и означувањето на коментарите и за забраната за емитување ’говор на омраза’.

3. Дали во посебните информативни емисии посветени на изборите радиодифузерите обезбедуваат избалансираност, еднаков пристап и рамноправен

медиумски третман на кандидатите за претседател, кандидатите за градоначалници и претставниците на организаторите на изборна кампања?

4. Дали радиодифузерите ги почитуваат правилата за емитување на облиците на директен пристап до публиката/гласачите – бесплатното претставување и платеното политичко рекламирање?

***Начин на реализација***

Активностите преземени во текот на мониторингот опфатија снимање, регистрирање и анализа на емитуваните програми на радиодифузерите за време на изборната политичка кампања, компјутерска обработка на податоците, анализа на добиените резултати, извлекување заклучоци и изготвување извештаи, регистрирање на прекршувањата и изрекување на пропишаните мерки, објавување на извештаите, заклучоците и мерките.

Кај телевизиите на државно ниво (терестријално и преку сателит) се анализираше програмата емитувана од 7 часот наутро до 1 часот по полноќ. Од дневно-информативните емисии се анализираа по две изданија емитувани меѓу 16:00 и 24:00 часот, во кои се концентрирани најмногу информации за изборната кампања. Кај радио програмските сервиси на државно ниво се анализираше периодот од 8 до 20 часот, со исклучок на Првиот сервис на Македонско радио, каде што се анализираше периодот до 24:00 часот. Во зависност од содржината на програмата, беа анализирани по две изданија на вести на РА Канал 77 и Првата програма на Македонско радио, односно по едно издание на програмата на Македонско радио посветена на етничките заедници.

Регионалните и локалните телевизиски сервиси се анализираа од 16:00 до 24:00 часот, а регионалните и локалните радио станици се анализираа во периодот од 09:00 до 18:00 часот. Од дневно-информативните емисии се следеше едно (централно) издание. Радиодифузерите на локално (и дел од радијата на регионално ниво) се анализираа со посебно подготвени прашалници кои ги пополнуваа надворешните соработници.

Истражувањето беше реализирано преку техниката анализа на содржина, со цел да се добијат квантитативни и квалитативни показатели за медиумското покривање на кампањата за локалните и претседателските избори. Се анализираа содржините на облиците на изборно медиумско претставување: (1) дневно - информативните емисии; (2) посебните информативни емисии (интервјуа, дебати, дуели, актуелно-информативни емисии и програми за информирање на граѓаните за начинот и техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право); (3) програмите што овозможуваат директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката, односно гласачите (бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање). Исто така, се анализираше содржината и на емисиите што не беа поврзани со изборите, а во кои учествуваа или се појавуваа организатори на изборна кампања или претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

## 1. *Известување за изборната кампања во дневно-информативните емисии*

Мониторингот на известувањето за изборната кампања во дневно-информативните емисии беше фокусиран на неколку прашања кои се регулирани со изборната регулатива. Првото прашање е избалансираноста во известувањето која се состои од квантитативен и квалитативен аспект. Квантитативниот аспект е поврзан со обемот или времето што радиодифузерот го одвојува во вестите за активностите на некој кандидат или организатор на изборна кампања, а квалитативниот со приодот или ’тонот на известувањето’.

Покрај избалансираноста, со мониторингот се следеа и други аспекти на известувањето, што се од големо значење за покривањето на изборната кампања и се исто така регулирани со изборната регулатива: за начинот на известување за редовните активности на органите на власта, за објавувањето резултати од испитувања на јавното мислење, за одвојувањето и означувањето на коментарите и за евентуалното емитување ’говор на омраза’.

### 1.1 *Квантитативни аспекти на избалансираноста*

Квантитативните аспекти на избалансираноста во дневно-информативните емисии (вестите) се дефинирани во член 15 и член 16 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања. За локалните избори: „...радиодифузерот е должен во дневно-информативните емисии да обезбеди избалансирано покривање на активностите на организаторите на изборната кампања, согласно со принципот на пропорционалност утврден во членот 6 од овој Правилник.“ (член 15); а за претседателските избори: “...радиодифузерот е должен во дневно-информативните емисии да обезбеди избалансирано покривање на активностите на организаторите на изборна кампања, согласно со принципот за еднаквост утврден во членот 6 од овој Правилник.“

Во членот 6 се утврдува дека избалансираноста во известувањето се обезбедува според „...принципот на пропорционалност за локалните и за парламентарните избори, според бројот на потврдени листи на кандидати за градоначалници, за членови на советите на општините или на кандидати за пратеници“ и според „принципот на еднаквост за претседателските избори, за сите кандидати за претседател.“

Ваквата дефиниција на избалансираноста подразбира дека кога станува збор за покривањето на кампањата за локалните избори, радиодифузерот не е должен да обезбеди еднакво време за сите организатори на изборна кампања. Бројот на изборни единици за локалните избори изнесува 85 (84 единици на локална самоуправа и градот Скопје како посебна изборна единица). Најверојатно е дека големите политички партии ќе имаат листи со кандидати за градоначалници и за членови на општинските совети во сите изборни единици, а помалите политички субјекти само во определен број.

Радиодифузерите на национално ниво кои одлучија да ја покриваат изборната кампања за локалните избори во дневно-информативните емисии, требаше да известуваат за активностите *на сите организатори на изборна кампања за локалните избори*, но притоа, во своите Правила за изборно медиумско претставување (член 9 став 2 од Правилникот) да определат колку време ќе одвојат за секој организатор на изборната кампања, врз основа на податоците за бројот на поднесени листи.

Радиодифузерите на регионално и на локално ниво кои ја покриваа изборната кампања за локалните избори во дневно-информативните емисии, требаше да известуваат за активностите на *сите организатори на изборна кампања кои имаат поднесено листи во изборната единица што ја покрива конкретниот радиодифузер*. И за нив важеше обврската во своите Правила за изборно медиумско претставување да утврдат колку време ќе одвојат за секој организатор на изборната кампања, врз основа на податоците за бројот на поднесени листи.

Што се однесува до покривањето на кампањата за претседателските избори, од одредбата од членот 6 на Правилникот јасно произлегува дека радиодифузерите треба да одвојат еднакво време во вестите за активностите на сите претседателски кандидати. Ова правило подеднакво се однесува на програмските сервиси што емитуваат програма на македонски јазик и на сервисите што емитуваат програми на јазиците на етничките заедници што живеат во Република Македонија.

Важно е да се нагласи и дека од радиодифузерите не се очекуваше да обезбедат избалансираност во известувањето за различните политички субјекти во секоја одделна дневно-информативна емисија, туку во текот на подолг временски период. Во Објаснувачкиот меморандум на Препораката (99) 15 на Советот на Европа, за мерките поврзани со медиумското покривање на изборните кампањи се утврдува дека „...овој принцип треба да се мери во однос на целиот програмски сервис на радиодифузерот во текот на определен временски период, а не во секоја одделна емисија. Радиодифузерите треба да обезбедат избалансираност и да ги претставуваат различните политички гледишта во текот на целиот период на кампањата.“

### *1.2. Известување за активностите на претставниците на власта*

Друг мошне важен аспект во мерењето на избалансираноста е времето што радиодифузерите го издвојуваат за редовните активности на претставниците на власта во периодот на изборната кампања. Во Препораката (99) 15 на Советот на Европа за мерките поврзани со медиумското покривање на изборните кампањи се утврдува дека „радиодифузерите не смеат да им даваат привилегиран третман на претставниците на власта во текот на дневно-информативните емисии.“

Кога една партија е дел од власта вообичаено е да добива поголемо медиумско внимание, бидејќи обврска на медиумите е да ги информираат граѓаните за редовните активности на власта, кои можат да вклучуваат официјални настани, седници на Владата или спроведување на политиката. Сепак, ваквите настани „...можат да бидат вистински и релевантни (како што се национални прослави или годишнини), вистински и маргинални (како што е отворање јавни објекти, како што се училишта, здравствени објекти и сл.) и псевдо-настани (намерно создадени пригоди од страна на власта со цел да се привлече поголемо медиумско внимание)[1].

Претставниците на власта работат во интерес на целата држава, но од друга страна тие се и претставници на политичките партии. Овој ’двоен идентитет’ особено доаѓа до израз за време на изборните кампањи, поради два значајни аспекта: (1) како да се обезбеди баланс меѓу остварувањето на правото на кандидатите и организаторите на изборна кампања на еднакви можности за пристап до медиумското претставување и правото и обврската на медиумите да известуваат за активностите на власта и (2) како да се обезбеди еднаков медиумски третман на кандидатите и организаторите на изборна кампања, ако се знае дека контекстот на известувањето за активностите на власта најчесто е позитивен поради самиот карактер на настаните за кои се известува (на пример, значаен меѓународен настан, официјални средби, седници и сл.).

Покрај тоа, според искуството од набљудувачките мисии на ОБСЕ/ОДИХР, „...претставниците на власта можат да се обидуваат да ја прикријат изборната кампања или политичката пропаганда во рамките на нивните институционални активности или кампањи за информирање на јавноста. Не е ретко, во текот на изборните кампањи да се видат министри кои отвораат јавни објекти, држат говори пред студенти, организираат меѓународни собири или промовираат нови програми за зависници од дрога со цел да привлечат дополнително медумско внимание.“

Поради тоа, медиумите треба да бидат упорни и конзистентни во обидот да ги разликуваат редовните активности на претставниците на власта од активностите што тие ги водат како претставници на политичките партии во текот на изборната кампања. Според насоките дадени во европските документи, во изборната регулатива на земјите-членки треба да се внесат одредби со кои ќе се обезбеди на претставниците на власта да не им се дава привилегиран третман во медиумското известување. Со ваквите одредби треба да се предвидат мерки, како што се: забрана за известување од официјални свечености во периодот на изборна кампања, овозможување право на одговор на опозициските партии на

[1] *Насоки за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите* изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија, достапно на http://www.venice.coe.int/docs/2005/CDL-EL(2005)043-e.asp

’информации од јавен интерес’, воспоставување соодветни пропорции во известувањето за власта, за партиите на власт и за опозициските партии во рамките на вестите и информативните програми и сл.

Во Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања усвоен од Советот за радиодифузија („Службен весник на РМ“ бр.7/2009) е внесена одредба (член 18) во која се утврдува дека „во дневно-информативните емисии емитувани за време на изборната кампања и во периодот на изборниот молк, известувањето за редовните активности на органите на власта, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, *не смее да биде во функција на изборната кампања*.“ Ова значи дека медиумите за време на изборната кампања можат да известуваат за редовните активности на органите на власта, но притоа да внимаваат начинот на известување да не биде во функција на изборната кампања на партиите во власта. Исто така, ова подразбира дека имаат и право и обврска да ги селектираат и да ги исклучуваат т.н. ’псеудо-настани’ од известувањето.

Тргнувајќи од наведените европски насоки, во мониторингот на дневно-информативните емисии *се мереше и вкупното време што медиумите го издвојуваа за сите активности на власта*, со цел да се добие целосна слика за тоа во кој обем власта е присутна во дневно-информативните емисии. Прилозите во кои се појавуваа претставници на власта беа поделени во две категории: редовни активности на органите на власт и активности на органите на власт искористени во функција на изборната кампања на партиите во власта. Советот постапуваше само во ситуациите кога при известувањето за активностите на власта јасно се забележуваше ’фаворизирачки’ или ’позитивен’ тон на медиумот.

### ***1.3. Квалитативни аспекти на избалансираноста***

Собирањето податоци за квантитетот на известувањето посветено на различни политички субјекти не дава целосна слика за плурализмот што го претставуваат медиумите. Јавната претстава за политичките партии, кандидати или лидери не се обликува само преку обемот на времето што им се доделува, туку и преку начинот на кој тие се претставени. Во *Насоките за покривање на изборите од страна на радиодифузните медиуми во транзициските демократии* на меѓународната организација која води глобална кампања за слобода на изразувањето „Article 19“[2] се вели: „Најчест проблем во врска со покривањето на изборите (од страна на радиодифузните медиуми) во транзициските демократии е неизбалансираното известување за политичките партии и кандидатите како во

[2] Guidelines for Election Broadcasting in Transitional Democracies, Article 19, Global Campaign for Free Expression, достапно на http://www.article19.org/pdfs/tools/electionbroadcastingtrans.pdf

квантитативна, така и во квалитативна смисла. Мошне често се случува владејачката партија да добие значително повеќе време од опозициската. Во исто време, владејачката партија може да биде претставена во диспропорционално фаворизирачка светлина, додека опозицијата е претставена негативно." (стр. 35).

Исто така, во Насоките на „Article 19" се нагласува и следново: „Во некои случаи степенот на неизбалансираност во известувањето подразбира свесен обид на медиумите да влијаат врз исходот на изборната кампања. Ова е најочигледно кога стандардите за објективно известување се прекршуваат до степен што вестите и информативните програми се користат за манипулирање со мислењето на гласачите." (стр.36).

Тргнувајќи од ова, во мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии беа анализирани и одделни квалитативни аспекти на избалансираноста. Елементите што беа основа за оценка на квалитетот на известувањето се преземени од *Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите,* изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија.

Овие елементи во мониторингот се операционализирани на следниов начин:

- Експлицитна оценка на новинарот за релевантниот субјект;
- Рамката во која се информира за релевантниот субјект. Рамката ја претставува вредноста на новинарскиот прилог во рамките на кој се известува за субјектот, односно контекстот на известувањето. Поимот за 'врамувањето' не е поврзан со вистинитоста или невистинитоста на контекстот, туку со светлината што тој контекст ја фрла врз субјектот. Постојаното известување за еден политички субјект во проблематичен контекст (на пример, настани со насилство, покренати постапки за корупција итн.) во текот на изборната кампања може да укажува на намера субјектот да и се претстави на јавноста во негативен контекст;
- Манипулативната употреба на филмови, слики и звуци: се однесува на конзистентно користење агол на снимање со кој толпата луѓе присутни на собирите на одделни партии или кандидати се прикажува да изгледа поголема отколку што реално е, додека, пак, со аголот на снимање на собирите на други организатори на кампања се прикажува да изгледа дека се присутни помалку луѓе. Други слични примери се: емитување филмски снимки што не кореспондираат со настанот за кој се известува, со цел да се фаворизираат одделни партии или кандидати; користење придружни музички или визуелни ефекти кои му даваат предупредувачки, сатиричен, патриотски или оптимистичен тон на прилогот и употреба на манипулативни тонови на гласот или сарказам од страна на новинарите и презентерите;

- Изборот на зборови (или реченици) кога се известува за политичките субјекти или кога се презентираат информациите: на пример, провладините медиуми може во прилогот да го пуштат премиерот со директна изјава за нешто, додека претставникот на опозицијата само да го цитираат;
- Почитувањето на основните професионални новинарски стандарди при известувањето и
- Тонот на известувањето кој се мери на скала од пет вредности (многу негативен, негативен, неутрален, позитивен, многу позитивен) или од три вредности (позитивен, неутрален, негативен).

### *1.3.1. Други квалитативни аспекти на известувањето*

*Објективно и точно известување.* Оценката на ’тонот’ на известувањето покажува дали ставот на медиумот кон конкретниот политички субјект е позитивен, негативен или неутрален. Меѓутоа, ова не е доволно за да се оцени дали медиумот известува објективно и точно. Континуираното неточно известување е еден од најсериозните недостатоци во медиумското покривање на кампањата што може да се утврди само со помош на сеопфатна квалитативна анализа, која подразбира посложени методолошки постапки (на пример, споредба на известувањето со реалните настани или следење на известувањето на еден ист настан на повеќе медиуми).

Објективното известување спаѓа во темелните принципи на професионалното новинарско известување и како такво, не е предмет на законската регулатива за покривање на изборите. Овие аспекти навлегуваат во етичките и професионалните стандарди и затоа се регулираат со новинарските кодекси односно со саморегулативата. Оттаму, иако со мониторингот на Советот за радиодифузија можат да се добијат извесни квалитативни сознанија за објективноста во известувањето, тие не можат да се користат како основа за постапување на Советот за радиодифузија, туку само како дополнителна индикација при градењето на оценките за избалансираноста во известувањето.

*Коментари во дневно-информативните емисии*. Со член 3 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување се утврдува дека радиодифузерите кои ја покриваат кампањата се должни „...тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма“. Покрај тоа, во член 17 од Правилникот се утврдува дека „коментарите во врска со изборната кампања емитувани во дневно-информативните емисии мора да бидат одвоени како посебни аудиовизуелни целини и да бидат означени или со името и презимето на авторот или како редакциски коментар. Една новинарска вест или извештај треба да се состои само од факти и податоци, додека редакцискиот коментар подразбира изнесување на мислењето, идеите и ставовите на редакцијата, уредникот или новинарот. Оваа дистинкција е особено важна во известувањето

за изборната кампања за да може публиката јасно да разликува што е информација, а што коментар.

*Известување за анкетите на јавното мислење.* Известувањето за анкетите на јавното мислење поврзани со рејтингот на партиите и кандидатите и можноста за победа на претстојните избори е прашање од посебно значење во периодот на изборната кампања. Емитувањето на прилозите во кои се објаснуваат резултати од анкетите може некогаш да има цел манипулирање со мислењето на гласачите, особено кога анкетите се нарачани или спроведени од организации кои се пристрасни. Поради тоа, анкетите на јавното мислење врз основа на кои се утврдуваат рејтинзи и се прават проекции за исходот од изборите треба да се спроведени на научна основа, врз основа на репрезентативен примерок од испитаници, од страна на независни истражувачки организации или институти. Известувањето за резултатите од анкетите мора да биде објективно и непристрасно и да ги содржи сите неопходни елементи за да може публиката да ја процени нивната веродостојност.

Врз основа на меѓународните стандарди и правила, во членовите 35, 36 и 37 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување се утврдени условите под кои медиумите можат да објавуваат резултати од испитувања на јавното мислење. Во член 35 се утврдува дека радиодифузерите се должни да го наведат следното: името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата која го извршила истражувањето, применетата методологија, показателите за големината и структурата на испитаниот примерок и датумот, односно периодот кога е спроведено истражувањето. Во членот 36 се утврдува дека резултатите од анкетите можат да се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите и дека резултатите од анкетите спроведени на денот на изборите не можат да се објавуваат до завршувањето на гласањето, односно пред 19:00 часот. Исто така, радиодифузерите не смеат да објавуваат резултати од „ненаучни и нерепрезентативни испитувања на јавното мислење, како што се гласање на гледачи или на слушатели преку телефон (телевоутинг), анкети спроведени на интернет и сл.“ (член 37 од Правилникот).

*Говор на омраза.* Во текот на мониторингот предмет на набљудување беше и појавата на евентуален ’говор на омраза’ во известувањето за изборната кампања. Воздржувањето од употребата на каков било говор на омраза спаѓа во основните новинарски стандарди, но исто така е регулирано и со меѓународните стандарди и делумно со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

Општите принципи со кои се дефинира говорот на омраза се јасно утврдени во меѓународните конвенции и повелби. Во Препораката (97) 20 на Советот на Европа, под терминот ’говор на омраза’ се опфатени „...сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза, засновани врз нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон

малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло.“ Оттаму, директните повикувања на насилни дејства треба експлицитно да се забранат во законската регулатива на секоја земја-членка. Иако одговорноста за ваквите изјави во крајна линија е на поединецот или политичкиот субјект кој ја дава изјавата, сепак, медиумот треба да известува професионално, односно да ја смести изјавата во соодветен контекст и јасно да покаже дека не ја поддржува. Ова значи дека медиумите треба да се сметаат за одговорни тогаш кога ги емитуваат ваквите изјави без да ги избалансираат на начин што ќе го обезбедат и спротивставеното гледиште или ќе дадат соодветно контекстуално објаснување кое ќе го намали нивниот ефект. Имајќи го предвид ова, „медиумите би требало да ја одбијат секоја отворена или прикриена изјава на нетолеранција и внимателно да размислат дали објавувањето на таа изјава може да води кон навреда и потсмев засновани врз полова, расна, јазична, верска, национална, етничка, социјална или друга припадност.“[3]

Законските одредби за говорот на омразата треба да се утврдени, имајќи ја предвид специфичната ситуација на секоја земја: на пример, во постконфликтните подрачја можат да се наложат построги ограничувања со цел да се избегнат нови тензии меѓу заедниците. Според тоа, при дефинирањето на говорот на омразата треба да се има предвид конкретниот општествен контекст и потенцијалното влијание на пораката врз публиката.

Одредби со кои се забранува ’говорот на омразата’ се вградени и во член 69 од Законот за радиодифузната дејност: „...не се дозволени програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост.“

Еден од најголемите проблеми во текот на изборните кампањи е мерката во која треба да се забрани говорот на омразата. Се препорачува да се поставаат минимални граници за индивидуалната слобода на изразување, бидејќи изборната кампања е момент кога е неопходно да се чујат најразлични мислења и гледишта, па дури и кога се изразени на поагресивен начин. Ова отстапување од редовните правила во поглед на ’говорот на омразата’ се оправдува со краткото траење на изборната кампања и фундаменталното значење на слободата на политичката дебата како услов за слободни и фер избори. Оттаму, се препорачува медиумите да бидат ослободени од одговорност за оној ’говор на омраза’ што е составен дел на кампањата што ја водат политичките субјекти, но кој не претставува директно повикување на насилство или на уривање на уставниот поредок, или поттикнување

---

[3] *Насоки за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите* изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија, достапно на http://www.venice.coe.int/docs/2005/CDL-EL(2005)043-e.asp

национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост. Препораката медиумите да бидат ослободени од одговорноста за емитувањето различни видови меѓусебни обвинувачки пораки на политичките субјекти (навреда, клевета и сл.) се заснова врз досегашното искуство и судската пракса, според кои, употребата на вакви изјави се смета за адекватна во политичкиот контекст, а особено поради постоењето на можноста да се оствари правото на одговор или исправка на ваквите изјави.

Според тоа, врз основа на мониторингот на дневно-информативните емисии, Советот за радиодифузија постапува во случаите кога медиумите јасно ќе го прекршат членот 69 од Законот за радиодифузната дејност, односно кога ќе емитуваат изјави на претставници на изборна кампања или на кандидати со кои експлицитно или имплицитно се повикува на насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост, *без притоа да се оградат или да ја контекстуализираат изјавата*. Притоа, оценката на овој квалитативен аспект на известувањето се гради врз основа на суптилна квалитативна анализа на конкретната соржина (изјава, порака или сл.), при што се има предвид контекстот во кој е искажана, меѓународните стандарди и одредбите утврдени во изборната регулатива и во Законот за радиодифузната дејност.

### *1.4. Методи за анализа на избалансираноста во дневно-информативните емисии*

Избалансираноста во известувањето се оценуваше од квантитативен и квалитативен аспект. Квантитативната анализа подразбира мерење и категоризирање (кодирање) на прилозите поврзани со изборната кампања и на прилозите за активностите на органите на власта во периодот на изборната кампања и нивно внесување во посебен софтвер за обработка на податоците. По контролата на внесените податоци, се применуваат постапки на статистичка анализа со цел да се добијат вкрстени податоци за времето што радиодифузерите го одвоиле на различните кандидати, односно организатори на изборна кампања.

Начинот на следење на медиумското покривање на кампањата во дневно-информативните емисии беше приспособен кон спецификите на оваа изборна кампања. Имено, сите организатори на изборна кампања што имаа свои кандидати и за претседателските и за локалните избори, кампањата ја водеа истовремено и за двата изборни процеса.

Во методот на анализа што беше применет во мониторингот на Советот за радиодифузија, како основа за оценка на избалансираноста беа земени пред сè прилозите во вестите кои се однесуваа на кампањата - конвенции, митинзи, средби, прес-конференции и сл. Притоа, времето на прилозите во кои се појавуваат политичките партии и коалиции заедно со нивните претседателски кандидати беше поделено на две еднакви половини –

половина од времето за кандидатот за претседател и половина од времето за организаторот на изборна кампања. Ваквата постапка беше применета со цел да се добие барем приближно реална претстава за избалансираноста во покривањето на претседателските кандидати, бидејќи независниот кандидат за претседател Љубе Бошковски водеше кампања која се однесува само за претседателските избори. Поради тоа, вкупното време што го добил секој претседателски кандидат (кој водел изборна кампања заедно со политичка партија или коалиција) е пресметано како збир од целото времетраење на прилозите во кои претседателските кандидати се појавиле самостојно и половина од времетраењето на прилозите во кои претседателските кандидати се појавиле заедно со политичките партии.

Организаторите на изборната кампања, кандидатите за претседател и одделни политички партии повремено се појавуваа како субјекти и во други медиумски прилози кои не се однесуваат на нивна активна кампања, туку прилози кои претставуваат редакциски осврти на изборната кампања (на пример, репортажите на ТВ Алфа за сите поголеми општини), редакциските прилози и кратки коментари во кои се критикуваат кандидатите, политичките партии или претставниците на власта, прилозите со анкети од испитување на јавно мислење и др.

Покрај активностите на организаторите на изборна кампања и на кандидатите за претседател, со мониторингот беше опфатено и медиумското покривање на активностите на органите на власта (Претседателот на РМ, Собранието, Владата и локалната власт). Прилозите во кои се појавуваат претставниците на власта беа поделени во две категории: редовни активности на органите на власт и активности на органите на власт кои се во функција на изборната кампања.

Во методот на анализа беше вклучена и оценка на 'тонот на известувањето', како квалитативен аспект на анализата. 'Тонот на известувањето' се мереше на скала од три степени: позитивен, неутрален и негативен. Оваа оценка беше употребена само во случаите кога новинарот или уредникот користеа експлицитни зборови или реченици со кои изразуваат очигледен позитивен или негативен став кон конкретен политички субјект.

Како квалитативен аспект на избалансираноста, се мереше и бројот на директните обраќања и нивното вкупно времетраење што радиодифузерот им ги овозможил на организаторите на изборна кампања, кандидатите за претседател или на претставниците на власта.

Другите квалитативни аспекти на известувањето (употребата на коментари во вестите, начинот на известување за резултатите од анкети на јавното мислење, употребата на 'говор на омраза' и др.), исто така се оценуваа со помош на постапки на квалитативна анализа на содржина.

Се анализираа по две изданија на вестите, со исклучок на радио и ТВ програмите на турски јазик на Јавниот радиодифузен сервис каде што е анализирано едно издание на вестите.

### *2. Покривање на кампањата во посебните информативни програми*

Во Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување, како посебни информативни програми се дефинирани: (1) програмите наменети за информирање на граѓаните за начинот и техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право; и (2) информативно-политичките програми (интервјуа, дебати и ТВ/радио соочувања).

Емитувањето на првата категорија информативни програми е посебна обврска на Јавниот радиодифузен сервис што произлегува од одредбите на Законот за радиодифузната дејност (членови 80, 120, 121 и 122) и од член 13 на Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување.

За интервјуата, дебатите и соочувањата важи обврската за обезбедување еднакви услови за пристап, избалансираност и еднаков медиумски третман утврдени во членовите 4, 6 и 32 од Правилникот. Притоа, обврската за еднаков пристап и за избалансираност не се однесуваат на секоја поединечна емисија, туку на серијата интервјуа, дебатни емисии или соочувања што радиодифузерот ќе ги организира во текот на изборната кампања. За локалните избори, еднаквиот пристап и избалансираноста треба да се обезбедат врз основа на принципот на пропорционалност, според бројот на потврдени листи на кандидати за градоначалници и за членови на Советите на општините. За претседателските избори важи правилото за еднаков пристап на сите кандидати. Меѓутоа, и во едниот и во другиот случај, радиодифузерот не се смета за одговорен доколку уредно ги поканил кандидатите односно претставниците на изборната кампања да учествуваат во програмата, а тие самите не го искористиле правото на пристап. Во таквите случаи, радиодифузерот треба тоа јасно да го нагласи во текот на емитувањето на ваквите информативни програми.

Согласно со член 34 од Правилникот, посебните информативни програми, односно интервјуата, дебатите и соочувањата не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање. Посебните информативни програми се облици на медиумско претставување кои се под уредувачка контрола на радиодифузерот и оттаму, не смеат да се користат во форма на платено политичко рекламирање првенствено поради професионалните и етичките аспекти на новинарството. Во новинарските форми на покривање на кампањата, улогата на новинарот не може да се сведе на формална улога на 'презентер' или 'модератор', во интерес на одделен политички субјект, а особено ако тие форми се платени. Напротив, улогата на новинарот, имајќи ги предвид интересите на граѓаните, ставовите на тие политички субјекти, е да ги разоткрива и да ги изложува на критичкото око на јавноста.

### *3. Облици на директен пристап до публиката/гласачите*

За облиците на директен пристап до гласачите (бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање) е карактеристично тоа што кандидатите

или претставниците на организаторите на изборна кампања директно ги соопштуваат своите политички пораки до гласачите без уредувачка интервенција на новинарот или радиодифузерот. Правото на директен пристап до медиумите „...е суштествен аспект на слободата на политичка комуникација во контекст на огромното влијание што радиото и телевизијата го имаат врз јавното мислење.“[4] Согласно со Насоката број 9 на „Article 19”, времето за директен пристап на политичките партии и кандидатите треба да се доделува врз „...фер и недискриминаторска основа“.

Во Правилникот за рамноправен пристап во медиумкото претставување за време на изборната кампања, правилата за емитувањето на облиците на директен пристап се уредени со одредбите од член 19 до член 31:

- во облиците на директен пристап не е дозволено учество на малолетници;
- во облиците на директен пристап не се дозволени пораки насочени кон насилно уривање на уставниот поредок, поттикнување на воена агресија или разгорување национална, расна, полова или верска омраза или нетрпеливост;
- јавниот сервис е должен да обезбеди бесплатно претставување согласно со принципите на пропорционалност (за локалните избори), односно еднаквост (за претседателските избори), утврдени во членот 6 од Правилникот;
- трговските радиодифузни друштва се должни да ги почитуваат овие принципи, доколку се определат да емитуваат бесплатно политичко претставување;
- датумот и редоследот на емитувањето на бесплатното претставување радиодифузерите треба да го утврдат со ждрепка;
- бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено;
- Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање;
- трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат најмногу 15 минути платено политичко рекламирање (ППР) на еден реален час, при што на еден организатор на кампања смеат да му доделат најмногу 10 минути; радиодифузерите не смеат да го собираат ова време и да го емитуваат во големи блокови;
- времето за економски маркетинг, дозволено согласно со Законот за радиодифузната дејност, не може да се пренамени во време за политичко рекламирање;

[4] Guidelines for Election Broadcasting in Transitional Democracies, Article 19, Global Campaign for Free Expression, достапно на http://www.article19.org/pdfs/tools/electionbroadcastingtrans.pdf

- ППР не смее да се емитува во дневно-информативни емисии, детски, училишни и образовни програми, директни преноси од вроски, спортски, културни, забавни и други настани и во посебни информативни програми;
- платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено;
- во рамките на сите облици на ППР мора јасно да биде наведен нарачателот;
- цените на радиодифузерите за времето за ППР мора да бидат еднакви за сите организатори на изборната кампања.

***Изборен молк***

За време на изборниот молк (21 март 2009 година од 00:00 часот до 22 март 2009 година до 19:00 часот, односно 4 април од 00:00 часот до 5 април во 19:00 часот) се снимаа и се набљудуваа програмите на сите анализирани медиуми. За сторените прекршувања на изборниот молк, Советот поведе прекршочни постапки пред надлежниот суд.

***Човечки ресурси за реализација на мониторингот***

За потребите на овој мониторинг беа ангажирани вработените во Стручната служба на Советот и 87 надворешни соработници. Соработниците беа ангажирани согласно со Законот за привремени вработувања. Основните услови за избор на соработници беа: да имаат завршено најмалку средно образование, да не се членови на политичка партија и да не се вработени во електронски медиум (прилог: изјава) и да поседуваат опрема за аудио/видео снимање на програмите. Пред започнување на кампањата, за избраните соработници беше организирана обука за Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања.

## 5. СОГЛЕДУВАЊА ВО ОДНОС НА МЕДИУМСКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Успешно завршена задача во креирањето демократски изборен амбиент - тоа е генералната, конечна оценка за општиот придонес на македонските електронски медиуми во покривањето на претседателските и локалните избори во 2009 година, меѓутоа, погледнато принципиелно, значи стриктно според изборната и специфичната медиумска законска регулатива, неодминлива констатација е дека поради низа фактори, електронските медиуми кои се одлучија да ја покриваат изборната кампања - не успеаја до крај и детално да ги испочитуваат пропишаните обврски. Сигурно еден од највлијателните фактори што го релативизира успехот на предизборниот медиумски ангажман е спецификата на овој изборен процес. За првпат во период од 20 дена паралелно се одвиваше кампања за претседателските и за локалните избори. Оттаму, одлуката кон што попрво да се ориентираат медумските политики беше ставена пред крстопат – на кои предизборни активности да им се даде приоритет и на кој начин новинарски да бидат третирани?

**Вестите** беа најчесто користена категорија програма за покривање активности за време на изборната кампања и за претседателските и за локалните избори: информативните редакции на 49 телевизиски програмски сервиси (12 со национален – земски или сателитски опсег; 5 регионални и 32 локални) и на 20 радио програмски сервиси (4 со национален опсег и 16 локални) се ангажираа да го претставаат политичко-партиskиот предизборен ангажман.

**Бесплатното политичко претставување** како опција го понудија 12 телевизиски програмски сервиси (МТВ1 и 11 приватни локални станици) и 5 радио сервиси (Првиот сервис на Македонското радио, Каналот на етничките заедници – програмите на турски и на ромски јазик и 3 локални радиостаници).

**Дебатите** како простор за соочување на политички ставови во овој изборен процес ги отворија 7 радио сервиси (три на државно ниво, две регионални и 2 локални радиостаници), и 26 телевизиски програмски сервиси (9 со национален опсег, 2 со регионален и 15 со локален опсег на гледаност).

**Интервјуата** како непосреден пристап на политичката понуда до гласачкото тело, се евидентирани на 37 телевизиски сервиси (11 национални, 5 регионални и 21 локални) и на 9 радио сервиси (4 национални и 5 локални).

**Информативните програми**, кои низ аналитички пристап се обидоа да ги прикажат аспектите на предизборната кампања, се појавуваат кај 3 радио сервиси (2 со национален и едно со локален опсег на слушаност) и кај 22 телевизиски сервиси (7 национални, 2 регионални и 13 локални).

**Програми кои не беа директно поврзани со изборите**, односно – главно забавни програми за кои беше интересно да ги презентираат политичките кандидати вон нивниот

стриктно политички профил, мониторингот евидентираше на 8 телевизиски сервиси (6 национални, 1 регионална и 1 локална).

**Платено политичко рекламирање**, составено главно од политички изборни спотови, снимки од митинзи на политичките субјекти, или пак, химни на политичките партии, бележиме кај 55 телевизии (9 национални, 7 регионални и 39 локални) и кај 54 радија (3 национални, 8 регионални и 43 локални).

***МРТ – Јавен радиодифузен сервис***

Во однос на вестите, заклучок е дека програмската политика на МТВ 1 од првиот до вториот изборен круг варираше од - релативно избалансирано покривање на кампањата за претседателските кандидати и за кандидатите на локалните избори, до - релативно неизбалансирано покривање на кампањата за двајцата кандидати за претседател: Ѓорге Иванов, кандидатот на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и за Љубомир Фрчкоски, кандидатот на коалицијата на СДСМ, односно релативна избалансираност само во покривањето на кампањата на двете најбројни коалиции од македонскиот политички блок за локалните избори.

Во првиот изборен круг информативната редакција на МТВ 2 – Програма на албански јазик, релативно избалансирано ја покриваше кампањата на сите претседателски кандидати. При покривањето на кампањата за локалните избори, пак, повеќе време отстапи за кампањата на политичките партии од албанскиот политички блок, односно - не обезбеди избалансирано покривање на кампањата согласно со принципот на пропорционалност. Во вториот изборен круг забележлив беше малиот обем информации за кампањата на двајцата претседателски кандидати Иванов и Фрчкоски, а им беше отстапено речиси еднакво време за медиумска презентација. При покривањето на кампањата за локалните избори релативна избалансираност е остварена само за коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, но, споредбено, значително повеќе време е отстапено за кампањата на ДУИ.

Во првиот изборен круг на МТВ 2 – Програма на турски јазик бележиме мал обем информации воопшто за изборната кампања, времето отстапено за сите претседателски кандидати е релативно избалансирано, но при покривањето на кампањата за локалните избори повеќе внимание им е посветено на активностите на партиите на Турците во Република Македонија. Споредбено, времетраењето на предизборните прилози за вториот изборен круг уште повеќе се намали, а може да се каже дека беше избалансирано и во поглед на кампањата за претседателските и за локалните избори.

МТВ 1 емитуваше една дебатна емисија со единаесеттемина кандидати за градоначалник на Скопје, и тоа за време на првиот изборен круг, додека до крајот на изборниот процес беа реализирани уште три дебатни емисии, меѓутоа, главно, со експерти кои немаат непосреден партиски ангажман, а се занимаваат со анализа на актуелните

општествени процеси. МТВ 1 во вториот изборен круг организираше предизборен дуел Иванов - Фрчкоски, противкандидатите за претседател на државата, потоа репризиран трипати. Соочувањата на изборните платформи за развој на локалната самоуправа главно беа организирани меѓу кандидатите за градоначалници од двете македонски политички коалиции (на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ) за Велес, Гевгелија и за Кисела Вода. МТВ 2 на албански јазик, пак, во првиот круг емитуваше 17 дебатни емисии, шеснаесет со кандидатите за градоначалници исклучиво од албанскиот политички блок, а една дебатна емисија е реализирана со претставници од поголемите партии од албанскиот политички блок – ДУИ, ДПА, ПДП и Нова Демократија. Во вториот изборен круг, за оваа редакција беше интересен и ставот на пошироката експертска албанска политичка јавност во врска со изборните очекувања.

Во интервјуата, како можност за поширока општествена промоција на предизборните платформи, принципот на еднаквост за сите седуммина претседателски кандидати го реализираа МТВ 1 и МТВ 2 -Редакција на албански јазик, но при промоцијата за локалните избори МТВ 1 отвори простор за поширок општествен разговор само за претендентите за градоначалник на Скопје. Турската редакција на МТВ 2 не се придржуваше до овие предизборни правила и реализираше интервјуа исклучиво со кандидати за советници и за градоначалници само од партиите на турската етничка заедница.

Бесплатно претставување беше емитувано само на МТВ 1, а можност за директен пристап до гласачите им беше дадена на сите кандидати за градоначалници на општините.

Новинарски портрети на претседателските кандидати, евидентирани како друг вид информативна програма, беа реализирани на МТВ 1, а дел од информативната програма беше искористен и за презентација на експертски ставови или за технички информации во врска со процесот на гласањето.

Генерална оценка е дека во вестите за првиот круг од изборите, Македонското радио – Прва програма (Радио Скопје), изборната кампања за претседател на државата ја покриваше со - релативна избалансираност, додека при покривањето на активностите на кандидатите за градоначалници и за советници на локалните избори - не успеа да обезбеди соодветна избалансираност согласно со принципот на пропорционалност. Во вториот изборен круг МР 1 релативно избалансирано ја покриваше кампањата на двајцата претседателски кандидати: Ѓорге Иванов (ВМРО-ДПМНЕ) и Љубомир Фрчкоски (коалиција на СДСМ). Во однос на локалните избори, информативен баланс постигна само при покривањето на активностите на кандидатите за градоначалници на коалициите од македонскиот политички блок. Релативна неизбалансираност при покривањето на активностите и за претседателските и за локалните избори, стои како констатација за информативната редакција на МР - Програма на албански јазик од Каналот на етничките заедници, додека Програмата на турски јазик и во двата изборни круга емитуваше мошне мал обем информации за изборната кампања кои методолошки не претставуваат доволен квантум за релевантна анализа.

Во однос на дебатните емисии, заклучок е дека МР 1 го реализираше принципот на еднаквост при претставувањето на претседателските кандидати, меѓутоа при организацијата соочувања за локалните избори, исклучиво се посвети на кандидатите за градоначалник на Скопје. Во вториот изборен круг МР 1 вршеше директен пренос од ТВ-дуелот Иванов – Фрчкоски, претенденти за претседател на државата, емитуван на МТВ 1. Иако за промоција на политичките агенди за локалните избори МТВ 2 – Редакција на албански јазик емитуваше дури единаесет дебатни емисии, сепак, не може да се рече дека го испочитува правилото на пропорционална медиумска застапеност во овој медиумски облик, затоа што емитуваните соочувања главно за гости ги имаа кандидатите за градоначалници претставници на политичките партии од албанскиот политички блок. Истата констатација важи и за непринципиелноста на МТВ 2 – Редакција на турски јазик, затоа што не ја испочитува пропорционалноста во однос на претставување на кандидатите за локалните избори, со тоа што реализираше соочувања исклучиво меѓу претставници на трите турски политички партии во државава.

Кај интервјуата, МР 1 го задржа принципот на еднаквост само во претставувањето на претседателските кандидати. Принципот на еднаквост го испочитува и Програмата на албански јазик, додека редакцијата на турски јазик на гласачкото тело му овозможи преку интервјуа да се запознае исклучиво со ставовите на политичките претставници од турската етничка заедница.

Законски задолжителното - бесплатно претставување на политичките платформи, го бележиме кај МР 1, потоа во Програмата на турски јазик и во Програмата на ромски јазик. Меѓутоа, до принципот на еднакви медиумски услови во овој облик на политичка промоција се држеше само МР 1, со тоа што непосреден пристап до гласачите им овозможи и на кандидатите за градоначалници на општините и на кандидатите за градоначалник на Скопје. Програмата на турски јазик не се придржуваше до принципот на еднаквост при бесплатното политичко промовирање на кандидатите за претседател, затоа што отстапи време само за четворица од седумтемина кандидати, а овој принцип го занемари и Програмата на ромски јазик, која бесплатни медиумски минути им овозможи само на тројца политички претставници од ромската етничка заедница непосредно вклучени во локалните избори.

### *ТРД НА ДРЖАВНО НИВО*

Релативна избалансираност во известувањето - тоа е највисоката оценка која во текот на двата изборни круга успеаја да ја постигнат петте комерцијални телевизии и радиото Канал 77, единственото од трите комерцијални радија со национален сигнал кое новинарски се вклучи во проследување на изборниот процес. Релативизацијата на објективното новинарско остварување на законските обврски за време на изборна кампања, покрај нескриената политичка тенденција на одредени медиумски политики во предизборието, како субјективен фактор, несомнено се должи и на сложен комплекс објективни фактори (на пример, недоразвиена дописничка мрежа за ажурирање на информациите од изборниот

процес разгранет низ целата држава; различен степен на релевантна пропагандна активност на актерите во предизборието; информативна блокада од страна на самите организатори на изборната кампања и др.). Треба да се истакне дека медиумите се потрудија преку критички соочувања на пошироката домашна и меѓународна експертска јавност да ги продлабочат согледбите за важноста, за потенцијалниот развој и за ефектите од изборниот процес,

Во првиот круг Телевизија А1 во вестите, како централна информативна програма, постигна релативна рамнотежа во квантумот прилози за сите претседателски кандидати. Во овој период беше постигнат релативен баланс во остварувањето на принципот на пропорционалност за учесниците во локалните избори, но сепак, принципот беше нарушен во вториот изборен круг, со оглед на фактот дека Телевизијата главно се насочи кон известување за активностите на двете најголеми политички коалиции на македонските партии – СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, со извесна информативна предност за опозицијата. Слични се и заклучоците во врска со информативната насоченост и на ТВ Телма, ТВ Канал 5 и на ТВ Алсат-М. Меѓутоа, за разлика од оваа релативно урамнотежена информативна тенденција, ТВ Сител покажа негативен тренд, особено во првиот круг на изборите, затоа што во врска со претседателските избори исклучиво известуваше за кампањата на двајцата кандидати на македонските политички коалиции, Иванов и Фрчкоски, а видлива неизбалансираност покажа при покривањето на локалните избори, каде што главно беа покривани активностите на владејачката коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, помалку оние на опозициската коалиција на СДСМ, а исклучително малку предизборната агитација на албанскиот политички блок.

Заклучок е дека особено во раната фаза од првиот круг на изборите, сите комерцијални телевизии со национален сигнал успеаја преку дебати и интервјуа релативно рамномерно да ги презентираат предизборните платформи на кандидатите за претседател. Меѓутоа, кога во вториот круг резултатите се издиференцираа, принципот на еднаква застапеност во интервјуата и во дебатите стана медиумски неодржлив од повеќе објективни причини – на пример, поради одлуката на Ѓорге Иванов, кандидатот на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, да одбива медиумско соочување со противкандидатот Љубомир Фрчкоски, адутот на опизициската коалиција на СДСМ. Во однос на покривањето на локалните избори преку интервјуа и дебати, заклучокот е дека принципот на пропорционалност повторно е само релативно почитуван, ако се има предвид дека полемичките соочувања претежно беа организирани или меѓу кандидатите за градоначалник на Скопје, или пак, како во случајот на ТВ Алсат-М, предност да им се даде на претставниците на албанскиот политички блок, и тоа од регионот на западна Македонија. За истакнување е дека простор за дебати и за поопстојна аналитичка проценка на изборниот процес преку интервјуа, им беше отворен и на претставниците на меѓународната заедница во државава, или на експоненти на дипломатскиот кор. Во интервјуата или во разговорите реализирани во рамките на информативно-политичките програми кај ТВ Сител и кај ТВ Канал 5, забележливо е многу почестото медиумско (дури и репризирано) присуство на високи претставници на ВМРО-ДПМНЕ, во споредба со просторот за критички обмислена промоција отстапен на непосредните опозициски противкандидати. Оценката за релативно избалансирано

покривање на вкупниот изборен процес важи и за радиото Канал 77, медиум кај кој освен вестите, улога во приказот на предизборните политички агенди одиграа и дебатите на претседателските кандидати и дебатата на Трајановски и на Петковски, кандидатите за градоначалник на Скопје. Националните комерцијални радија Антена 5 и Метрополис, не се вклучија новинарски во покривањето на изборниот процес, туку емитуваа исклучиво платена политичка програма.

### *ТРД – ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ КОИ ЕМИТУВААТ ПРЕКУ САТЕЛИТ*

Кај телевизиите кои емитуваат програма преку сателит, обемот на информациите поврзани со изборниот процес во кој било новинарски облик е многу помал во споредба со застапеноста на изборите во програмите на националните земски телевизии. Новинарскиот пристап, пак, варира, со оглед и на различниот степен на екипираност од медиум до медиум. Така, на пример, ТВ А2 изборната кампања ја покриваше главно преку актуелно-информативната емисија *Студио 2*, ориентирана кон аналитички прилози и портретирање на кандидатите за претседател, додека, пак, ТВ Канал 5 плус и ТВ Сител 3 се решија главно да ги репризираат актуелно-информативните програми со документаристички пристап, како и интервјуата и дебатите поврзани со изборите што беа емитувани на ТВ Канал 5 и ТВ Сител. Оценка е дека и во овој мал обем вести и извештаи за изборната кампања, во информативниот пристап споменатите телевизиски станици имале релативно урамнотежен однос главно кон предизборните активности на двете најголеми македонски политички партии - ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, додека споредбено, пак, обемот на информациите за предизборието во албанскиот политички блок е многу помал. Отстапка од оваа општа оценка бележиме кај ТВ Алфа, особено во првиот круг на изборите, која известувањето го фокусираше кон двете македонски коалиции и релативно неизбалансирано ги покриваше и претседателските и локалните избори, со оглед на фактот дека извесна предност добија Љубомир Фрчкоски и опозициската СДСМ, како организатор на изборната кампања. Наша ТВ, медиум кој не емитуваше вести, избра медиумски пристап со кој ставовите на организиторите на изборната кампања главно беа презентирани преку интервјуа емитувани во жанровски варијабилната емисија *Јади бурек.* Новата телевизија - АБ канал, во анализираниот период емитуваше само една актуелно-информативна програма со документаристички пристап, која за централна тема го имаше влијанието на албанскиот политички фактор во Република Македонија. Доминантно ориентирана кон забавно-музички формат, новата сателитска ТВ Џангл емитуваше само платено политичко рекламирање.

### *ТРД НА РЕГИОНАЛНО НИВО*

Со оглед на тоа дека ги опфаќа телевизиите и радијата кои зрачат на територијата на Скопје и со оглед на различниот степен на новинарска и техничка екипираност, како и на различните етнички групи кои пред сѐ поради јазикот ја претставуваат нивната примарна

публика, тешко е да се даде општа, сумарна оценка и за квантитетот и за квалитетот на информациите произлезени од изборниот процес. Оценката варира - од релативна избалансираност, забележлива во пристапот на ТВ КРТ, преку – релативна неизбалансираност, сумирана за пристапот на ТВ Шутел (извесна информативна предност и е дадена на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“, наспроти активностите на Сојузот на Ромите) и на ТВ ЕРА (извесна информативна предност за партиските активности на ДУИ, наспроти активностите на другите албански политички партии), па сè до - видлива неизбалансираност, покажана во пристапот на ТВ Амазон (пет од вкупно шест интервјуа се реализирани со претставници на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ) и на ТВ БТР (форсирана е политичката агенда на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“). ТВ МТМ, пак, воопшто не известуваше за кампањата за претседател на државата, туку продолжи со својата вообичаена, редовна програмска практика – да биде пред сè информативен сервис на скопјани, при што, поради актуелноста на локалните избори, информациите за активностите на постојните градоначалници на скопските општини добиваа димензија на активности во функција на предизборната кампања. Без редакции за вести, ТВ Скај нет и ТВ ЕДО во изборниот период емитуваа вкупно три интервјуа со градоначалнички кандидати за одредени скопски општини. Осумте скопски радија: Радио 90,3 ФМ, Радио Арачина, Радио Буба Мара, Радио Клуб ФМ, Радио Роса АБ, Радио Сити, Радио Зона М-1 и Радио Скај – емитуваа само платено политичко рекламирање.

### *ТРД НА ЛОКАЛНО НИВО*

Територијата на покривање, техничката и новинарската екипираност се покажуваат како најважни фактори и за варијабилниот интензитет информации со кои локалните медиуми го покриваа изборниот процес. Максимумот информации стриктно поврзани за активностите на изборната кампања за локалните и за претседателските избори беше евидентиран кај охридската ТВМ, чиј информативен новинарски ангажман од вкупно 9 часа и 7 минути очигледно претставува обид да се покријат активностите на што е можно поголем број политички субјекти, иако најмногу внимание им е посветено на двете спротивставени коалиции - на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, за кои е издвоено речиси подеднакво време – по околу 1 час и 50 минути. Слична медиумска ориентација за време на изборната кампања, само со внимание фокусирано врз активностите на албанските политички субјекти во тетовскиот регион, е евидентирано кај тетовската ТВ Арт, која изборниот процес го проследи со 7 часа и 15 минути вести, а по квантумот базични предизборни информации веднаш до неа стои тетовската ТВ КИС, со вкупно 6 часа и 53 минути во централната информативна емисија. Во двата изборни круга, квантитативно еднаков ангажман бележиме и кај битолските ТВ Тера (вкупно 6 часа и 40 минути вести) и ТВ Орбис, (вкупно 6 часа и 36 минути вести), но квалитативно, прилозите на ТВ Тера се релативно избалансирани во однос на спротивставените коалиции на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, додека кај ТВ Орбис доминираат новинарски прилози во прилог на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Безмалку еднаков, и по квантитет и по квалитет, е речиси едномесечниот информативен ангажман со кој струмичките

ТВ Интел (6 часа и 38 минути) и ТВ ВИС (6 часа и 32 минути) ги покриваа двата круга на изборниот процес: Погледнато споредбено, на ниво власт/опозиција, распределбата на информативната минутажа и кај двете струмички телевизии покажува релативно урамнотежен пристап. До овие минутажи, методолошки релевантни за извлекување општи заклучоци во врска со медиумските тенденции за време на изборите, се доближуваат уште и кумановската ТВ Нова, со емитувани 6 часа и 24 минути и кавадаречката КТВ 41 – Кавадарци со вкупно 5 часа 13 минути.

Кај локалните радио станици, кои главно беа следени во првиот изборен круг, предничи информативниот интерес на тетовското радио Плус форте со вкупно 3 часа и 16 минути, според интензитетот на партиските активности релативно рамномерно распоредени меѓу повеќе субјекти. Со околу 2 часа и 30 минути следуваат: Радио Битола со релативно рамномерно распоредено време, потоа Радио Штип, кое најмногу ги покриваше активностите на коалицијата предводена од СДСМ, а со сличен однос е и ангажманот на велешкото Радио Голди. Охридското Радио Супер за кампањата издвои 2 часа и 41 минута, при што предничат информациите за кандидатите на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (41 минута), СДСМ (24 минути) и НСДП (29 минути). Прилепското Радио Холидеј имаше 2 часа вести поврзани со изборите во првиот изборен круг, а повеќе од половината од ова време беше издвоено за локалните изборни активности, при што најмногу внимание им беше посветено на коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## *6.1. РАДИОДИФУЗЕРИ НА ДРЖАВНО НИВО*

### *6.1.1. ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС*

**МТВ 1**

**Вести:** Во **првиот изборен круг**, во покривањето на кампањата за претседателските избори, МТВ 1 обезбеди релативно избалансирано покривање на кампањата само за четворицата кандидати за претседател од македонскиот политички блок. Од кандидатите на албанскиот политички блок најмногу време одвои за покривање на кампањата на Имер Селмани, потоа на Агрон Буџаку, а најмалку на Мируше Хоџа. Слична е состојбата и кај директните обраќања на кандидатите: најмногу време добија Љубомир Фрчкоски, Љубе Бошковски и Ѓорге Иванов, а потоа Имер Селмани и Нано Ружин. Мируше Хоџа и Агрон Буџаку имаа најмалку време за директно обраќање до публиката на МТВ1.

**Избалансираност во вести: МТВ1**
**Престседателски избори 2009 (I круг)**




При покривањето на кампањата за локалните избори, МТВ 1 најмногу време издвои за активностите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, а потоа на коалицијата на СДСМ. Трите политички партии од албанскиот политички блок добија речиси еднакво време за претставување на своите кандидати за локалните избори, но значително помалку од времето доделено на двете коалиции. Од другите партии, во релативно поголем обем беа покривани и самостојните настапи на кандидатите на ЛДП. МТВ 1 во вестите воопшто не емитуваше информации за кампањата на независните кандидати за локалните избори.

**Избалансираност во вести: МТВ1**
**Локални избори 2009 (I круг)**




Овој медиум најмногу ги покриваше активностите на органите на власта: вкупното времетраење само на прилозите за редовните активности на претставниците на Владата и министерствата изнесува 2,5 часа, а времетраењето на прилозите во кои претставниците на Владата се појавуваат како организатори на настани што се во функција на изборната кампања изнесува 1 час и петнаесет минути. Претставниците на Владата преку МТВ 1 директно и се обратија на јавноста дури 137 пати, а вкупното времетраење на нивните обраќања е 1 час и 12 минути.

Во **вториот изборен круг** МТВ 1 неизбалансирано ја покриваше кампањата на двајцата кандидати за претседател: за кампањата на кандидатот на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, Ѓорге Иванов беа одвоени 28 минути, додека за кандидатот на коалицијата на СДСМ, Љубомир Фрчкоски 14 минути. Сепак, во однос на бројот и времетраењето на директните обраќања МТВ 1 обезбеди релативна избалансираност.

**Избалансираност во вести: МТВ1**
**Претседателски избори 2009 (II круг)**



Во поглед на кампањата за локалните избори, МТВ 1 обезбеди релативна избалансираност согласно со принципот на пропорционалност според бројот на кандидати за градоначалници во вториот круг, само во покривањето на кампањата на двете коалиции од македонскиот политички блок. Сепак, не е обезбедена целосна избалансираност бидејќи за кампањата на ДУИ е одвоено значително помалку време на првиот сервис на МТВ, иако оваа политичка партија имаше кандидати за градоначалници во 14 општини. Исто така, МТВ 1 воопшто не издвои време за активностите на дванаесеттемина независни кандидати за градоначалници. Слични констатации можат да се извлечат и од показателите за директните обраќања.

**Избалансираност во вести: МТВ1**
**Локални избори 2009 (II круг)**




И во вториот круг МТВ 1 во голем обем ги покриваше активностите на органите на власта: вкупното времетраење на прилозите за редовните активности на Владата и министерствата изнесува 1 час и 17 минути, а времетраењето на прилозите во кои Владата се појавува како организатор на настани што се во функција на изборната кампања (маргинални и т.н. псеудо настани) изнесува 20 минути. Претставниците на Владата преку МТВ 1 директно и се обратија на јавноста 59 пати, со вкупно времетраење од 34 минути.

**Дебати:** Во **првиот изборен круг** МТВ 1 емитуваше една дебатна емисија со единаесеттемина кандидати за градоначалник на Скопје. Беа реализирани уште три дебатни емисии: во првата на тема „Етичкиот кодекс и однесувањето на кандидатите“ дебатираа Алаксандар Темков, консултант за односи со јавноста, Илија Ацевски, професор на Филозофски факултет и Зоран Ивановски, декан на Економскиот факултет при Европскиот универзитет. Дебатата меѓу Димитар Мирчев, професор на ФОН и Васко Наумовски, професор на Американскиот колеџ во Скопје, беше за предизвиците што го очекуваат идниот претседател и позицијата што му ја обезбедува уставот. Во последната дебатна емисија околу изборите, гости беа Александар Новаковски, претседател на ДИК, Елизабета Шелева, професор на Филолошкиот факултет и Јетон Шасивари, професор на Универзитетот на ЈИЕ.

Првиот сервис на МТВ **во вториот изборен круг** организираше дуел на претседателските кандидати Иванов и Фрчкоски, кој беше репризиран трипати. Организираше и дуели на кандидатите за градоначалници од двете коалиции (на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ) за Велес, Гевгелија и Кисела Вода.

**Интервјуа:** МТВ 1 реализираше 18 интервјуа, со сите претседателски кандидати и со единаесеттемина претенденти за градоначалник на Скопје.

**Информативна програма:** Изборите во **вториот круг** беа третирани и во информативната програма емитувана на 3 април, во која покрај портретите на претседателските кандидати и информациите за бројот на гласовите што ги освоиле кандидатите за градоначалници во општините каде што не завршија изборите во првиот круг, размислувања за изборниот процес разменија и гостите во програмата – Зоран Таневски од ДИК, Илија Тодоровски, професор на ФОН и Горан Ангелов, експерт за локална самоуправа.

**Бесплатно претставување:** Таква можност им е дадена на кандидатите за градоначалници на општините, кои во 3 минути требаше да ги претстават своите кандидатури.

**МТВ 2 – програма на албански јазик**

**Вести:** Во **првиот изборен круг,** вториот програмски сервис на МТВ во вестите на албански јазик релативно избалансирано ја покриваше кампањата на сите претседателски кандидати.

**Избалансираност во вести: МТВ2-програма на албански јазик**
**Престседателски избори 2009 (I круг)**




При покривањето на кампањата за локалните избори, повеќе време отстапи за кампањата на партиите од албанскиот политички блок, односно не обезбеди избалансирано

покривање на кампањата согласно со принципот на пропорционалност. Неизбалансираност се забележува и кај директните обраќања: најмногу време е отстапено за ДУИ и за ДПА. И овој сервис на МТВ во вестите на албански јазик им посвети големо внимание на активностите на Владата, како на редовните (1 час и 16 минути) така и на оние организирани во функција на кампањата (43 минути).

**Избалансираност во вести: МТВ2-програма на албански јазик**
**Локални избори 2009 (I круг)**




Во **вториот изборен круг** во вестите беа емитувани мал обем информации за кампањата на двајцата претседателски кандидати, при што беше отстапено речиси еднакво време.

**Избалансираност во вести: МТВ2-програма на албански јазик**
**Претседателски избори 2009 (II круг)**



При покривањето на кампањата за локалните избори, релативна избалансираност е обезбедена само за коалициите на ВМРО-ДПМНЕ (25 минути) и на СДСМ (18 минути), но е отстапено значително повеќе време за кампањата на ДУИ (41 минута).

**Избалансираност во вести: МТВ2-програма на албански јазик**
**Локални избори 2009 (II круг)**




Истата тенденција се забележува и кај директните обраќања. За активностите на независните кандидати во овие вести воопшто не беа емитувани информации.

**Дебати:** Во **првиот изборен круг** се емитувани 17 дебатни емисии, шеснаесет со кандидатите за градоначалници исклучиво од албанскиот политички блок, за следниве општини: Брвеница, Липково, Арачиново, Желино, Врапчиште, Студеничани, Сарај, Осломеј, Зајас, Теарце, Дебар, Тетово, Гостивар, Струга, Чаир и градот Скопје. Една дебатна емисија е реализирана со претставници од поголемите партии од албанскиот политички блок – ДУИ, ДПА, ПДП и Нова Демократија.

Програмата на албански јазик на МТВ2 пред **вториот круг од изборите** организираше дебата во која ставовите ги изнесоа аналитичарите Имер Исмаили, Алберт Муслиу и Насер Зибери.

**Интервјуа:** Од деветте реализирани интервјуа, седум се со претседателските кандидати, а преостанатите две интервјуа се со лидерите на ДПА и ДУИ, Мендух Тачи и Али Ахмети.

**МТВ 2 – програма на турски јазик**

**Вести:** Во **првиот изборен круг** во вестите беше емитуван мал обем прилози посветени на изборната кампања. Времето доделено на различните претседателски кандидати е релативно избалансирано, но при покривањето на кампањата за локалните

избори повеќе внимание им е посветено на активностите на партиите на Турците во Република Македонија.

Во вестите на турски јазик и **во вториот круг** беше емитуван мал обем прилози посветени на изборната кампања. Времетраењето на овие прилози е избалансирано и во поглед на кампањата за претседателските и за локалните избори.

**Интервјуа:** Во рамките на емисијата *Кон избори* се емитувани интервјуа - претставувања со неколку кандидати за советници и градоначалници истовремено од една политичка партија, но само со претставници од партиите на турската етничка заедница. Програмата на турски јазик на МТВ 2 реализираше две интервјуа и со претседателите на Демократската партија на Турците и на Движењето за национално единство на Турците, Кенан Хасип и Ердоган Сарач.

**Македонско радио – Прва програма (Радио Скопје)**

**Вести:** Кај Првиот сервис на Македонското радио, во **првиот круг** се забележува релативна избалансираност само во покривањето на кампањата на кандидатите за претседател од македонскиот политички блок и претседателскиот кандидат Имер Селмани, додека за другите двајца кандидати на албанските политички партии беше издвоено значително помалку време.

**Избалансираност во вестите: МР-Прва програма (Радио Скопје)**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




Истото се забележува и кај директните обраќања.

При покривањето на активностите на кандидатите за градоначалници и советници за локалните избори, се фокусираше на двете коалиции, а издвои и значително време за активностите на другите помали политички партии кои учествуваа во изборната кампања. Сепак, не е обезбедена соодветна избалансираност согласно со принципот на

пропорционалност, бидејќи за кампањата на албанските политички партии е издвоено релативно помалку време.

**Избалансираност во вестите: МР-Прва програма (Радио Скопје)**
**Локални избори 2009 (I круг)**




Ова се рефлектира и на времето отстапено за директно обраќање на политичките субјекти. Овој медиум им посвети големо внимание на активностите на Владата, како на редовните така и на активностите во функција на изборната кампања.

Првиот сервис на Македонското радио во **вториот изборен круг** релативно избалансирано ја покриваше кампањата на двајцата претседателски кандидати: за Ѓорге Иванов беа емитувани информации во времетраење од 20 минути, а за Љубомир Фрчкоски 14 минути. Од друга страна, според бројот и времетраењето на директните обраќања, двајцата кандидати беа еднакво претставени.

**Избалансираност во вести: МР-Прва програма (Радио Скопје)**
**Претседателски избори 2009 (II круг)**



Овој сервис обезбеди избалансираност при покривањето на активностите на кандидатите за градоначалници на коалициите од македонскиот политички блок, што не е случај и со времето отстапено за ДУИ и за независните кандидати. Повторно им посвети големо внимание на активностите на Владата, како на редовните (1 час и 16 минути), така и на активностите во функција на изборната кампања (15 минути).

**Избалансираност во вести: МР-Прва програма (Радио Скопје)**
**Локални избори 2009 (II круг)**




**Дебати:** Во периодот од 2 до 20 март Првиот програмски сервис на Македонското радио реализираше три дебатни емисии. Првата беше со претседателските кандидати, втората со кандидатите за градоначалник на Скопје (биле поканети, а не присуствувале А.Нагавци од Нова Демократија и Ш.Зеколи од ДУИ) и третата со универзитетски професори за економските аспекти на кампањата.

Во **вториот изборен круг** Радио Скопје вршеше директен пренос од дуелот на претседателските кандидати што се емитуваше на МТВ 1.

**Интервјуа:** Во **првиот круг** беа емитувани интервјуа со сите кандидати за претседателската функција, но и со заменик-претседателот на ДИК, Субхи Јакупи, министерот за надворешни работи, Антонио Милошоски за спорот со името меѓу нашата земја и Грција, како и со директорот на Агенцијата за млади и спорт за реализацијата на проектот за изградба на 35-те спортски сали.

Во **вториот круг** беа емитувани интервјуа со двајцата кандидати за градоначалник на општина Карпош, Димиќ и Јакимовски.

**Информативна програма:** Во рамките на емисиите *Живот во живо* и *Радио спектар,* информативната редакција на Првата програма на Македонското радио низ прилози редовно известуваше за тековните случувања поврзани со изборната кампања во **првиот круг**.

Во рамките на информативната програма *Радио Спектар,* правеше проценка за **вториот круг** од претседателските избори заедно со гостите Јован Донев и Махи Несими.

**Бесплатно претставување:** На кандидатите за градоначалници на општините, овој сервис им отстапи по 3 минути за бесплатно претставување, а на кандидатите за градоначалник на Скопје по 10 минути.

**Македонско радио – Програма на албански јазик**

**Вести:** Во радиопрограмата на албански јазик на Каналот на етничките заедници за **првиот круг**, може да се констатира неизбалансираност и во однос на покривањето на претседателските и во однос на покривањето на локалните избори.

**Избалансираност во вестите: МР-Програма на албански јазик**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




Фокусот во известувањето на овој сервис беше на активностите на кандидатите од албанскиот политички блок. Во радиовестите на албански јазик беше отстапен повеќе простор за редовните активности на Владата, а помалку за владините активности во функција на кампањата.

**Избалансираност во вестите: МР-Програма на албански јазик**
**Локални избори 2009 (I круг)**




Во радиопрограмата на албански јазик Македонското радио во **вториот круг од изборите** речиси воопшто не известуваше за кампањата на претседателските кандидати, така што не може да се извлече оценка за избалансираност.

Мал обем информации се емитувани и за кампањата за локалните избори, и тоа најмногу за активностите на ДУИ (10 минути), поради што не е постигната потребната избалансираност во известувањето. За редовните активности на Владата беа одвоени 5 минути, а за настаните организирани во функција на кампањата 6 минути.

**Дебати:** Во периодот од 2 до 20 март се емитувани вкупно единаесет дебатни емисии, од кои седум се преземени од Програмскиот сервис на албански јазик на МТВ. Осум од дебатните емисии се реализирани со кандидати за градоначалници (на општините Осломеј, Дебар, Тетово, Струга, Гостивар, Чаир, Зајас и на градот Скопје) и една со претставници од политичките партии, сите исклучиво од албанскиот политички блок. Во двете преостанати дебати гости беа: во едната политичките аналитичари Ризван Сулејмани и Ибрахим Мехмети, а во другата универзитетскиот професор Хамит Алиу и Субхи Јакупи, заменик-претседател на ДИК.

**Интервјуа:** Програмата на албански јазик при Македонското радио во **првиот круг од изборите** емитуваше интервјуа со сите седум претенденти за претседателската функција. Една емисија замислена како дебатна се претвори во интервју со кандидатот за градоначалник на општина Студеничани, Фати Исени од ДУИ, откако своето присуство го откажале кандидатите на Нова Демократија и ДПА.

Во анализираниот период (25 март – 4 април) овој сервис во рамките на програмата *Евроинтеграции* емитуваше интервју со аналитичарот Назми Малиќи, за деветтиот услов поставен од ЕУ за евроинтеграција на Македонија – организирање фер и демократски избори.

**Информативна програма:** Изборите беа третирани и во рамките на информативната програма *Општинска хроника*.

**Македонско радио – Програма на турски јазик**

**Вести:** Во радиопрограмата на турски јазик на Каналот на етничките заедници и во двата изборни круга беа емитувани малку информации за изборната кампања и поради тоа не можат да се извлечат заклучоци за избалансираноста во известувањето. Во првиот круг главно беше известувано за активностите на турските политички партии.

**Дебати:** Реализирани се три дебатни емисии, сите во **првиот изборен круг** со претставници на трите турски политички партии. Во една од дебатните емисии гостин беше и кандидатот за градоначалник на општина Центар од Партијата на слободни демократи, припадник на турската етничка заедница.

**Интервјуа:** Емитувани се три интервјуа со претставници само од турските политички партии, во периодот од 2 до 20 март.

**Бесплатно претставување:** Овој програмски сервис на кандидатите за градоначалници на општините им отстапи по 1 минута за бесплатно претставување, а по 5 минути бесплатно претставување емитуваше на четворица од седумттемина кандидати за претседател (Нано Ружин, Љубомир Фрчкоски, Љубе Бошковски и Мируше Хоџа).

**Македонско радио – Програма на ромски јазик**

**Бесплатно претставување:** Можност за бесплатна промоција добија само тројца политички претставници на ромската етничка заедница – кандидатите за градоначалници на општините Шуто Оризари и Куманово и носителот на советничка листа за општина Центар од Народно движење за Македонија.

### *6.1.2. ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО*

**Телевизија А1**

**Вести:** Во **првиот изборен круг** при покривањето на кампањата на претседателските кандидати, А1 телевизија обезбеди релативна избалансираност, како во поглед на вкупното времетраење на емитуваните информации за кампањата, така и во поглед на времетраењето на директните обраќања.

**Избалансираност во вестите: ТВ А1**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




А1 телевизија обезбеди релативна избалансираност и при покривањето на кампањата за локалните избори, согласно со принципот на пропорционалност. За одбележување е тоа што А1 телевизија во текот на целата кампања избегнуваше да ги покрива настаните што ги организираше власта во функција на изборната кампања на партиите од власта.

**Избалансираност во вестите: ТВ А1**
**Локални избори 2009 (I круг)**



Во **вториот изборен круг** А1 релативно избалансирано ја покриваше кампањата на двајцата претседателски кандидати.




При известувањето за локалните избори повеќе внимание им посвети на активностите на коалицијата на СДСМ (52 минути), а помалку на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (48 минути), имајќи го предвид фактот дека СДСМ имаше кандидати за градоначалници во 28 општини, а коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ во 39 општини. Истиот образец на известување е пресликан и во времето отстапено за директните обраќања. Соодветно време беше отстапено за активностите на ДУИ (20 минути) која имаше 14 кандидати, а малку време за активностите на дванаесеттемина независни кандидати за градоначалници (6 минути). Од друга страна, релативно повеќе време отстапи за ПЕИ (12 минути), која имаше само тројца кандидати за градоначалници. Како и во првиот круг, А1 телевизија речиси воопшто не известуваше за настаните што ги организираше власта во функција на изборната кампања.




**Дебати:** Во **првиот изборен круг** А1 реализираше едно ТВ соочување на седумтемина претседателски кандидати.

**Интервјуа:** Беше емитувано интервју со министерот за образование, Перо Стојановски, во врска со случувањата во средното училиште во Струга, емитувано во рамките на емисијата *Еврозум*, за време на **првиот изборен круг**.

Последниот ден од изборната кампања во **вториот круг**, А1 се обиде да организира дуел на претседателските кандидати, меѓутоа соочувањето беше откажано затоа што кандидатот Иванов ја одбил поканата на телевизијата. Медиумот му овозможи на претседателскиот кандидат Фрчкоски да им се обрати на гласачите и да одговори на некои прашања поврзани со кампањата на претседателските кандидати. На тема избори 2009 година, преку овој медиум своите ставови ги искажаа и претставниците на меѓународната заедница во Македонија: Ерван Фуере, претставник на Европската комисија, Филип Рикер, амбасадор на САД и Хозе Луис Хереро, амбасадор на ОБСЕ.

**Платено политичко рекламирање:** Од медиумите на државно ниво, ТВ А1 емитуваше најголем обем платено политичко рекламирање – 12 часа, 47 минути и 27 секунди. Повеќе од половина од тоа време (вкупно 7 часа, 20 минути и 24 секунди) беше закупено од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и тоа за промоција на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов (58 минути и 9 секунди) и за платено политичко претставување на кандидатите за градоначалници и советници на коалицијата, 6 часа, 22 минути и 15 секунди. Меѓу претседателските кандидати, најголем обем на платено политичко рекламирање (1 час, 3 минути и 5 секунди) е емитувано за Имер Селмани, а за локалните избори, по коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, според закупеното време следуваат: ПЕИ (1 час, 11 минути и 16 секунди), ЛДП (36 минути и 37 секунди), независните кандидати (35 минути и 15 секунди) итн.

И во **вториот изборен круг** ТВ А1 емитуваше најголем обем платено политичко рекламирање од медиумите на државно ниво, 2 часа, 58 минути и 28 секунди, распределени на следниов начин: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (1 час, 37 минути и 16 секунди за промоција на учесниците на локалните избори и 12 минути и 48 секунди за кандидидатот за претседател Ѓорге Иванов), ЛДП (35 минути и 41 секунда), СДСМ (20 минути и 44 секунди) и ПЕИ (12 минути).

### Телевизија Сител

**Вести:** Во **првиот изборен круг,** во поглед на покривањето на претседателските избори, Телевизија Сител покажа неизбалансираност бидејќи во текот на целата кампања се фокусираше на известување главно за активностите на претседателските кандидати на двете коалиции, што се гледа од времетраењето како на вкупните информации така и на директните обраќања.

**Избалансираност во вестите: ТВ Сител**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




Сител покажа видлива неизбалансираност особено во поглед на покривањето на кампањата за локалните избори: најмногу време им посвети на активностите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, помалку на коалицијата на СДСМ, а значително помалку на сите други партии, особено на оние од албанскиот политички блок.

**Избалансираност во вестите: ТВ Сител**
**Локални избори 2009 (I круг)**




Неизбалансираноста може јасно да се забележи и од времетраењето на директните обраќања. Кај овој медиум беше констатирана неизбалансираност и во поглед на тонот на известувањето. Така, во текот на целата кампања, во вкупно 25 прилози беше изразен негативен став кон СДСМ или кон нејзиниот претседателски кандидат, во 4 прилози беше изразен негативен став кон претседателскиот кандидат Љубе Бошковски, во еден кон ДПА и во еден кон претседателот на РМ. Од друга страна, во вкупно 19 прилози беше искажан позитивен став кон Владата на РМ, во 6 кон ВМРО-ДПМНЕ или нејзиниот претседателски кандидат, во 2 кон претседателскиот кандидат Имер Селмани и во еден прилог кон претседателскиот кандидат Нано Ружин. Во оценката за неизбалансираноста на ТВ Сител се

вклопува и податокот за обемот на емитуваните прилози во кои претставниците на Владата се појавуваат како организатори на активности во функција на изборната кампања (37 минути).

Во **вториот изборен круг** Телевизија Сител известуваше во поголем обем за кампањата на Љубомир Фрчкоски (16 минути), а во помал обем за кампањата на Ѓорге Иванов (6,5 минути).

Што се однесува до локалните избори, Сител избалансирано ја покриваше кампањата на двете коалиции од македонскиот политички блок: за активностите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ се емитувани 48 минути, а за коалицијата на СДСМ 40 минути. Истото се гледа и во времетраењето на директните обраќања. Од друга страна, за активностите на ДУИ беше одвоено релативно малку време, а за активностите на независните кандидати воопшто не беа емитувани информации.




Во вториот круг не беше констатирана неизбалансираност во поглед на тонот на известувањето, со исклучок на два прилога во кои беше изразен негативен став кон Љубомир Фрчкоски и кон кандидатот за градоначалник за Охрид од СДСМ. Како и во првиот круг, ТВ Сител емитуваше значаен обем информации за активностите на Владата, како за редовните (40 минути) така и за оние што беа организирани во функција на изборната кампања (22 минути). Во рамките на вестите, Сител емитуваше интервјуа со премиерот Никола Груевски (12 минути), вицепремиерот Зоран Ставревски (13 минути) и со портпаролот на МВР, Иво Котевски (7 минути).

**Дебати:** Во **првиот изборен круг** беа емитувани две дебати во рамките на емисијата *Ние*, едната со кандидатите за претседател на РМ, а другата со седум од единаесеттемина кандидати кои учествуваа во трката за прв човек на град Скопје (не беа поканети Трпе Груевски - СДПМ, Душко Поповски - ЛП, Драги Колчаковски - ВМРО-НП и Јанко Бачев - Народно движење за Македонија). Во две изданија на емисијата *Дуел* ставовите ги соочија кандидатите за градоначалник на Куманово во едната, и кандидатите за

градоначалник на Велес во другата, од двете големи коалиции од македонскиот политички блок, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата на СДСМ.

Во 10-те дена од кампањата во **вториот изборен круг**, на ТВ Сител беше емитувана една дебатна емисија. Во рамките на програмата *Дуел* се соочија кандидатите за градоначалник на Скопје, Коце Трајановски и Тито Петковски.

**Интервјуа:** Во **првиот круг** од изборната кампања, во магазинот *Ние* гостуваше премиерот на РМ, Никола Груевски.

**Информативна програма:** На теми поврзани со изборите, своето мислење можеа да го искажат и гледачите и тоа во вкупно осум изданија на информативната емисија *Бумбар*, пет емитувани за време на првиот изборен круг и три за време на вториот круг.

**Програми што не се поврзани со избори:** Во **првиот изборен круг,** во рамките на забавната емисија *Бекстеџ*, беа емитувани разговори со сопругите на претседателските кандидати Љубе Бошковски (репризиран еднаш) и Нано Ружин (репризиран петпати).

Во **вториот изборен круг**, во неколку изданија на утринската програма *Журнал* беа реализирани интервјуа со кандидатите за градоначалници на скопските општини Центар и Карпош, две интервјуа со Владимир Тодоровиќ од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, едно интервју со Саша Димиќ од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и едно со Стевче Јакимовски од коалицијата на СДСМ. Кандидатот за градоначалник на општина Центар, Владимир Тодоровиќ од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, двапати се појави и во забавното говорно шоу *Недела со Маја* (во премиерното емитување и во репризата).

**Платено политичко рекламирање:** Речиси целото време отстапено за платено политичко рекламирање во **првиот изборен круг** (вкупно 7 часа и 27 минути) е на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 7 часа, 17 минути и 2 секунди, од кои 33 минути и 7 секунди за претставување на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов, а преостанатите 6 часа, 43 минути и 55 секунди за кандидатите на коалицијата кои учествуваа на локалните избори. Платено политичко рекламирање беше емитувано и на кандидатот за претседател на Нова Демократија, Имер Селмани (6 минути и 39 секунди), ЛДП (1 минута и 47 секунди) и СДУ (1 минута и 32 секунди).

Во **вториот изборен круг** вкупното време за ППР (1 час, 58 минути и 8 секунди), со исклучок на времето што го закупила ЛДП (1 минута и 7 секунди), и припаѓа на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1 час, 48 минути и 14 секунди) и на нејзиниот кандидат за претседател, Ѓорге Иванов (8 минути и 47 секунди).

**Телевизија Телма**

**Вести:** Во **првиот изборен круг** ТВ Телма обезбеди релативна избалансираност во покривањето на кампањата на претседателските кандидати од македонскиот политички блок и на претседателскиот кандидат Имер Селмани, додека кампањата на другите двајца кандидати Албанци беше покривана во помал обем. Слична оценка може да се извлече и од времетраењето на директните обраќања.

**Избалансираност во вестите: ТВ Телма**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




Во однос на покривањето на локалните избори, како и поголем број други медиуми, и Телма се фокусираше главно на кампањата на двете коалиции на македонските политички партии. Оваа телевизија избегнуваше да ги покрива настаните на централната и локалната власт, организирани во функција на кампањата на партиите на власт, покажувајќи во неколку прилози и критички однос кон прекумерното ангажирање на Владата во изборната кампања.

**Избалансираност во вестите: ТВ Телма**
**Локални избори 2009 (I круг)**



Телевизија Телма во **вториот изборен круг** неизбалансирано известуваше за кампањата на двајцата претседателски кандидати: за Љубомир Фрчкоски се емитувани двојно повеќе информации (25 минути), а за Ѓорге Иванов (10,5 минути). Слична оценка може да се извлече и од времетраењето на директните обраќања.

**Избалансираност во вести: ТВ Телма**
**Претседателски избори 2009 (II круг)**




При покривањето на кампањата за локалните избори ТВ Телма повеќе известуваше за коалицијата на СДСМ (1 час), а за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ 52 минути, иако вторава имаше кандидати за градоначалници во поголем број општини. Исто така, времето отстапено за активностите на ДУИ и на независните кандидати е несразмерно на бројот на кандидирани градоначалници. Како и во првиот круг, оваа телевизија избегнуваше да ги покрива настаните на власта организирани во функција на кампањата.

**Избалансираност во вести: ТВ Телма**
**Локални избори 2009 (II круг)**



**Дебати:** ТВ Телма организираше три дебатни емисии, сите во **првиот круг** од изборите. Во едната учествуваа сите кандидати за претседател, а во втората четворица, бидејќи Ѓорге Иванов, Имер Селмани и Агрон Буџаку го откажале своето присуство. Простор за соочување им беше отстапен само на шестмина од кандидатите за градоначалник на Скопје, со појаснување дека преостанатите петмина кандидати од условно „помалите политички партии", ќе бидат претставени преку телевизиски портрети во вестите. Трите дебатни емисии беа дополнително репризирани.

**Платено политичко рекламирање:** Повеќе од 1/3 од времето за ППР на ТВ Телма (вкупно 3 часа, 29 минути и 28 секунди) беше закупено од ВМРО-Народна партија (1 час, 10 минути и 35 секунди), којашто учествуваше на локалните избори. По закупеното време за претставување на своите кандидати за локалните избори следуваат: НСДП (39 минути и 45 секунди), коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (24 минути и 29 секунди), коалицијата на СДСМ (22 минути и 57 секунди) итн. Емитувано е ППР за тројца кандидати за претседателската функција: Ѓорге Иванов (22 минути и 16 секунди), Љубомир Фрчкоски (13 минути и 34 секунди) и за Нано Ружин (9 минути и 45 секунди).

### Телевизија Канал 5

**Вести:** Во **првиот изборен круг** кај ТВ Канал 5 постои релативна избалансираност како во покривањето на кампањата за претседателските, така и за локалните избори.

**Избалансираност во вестите: ТВ канал 5**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




Се забележува неизбалансираност во поглед на отстапените можности за директни обраќања на организаторите на изборна кампања за локалните избори. Повеќе време е отстапено за кандидатите на двете коалиции – на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. Канал 5, како и други медиуми, во мал обем известуваше за настаните организирани во функција на изборната кампања на партиите на власт.

**Избалансираност во вестите: ТВ Канал 5**
**Локални избори 2009 (I круг)**




Во **вториот изборен круг,** медиумот избалансирано ја покриваше кампањата на кандидатите за претседател, Ѓорге Иванов (8 минути) и на Љубомир Фрчкоски (9 минути).

За локалните избори, Канал 5 обезбеди релативна избалансираност само за двете коалиции од македонскиот политички блок: за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (33 минути) и за коалицијата на СДСМ (19 минути). За ДУИ се емитувани мал обем информации (3 минути), а активностите на независните кандидати за градоначалници воопшто не беа следени. Канал 5 известуваше и за активностите на Владата: за редовните (27 минути), а за настаните организирани во функција на изборната кампања (9 минути).

**Избалансираност во вести: ТВ Канал5**
**Локални избори 2009 (II круг)**




**Дебати:** ТВ Канал 5 во **првиот изборен круг**, во рамките на информативната емисија *Икс/нула*, емитуваше една дебатна емисија во која гости беа амбасадорките на Германија и Холандија, акредитирани во нашата земја.

Во **вториот изборен круг** организираше шест (6) соочувања на кандидатите за градоначалници од двете коалиции (на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ) за општините Охрид, Ресен, Крушево, Велес, Гевгелија и за градот Скопје. Анализа на првиот изборен круг и на актуелни настани што се случија за време на изборната кампања во рамките на актуелно-информативната програма *Икс/нула* направија аналитичарите Гордан Георгиев и Суад Мисини.

**Интервјуа:** Во информативната емисија на Радио Слободна Европа, емитувана на програмата на Канал 5, беа реализирани интервјуа со претседателските кандидати Љубомир Данаилов – Фрчкоски и Ѓорге Иванов. Канал 5 емитуваше интервју и со д-р Срѓан Керим.

Во рамките на програмата на Радио Слободна Европа, во **вториот круг** беше емитувано интервју со шефот на мисијата на ОДИХР, Питер Ајкер.

**Информативна програма:** На тема избори беа посветени три изданија на емисијата *Во центар*, две емитувани во текот на првиот изборен круг и едно во вториот круг, каде што за изборите свои изјави имаа четворица од кандидатите за претседател кои не влегоа во вториот изборен круг.

**Програми што не се поврзани со избори:** Во двете емисии *Миленко Неделковски шоу*, во **првиот круг од изборите** гости беа претставници на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, во првата кандидатите за градоначалници на Велес, Струмица и градот Скопје, а во втората претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов. И емисијата *Вртелешка* беше реализирана со кандидатите за градоначалници на општините Центар и Карпош од редовите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Во забавната емисија *Не заспивај сега* гости беа кандидатите за градоначалници на општините Центар и Карпош од коалицијата на СДСМ и кандидатите за градоначалници на Велес и Гевгелија од редовите на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Емитувани беа и три изданија на емисијата *Зевзекманија*, каде што низ политичка сатира беа третирани изборите и кандидатите во изборниот процес.

Во **вториот изборен круг**, гостин во *Шоуто на Миленко Неделковски* беше премиерот на РМ, Никола Груевски. Во две изданија на утринската програма *Здраво Македонијо* беа третирани протестите во врска со изградбата на црква на градскиот плоштад во Скопје. Во едно издание од истата програма гостин беше Мирослав Вуиќ, кандидат за градоначалник на општина Центар од коалицијата на СДСМ, кој зборуваше на тема правосудството во државата. Во забавно-информативната програма *Не заспивај сега* гости беа кандидатите за градоначалници на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ за општините Центар и Карпош, Тодоровиќ и Димиќ. Изборниот процес на сатиричен начин беше третиран и во неколку изданија на *Зевзекманија* и *Еднооки*.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно емитуваните 10 часа, 56 минути и 12 секунди платено политичко рекламирање во **првиот круг од изборите**, најголем дел е на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (7 часа, 6 минути и 51 секунда). Коалицијата за промоција на својот претседателски кандидат закупила 1 час, 1 минута и 55 секунди, а за

учесниците на локалните избори 6 часа, 4 минути и 56 секунди. За претседателските избори, најголем обем платено политичко рекламирање е емитувано за кандидатот на коалицијата предводена од СДСМ, Љубомир Фрчкоски (1 час, 32 минути и 27 секунди), а следува Љубе Бошковски со 1 час, 19 минути и 34 секунди. ППР за локалните избори уште е емитувано на коалицијата на СДСМ (50 минути и 57 секунди), ЛДП (3 минути и 50 секунди) и СДУ (2 минути и 10 секунди).

Во **вториот изборен круг** се емитувани вкупно 2 часа, 30 минути и 55 секунди платено политичко рекламирање, речиси исклучиво на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (2 часа, 23 минути и 56 секунди за претставување на кандидатите-учесници на локалните избори и за промоција на претседателскиот кандидат). Преостанатите 7 минути се на ЛДП.

### Телевизија Алсат М

**Вести:** Кај ТВ Алсат М во **првиот круг од изборите** може да се констатира релативна избалансираност во покривањето на претседателските кандидати, со тоа што за кандидатот Љубомир Фрчкоски е одвоено нешто повеќе време. Истото тоа е пресликано и кај можностите за директно обраќање.

**Избалансираност во вестите: ТВ Алсат М**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




Во однос на покривањето на локалните избори телевизијата обезбеди избалансираност согласно со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати. Ова се однесува и на времето доделено за директни обраќања. Алсат М ги покриваше редовните активности на власта, а емитуваше мал обем информации за активностите на Владата во функција на кампањата.

**Избалансираност во вестите: ТВ Алсат М**
**Локални избори 2009 (I круг)**




Во **вториот изборен круг** ТВ Алсат М не обезбеди избалансираност во покривањето на кампањата на двајцата претседателски кандидати: за кандидатот Љубомир Фрчкоски е одвоено многу повеќе време (10 минути) отколку за кандидатот Ѓорге Иванов (2 минути). Истото е пресликано и кај можностите за директно обраќање на двајцата кандидати.

Од друга страна, во однос на покривањето на локалните избори Алсат М обезбеди избалансираност согласно со принципот на пропорционалност, имајќи го предвид бројот на кандидати за градоначалници на двете коалиции од македонскиот блок и на ДУИ. Сепак, и оваа телевизија не известуваше во доволен обем за активностите на независните кандидати. Алсат М воопшто не емитуваше информации за активностите на Владата во функција на кампањата.

**Избалансираност во вести: ТВ Алсат М**
**Локални избори 2009 (II круг)**



**Дебати:** Во рамките на програмата насловена *Македонија гласа*, Алсат М во **првиот круг од изборите** организираше осум дебатни емисии. Четири беа со кандидатите за градоначалници на општините Струга, Тетово, Чаир и Гостивар. Една дебатна емисија беше реализирана со дел од единаесеттемина кандидати за градоначалник на градот Скопје, од условно „поголемите партии и коалиции“ (не беа поканети кандидатите на СДПМ - Трпе Груевски, на коалицијата ВМРО-ДП / ТМРО – Страшо Ангеловски, на ЛП – Душко Поповски, на ВМРО-НП – Драги Колчаковски и на Народно движење за Македонија – Јанко Бачев) и една дебата со претседателските кандидати, со исклучок на Ѓорге Иванов, кој не ја прифатил поканата за учество во емисијата. Преостанатите две дебатни емисии не беа со учесници во изборниот процес, едната беше со амбасадорите на САД, ЕУ и ОБСЕ во РМ, Филип Рикер, Ерван Фуере и Хозе Луис Хереро, а другата со политички аналитичари, универзитетски професори и новинари, и двете на тема избори. Дебатните емисии со кандидатите за градоначалник на општините Струга, Чаир и Гостивар и дебатата меѓу претседателските кандидати беа дополнително репризирани.

Во **вториот изборен круг**, во рамките на програмата *Македонија гласа*, Алсат М организираше три дебатни емисии. На тема „Изборната математика во пресрет на вториот круг од претседателските избори“ дебатираа универзитетските професори Ванковска и Шасивари, новинарот Сефер Тахири и аналитичарот Суад Мисими. За очекувањата од вториот круг своите мислења ги искажаа новинарите Ерол Ризаов, Назим Рашити и Александар Дамовски. За договорот Ахмети-Груевски за вториот круг од изборите, дебатираа аналитичарите Насер Зибери, Мерсим Биљаљи и Имер Исмаили.

**Интервјуа:** Во рамките на истоимената емисија *Македонија гласа* беа емитувани интервјуа со сите претседателски кандидати. Кандидатот за градоначалник на Скопје од редовите на коалицијата на СДСМ, Тито Петковски и кандидатот на ДУИ за градоначалник на општина Чаир, Изет Меџити, одделно беа гости во две изданија на емисијата *На здравје шишање*. Разговорите со нив беа репризирани. Во рамките на емисијата *Отворено студио* беше реализиран разговор со министерот за здравство, Бујар Османи, а во *Еврозум* со министерот за образование, Перо Стојановски. Двете емисии имаа и свое репризно издание.

Во **вториот круг** од изборите беше емитувано интервју со Имер Селмани, а гостин во емисијата *На здравје шишање* беше кандидатот за градоначалник на Тетово од ДУИ, Хазби Лика.

**Платено политичко рекламирање:** ДУИ е партијата која за локалните избори во **првиот изборен круг** преку платено политичко рекламирање беше најприсутна на програмата на ТВ Алсат М (1 час, 12 минути и 46 секунди) од вкупно 1 час и 52 минути отстапено време за ППР. Следуваат Нова Демократија (17 минути и 27 секунди), НСДП (4 минути и 51 секунда), ДПА (3 минути и 55 секунди) и СДУ (3 минути и 4 секунди). За претседателските избори, ППР е емитувано единствено на Имер Селмани.

Во **вториот изборен круг** ДУИ е единствениот политички субјект кој низ платена програма (16 минути и 7 секунди) ги промовирал својата платформа и кандидатите-учесници на локалните избори.

**Радио Канал 77**

**Вести: Канал 77** во **првиот круг** релативно избалансирано ја покриваше изборната кампања и за претседателските и за локалните избори, иако има извесни мали отстапувања во поглед на времето доделено за директни обраќања.




Карактеристично е и тоа што Канал 77 спаѓа во групата медиуми кои избегнуваа да известуваат за настаните што ги организираше Владата во функција на изборната кампања.



Во **вториот круг** оваа радиостаница емитуваше мал обем информации за кампањата за претседателските и за локалните избори. За претседателските кандидати известувањето е релативно избалансирано.

За кандидатите за градоначалници повеќе време и е отстапено на коалицијата на СДСМ (8 минути), а помалку на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (6 минути). Овој медиум не известуваше за настани што ги организираше Владата во функција на изборната кампања.

**Дебати:** Своите ставови претседателските кандидати ги соочија во две изданија на емисијата *Стадион*. Гости во студиото на Канал 77 во првото издание беа кандидатите за претседател од албанскиот политички блок, а преостанатите четворица кандидати телефонски учествуваа во дебатата. Наредното издание на *Стадион* беше реализирано на истиот начин, но со сменети улоги. Гости во студиото, со исклучок на Ѓорге Иванов, беа кандидатите за претседателската функција од македонскиот политички блок, а преку телефон дебатираа Мируше Хоџа, Имер Селмани и Агрон Буџаку.

За време на изборната кампања од **вториот круг**, во рамките на контактната информативна програма *Стадион*, Канал 77 ја отвори програмата како за двајцата кандидати за градоначалник на Скопје – Трајановски и Петковски, така и за слушателите на ова радио.

**Интервјуа:** Радио Канал 77 емитуваше две интервјуа, со шефот на набљудувачката мисија на ОДИХР во Македонија, Питер Ајкер и со амбасадорот на САД, Филип Рикер, и двете емитувани во текот на изборната кампања од првиот круг.

**Платено политичко рекламирање:** Емитувани се 22 минути ППР – на кандидатот за претседател Ѓорге Иванов (21 минута и 14 секунди) и на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (47 секунди).

**Радио Антена 5**

**Платено политичко рекламирање:** Емитуваните 1 час, 30 минути и 3 секунди ППР се на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, пред сè за претставување на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов (1 час, 24 минути и 34 секунди) и 5 минути и 29 секунди за презентирање на учесниците на коалицијата на локалните избори.

**Радио Метрополис**

**Платено политичко рекламирање:** Половина, односно 1 час, 1 минута и 55 секунди, од вкупно емитуваното платено политичко рекламирање (2 часа) е закупено од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Поголемиот дел (34 минути и 20 секунди) е за промоција на Ѓорге Иванов, а 27 минути и 35 секунди за локалните избори. Од претседателските кандидати, платено политичко рекламирање е емитувано само уште на Имер Селмани (2

минути и 44 секунди). За презентирање на своите кандидати преку ППР за локалните избори, програмата на Радио Метрополис ја искористија и независните кандидати (вкупно 29 минути и 15 секунди), НСДП (13 минути и 56 секунди), коалицијата на СДСМ (8 минути и 16 секунди) и Нова Демократија (3 минути и 50 секунди).

### *6.1.3. ТРД – ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ КОИ ЕМИТУВААТ ПРЕКУ САТЕЛИТ*

**Телевизија Алфа**

**Вести:** Во **прввиот круг од изборите** ТВ Алфа во известувањето се фокусираше на кампањата на двете коалиции, поради што неизбалансирано ги покриваше и претседателските и локалните избори. Неизбалансираност се забележува и кај директните обраќања. Од претседателските кандидати најмногу време за директно обраќање доби Љубомир Фрчкоски (30 минути), а од организаторите на изборна кампања за локалните избори – коалицијата на СДСМ (45 минути).




За истакнување е што ТВ Алфа вложи посебен напор во покривањето на кампањата за локалните избори со репортажите од поголемите општини во кои беше направен осврт на најактуелните проблеми со кои се соочуваат општините и идеите на кандидатите за градоначалници за нивно решавање. И ТВ Алфа настојуваше да ги избегнува активностите на власта во функција на изборната кампања.



ТВ Алфа во **вториот круг** речиси воопшто не известуваше за кампањата на двајцата претседателски кандидати, така што не можат да се извлекуваат оценки за избалансираност.

Во покривањето на кампањата за локалните избори ТВ Алфа се фокусираше на активностите на двете коалиции, при што повеќе време одвои за коалицијата на СДСМ (34 минути), додека за активностите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ беа емитувани прилози со времетраење од 32,5 минути, иако оваа коалиција имаше значително поголем број кандидати за градоначалници. Истото може да се констатира и од времетраењето на директните обраќања. ТВ Алфа не известуваше во сразмерен обем и за активностите на ДУИ и на независните кандидати. Како и во првиот круг, оваа телевизија речиси не известуваше за активностите на власта во функција на изборната кампања. Емитувани се два прилога (3,5 минути) во кои ТВ Алфа ја критикува власта за тоа што почнува со изградба на објекти во периодот на изборна кампања.




**Интервјуа:** Во анализираниот период од **вториот круг** ТВ Алфа емитуваше само две интервјуа, и тоа во рамките на програмата *ВИН ВИН*. Едното со Имер Селмани, кое беше репризирано уште двапати, а другото со Љубомир Фрчкоски кое беше репризирано уште еднаш. Во **првиот изборен круг** ваков тип емисии не се емитувани.

**Платено политичко рекламирање:** Емитувано е само за време на **првиот изборен круг** со вкупно времетраење од 4 часа, 53 минути и 40 секунди. Најмногу време за ППР закупила коалицијата предводена од СДСМ (за промоција на претседателскиот кандидат 45 минути и 25 секунди, а за локалните избори 1 час, 16 минути и 15 секунди). Меѓу претседателските кандидати најмногу простор за ППР доби независниот кандидат Љубе Бошковски (1 час, 40 минути и 50 секунди), а платена промоција имаа уште Нано Ружин (6 минути и 53 секунди) и Имер Селмани (6 минути и 14 секунди). За локалните избори: НСДП (24 минути и 34 секунди), ВМРО-Народна партија (18 минути и 10 секунди), ЛДП (13 минути и 37 секунди) и Нова Демократија (1 минута и 42 секунди).

**Телевизија Канал 5 Плус**

**Вести:** Оваа телевизија во **првиот изборен круг** обезбеди релативна избалансираност на кампањата на претседателските кандидати од македонскиот политички блок, додека кампањата на кандидатите на албанските политички партии беше покривана во помал обем. Од друга страна, Канал 5 Плус им овозможи приближно еднакво време за директни обраќања на сите кандидати.




Во покривањето на кампањата за локалните избори се забележува неизбалансираност во полза на двете коалиции. Истата тенденција е пресликана и кај директните обраќања. Канал 5 Плус им посвети значајно внимание на активностите на Владата, како на редовните така и на активностите во функција на изборната кампања.




Телевизија Канал 5 Плус во **вториот круг** известуваше релативно избалансирано за кампањата на двајцата претседателски кандидати.

При покривањето на кампањата за локалните избори, известуваше повеќе за активностите на коалицијата на СДСМ (55,5 минути), додека за активностите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ 46,5 минути, што е недоволно ако се има предвид бројот на кандидати за градоначалници. Исто така, Канал 5 Плус не известуваше во доволен обем и за активностите на ДУИ и на независните кандидати. Медиумот им посвети значајно внимание на редовните активности на Владата (44 минути), а во помал обем (9,5 минути) известуваше и за активностите на власта во функција на изборната кампања.




**Дебати:** На програмата на ТВ Канал 5 Плус, во **првиот круг од изборите** беа емитувани две репризни изданија на емисијата *Икс/нула*, премиерно емитувани на Телевизија Канал 5. Во првата на тема за кадровските понуди на политичките партии дискутираа претставници на медиумите, а втората беше со амбасадорките на Германија и Холандија во нашата земја.

На Канал 5 Плус за време на изборната кампања и од **вториот круг** беше емитувано едно издание на емисијата *Икс/нула,* со аналитичарите Гордан Георгиев и Суад Мисини.

**Интервјуа:** Беше репризиран разговорот со д-р Срѓан Керим, премиерно емитуван на ТВ Канал 5.

**Информативна програма:** Беа репризирани по едно издание на емисиите *Во центар* и *Зевзекманија*, а во **вториот изборен круг** дополнително уште едно издание на емисијата *Во Центар,* во кои тема на разговор беа изборите.

**Програми што не се поврзани со избори:** Од ТВ Канал 5 беа репризирани емисиите *Миленко Неделковски шоу* во кои гостин беше претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов и две изданија на емисијата *Не заспивај сега*, во едната гости беа кандидатите за градоначалници на општините Куманово и Карпош од редовите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, а во втората кандидатите за градоначалници на Гевгелија и Велес од истата коалиција и кандидатите за градоначалници на општините Карпош и Центар од редовите на

коалицијата на СДСМ. Во емисијата за спорт *Жолт офсајд* беше емитуван разговор со директорот на Агенцијата за млади и спорт, Драган Ѓурчевски. Емисијата дополнително беше репризирана.

Во **вториот круг** беа емитувани неколку програми што не беа поврзани со изборите, кои се емитуваа и на Канал 5. Во емисијата *Миленко Неделковски шоу* гостин беше премиерот на РМ, Никола Груевски. Изданието на утринската програма *Здраво Македонијо* во кое учествуваше Мирослав Вуиќ, кандидат за градоначалник на општина Центар од коалицијата на СДСМ и забавно-информативната програма *Не заспивај сега* во која гостуваа кандидатите за градоначалници на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ за општините Центар и Карпош, Тодоровиќ и Димиќ.

### Телевизија Сител 3

**Вести:** Во **првиот круг од изборите,** оваа телевизија во мал обем ја покриваше кампањата за претседателските и локалните избори. Сепак, може да се забележи дека Сител 3 повеќе известуваше за активностите на кандидатите на двете коалиции (на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ), и за претседателските и за локалните избори.

**Избалансираност во вестите: ТВ Сител 3**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




**Избалансираност во вестите: ТВ Сител 3**
**Локални избори 2009 (I круг)**



Истата тенденција се повторува и во отстапеното време за директни обраќања.

Сител 3 и во **вториот изборен круг** во мал обем ја покриваше кампањата за претседателските и локалните избори. За Љубомир Фрчкоски се издвоени 5 минути и 7 секунди за активности и 5 минути и 6 секунди за директни обраќања. За Ѓорге Иванов се издвоени 2 минути и 4 секунди за активности и 59 секунди за директни обраќања.

Во поглед на покривањето на локалните избори, времето доделено на двете коалиции од македонскиот блок и на ДУИ не е сразмерно на бројот на нивните кандидати за градоначалници. Сител 3 воопшто не емитуваше информации за активностите на независните кандидати. За настаните што ги организираше власта во функција на изборната кампања, Сител 3 издвои вкупно 7,5 минути




**Дебати:** Во **првиот круг** од ТВ Сител беа репризирани дебатите емитувани во рамките на емисијата *Ние*, едната со кандидатите за претседател на РМ, а другата со седум од единаесеттемина кандидати кои учествуваа во трката за прв човек на град Скопје (не беа поканети Трпе Груевски - СДПМ, Душко Поповски - ЛП, Драги Колчаковски - ВМРО-НП и Јанко Бачев - Народно движење за Македонија). Исто така, од ТВ Сител беа репризирани и двете изданија на емисијата *Дуел*: во едната ставовите ги соочија кандидатите за градоначалник на Куманово, а во другата кандидатите за градоначалник на Велес, од двете големи коалиции од македонскиот политички блок, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата на СДСМ.

Во **вториот изборен круг** беше емитувана дебатната емисија *Дуел* со кандидатите за градоначалник на Скопје, Коце Трајановски и Тито Петковски, премиерно емитувана на програмата на ТВ Сител.

**Интервјуа:** Од ТВ Сител, во периодот од 25 март до 3 април, беше репризирано и интервјуто со премиерот на РМ, Никола Груевски, реализирано во рамките на магазинот *Ние*.

**Програми што не се поврзани со избори:** Во **вториот изборен круг** од ТВ Сител беше преземено и забавното говорно шоу *Недела со Маја* во кое учествуваше кандидатот за градоначалник на општина Центар, Владимир Тодоровиќ од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

## Телевизија А2

Изборната кампања ја покриваше во актуелно-информативната емисија *Студио 2*, во која се ориентираше повеќе кон подготовка на аналитички прилози поврзани со изборниот процес и на поинакво портретирање на кандидатите за претседател (Еден ден во придружба на кандидатите). Од времетраењето на сите прилози посветени на претседателските кандидати, може да се констатира дека А2 обезбеди релативна избалансираност, иако е издвоено помалку време за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов. А2 најави дека подготвува портрет и за Иванов, како и за другите кандидати, но до крајот на кампањата најавениот прилог не беше реализиран поради тоа што А2 не добила потврден одговор од Иванов.

**Избалансираност во вестите: ТВ А2**
**Претседателски избори 2009 (I круг)**




При информирањето за активностите на политичките партии за локалните избори, А2 главно се фокусираше на двете коалиции.

**Избалансираност во вестите: ТВ А2**
**Локални избори 2009 (I круг)**



И во **вториот изборен круг** Телевизија А2 изборната кампања ја покриваше во актуелно-информативната емисија *Студио 2*, фокусирајќи се повеќе кон аналитичко известување. Релативно избалансирано известуваше за кампањата на двајцата претседателски кандидати, а за локалните избори, односно за кандидатите за градоначалници емитуваше мал обем информации.




Во емитуваните прилози посветени на настаните што Владата ги организираше во функција на изборната кампања во вториот круг (5 минути), А2 покажува критички однос кон власта.

**Информативна програма:** Тема на емисијата *Еврозум*, емитувана во текот на **првиот круг од изборите** беше - што треба да направи новиот градоначалник, за Скопје да добие современ, европски изглед. Гостин во студиото беше проф. Митко Хаџи Пуља, а свои ставови изнесуваа и познати скопски интелектуалци.

### Телевизија Перспектива

**Програми што не се поврзани со избори:** Гостин во емисијата *Албум*, емитувана во текот на **првиот круг од изборите**, беше Мила Искреновиќ, независен кандидат за градоначалник на општина Карпош. Емисијата беше репризирана двапати.

**Платено политичко рекламирање:** Емитуван е мал обем платено политичко претставување на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (10 минути и 45 секунди) и на нејзиниот кандидат за претседател, Ѓорге Иванов (8 минути и 40 секунди) и тоа само во **првиот круг** од изборната кампања.

### Наша ТВ

**Интервјуа:** Наша ТВ во емисијата *Јади бурек* во **првиот изборен круг** реализираше 11 интервјуа, 6 со кандидати за градоначалници исклучиво од редовите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (С.Димиќ, С.Бонева, К.Трендафилов-Нанче, Г.Петров, В.Талевски и К.Трајановски), 4 со претенденти за претседателската функција (И.Селмани, Љ.Фрчкоски,

Љ.Бошковски и Ѓ.Иванов) и едно интервју со новинарката Мирка Велиновска. Сите интервјуа беа уште по еднаш репризирани, освен интервјуто со Ѓорге Иванов кое имаше две репризни изданија.

Од **25 март до 3 април** Наша ТВ емитуваше 13 емисии *Јади бурек* (премиерни изданија и репризи) со гости во студио. Пет (5) емисии беа со новинарот Драган Павловиќ – Латас, една со премиерот на Р.М, Никола Груевски, една со пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ, Влатко Ѓорчев и шест (6) со кандидати за градоначалници од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (Димиќ – Карпош, Тодоровиќ – Центар, и Петров – Велес). Наша ТВ, исто така емитуваше четири интервјуа со Кирил Трендафилов-Нанче, кандидатот за градоначалник на Охрид од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

**Информативна програма:** Изборите беа третирани уште во три емисии *Јади бурек* во текот на првиот круг и две во вториот круг и низ прилози во рамките на емисијата *Кажи и направи нешто добро за Македонија*.

**Програми што не се поврзани со избори:** Во емисијата *Аларм* беа емитувани разговори со сопругите на претседателските кандидати (со исклучок на А. Буџаку) и интервју со Мируше Хоџа. Емисијата, емитувана за време на **првиот круг од изборите**, беше репризирана седумпати.

Во **вториот круг**, во едно премиерно и во две репризни изданија на програмата *Кажи и направи нешто добро за Македонија* е емитуван прилог за поставување темели на спортска сала во општина Карпош, во кој се појавува актуелниот градоначалник и кандидат за градоначалник на оваа општина Саша Димиќ од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Исто така, во едно премиерно и во две репризни изданија на оваа програма е емитуван прилог за одржаниот митинг на овој кандидат за градоначалник.

**Платено политичко рекламирање:** Најголем обем ППР е емитувано за претседателскиот кандидат на Нова Демократија, Имер Селмани (2 часа, 16 минути и 18 секунди), потоа на кандидатот за претседател Ѓорге Иванов (24 минути и 54 секунди) и на коалицијата која го поддржува (21 минута и 25 секунди). Преостанатите 3 минути и 49 секунди, од вкупно 3 часа, 6 минути и 26 секунди платено политичко рекламирање, колку што е емитувано на програмата на Наша ТВ во **првиот круг**, се на СДУ.

Простор за платена промоција во **вториот изборен круг** закупи единствено владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, 6 минути и 20 секунди.

**АБ Канал**

**Информативна програма:** Во анализираниот период (од 25 март до 4 април) е емитувана една програма насловена како *Избори 2009* во која главната тема е албанскиот

фактор и неговото влијание врз изборите. Во рамките на оваа програма е емитувано интервју со Рафиз Алити, потпретседател на ДУИ и изјава на Имер Селмани од Нова Демократија.

**Џангл ТВ**

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно 1 час, 19 минути и 30 секунди на два политички субјекта, доминантно на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1 час, 11 минути и 3 секунди) и мал обем на Нова Демократија (8 минути и 27 секунди), времиња во рамките на кои се промовирани и нивните претседателски кандидати, Ѓорге Иванов и Имер Селмани.

## *6.2. ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО*

### Телевизија БТР

**Вести:** Во **првиот круг** од изборите може да се констатира неизбалансираност во покривањето на кампањата за претседателските избори, ако се има предвид дека воопшто не е информирано за активностите на Мируше Хоџа, а само мал обем информации во однос на другите претседателски кандидати, се емитувани за Агрон Буџаку (39 секунди).




При известувањето за кампањата за локалните избори, оваа телевизија, која и се обраќа првенствено на ромската етничка заедница, покажа видлива неизбалансираност фокусирајќи се доминантно на активностите на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“ (57 минути), додека за активностите на Сојузот на Ромите издвои осум минути и триесет секунди.



Оваа тенденција е уочлива и од времетраењето на директните обраќања: на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“ и беа отстапени 32 минути, а на Сојузот на Ромите само 3 минути.

Во периодот од 25 март до 4 април, при известувањето за претседателските избори, ТВ БТР емитуваше информации главно за кампањата на Љубомир Фрчкоски (8,5 минути), а за активностите на Ѓорге Иванов издвои само 48 секунди.

Во однос на локалните избори, телевизијата повторно покажа видлива неизбалансираност фокусирајќи се исклучиво на активностите на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“ (22 минути). На Сојузот на Ромите воопшто не му беше даден простор во вестите на ТВ БТР.




**Дебати:** Од вкупно 9 дебатни емисии, 5 се со претставници на политичките партии вклучени во локалните избори, а 4 со граѓани од Шуто Оризари, кои дебатираат околу тоа што и треба на општината за да стане подобро место за живеење. Во три од дебатните емисии гостуваа по двајца или тројца од кандидатите за градоначалник на Шуто Оризари, а во ниедна не се појавија Курто Дудуш, кандидат на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“ и независниот кандидат Насер Јашар. Во преостанатите две дебатни емисии гости беа: во едната тројца од осумтемина кандидати за градоначалник на општина Чаир (од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, Нова Демократија), а во другата двајца кандидати за советници во Советот на град Скопје. Сите дебатни емисии беа емитувани во периодот од 2 до 20 март.

**Интервјуа:** ТВ БТР емитуваше две интервјуа во **првиот круг**: со кандидатот за градоначалник на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“, Курто Дудуш и со Неждет Мустафа, еден од лидерите обединети во коалицијата за Шуто Оризари.

Во **вториот круг** ТВ БТР емитуваше три интервјуа, со аналитичарот Суад Месими, со кандидатот за градоначалник на Скопје – Тито Петковски и со кандидатот за градоначалник на општина Шуто Оризари, Курто Дудуш.

**Информативна програма:** Беа емитувани пет информативни емисии во првите 20 дена од изборната кампања: во четири гости беа исклучиво претставници на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари", а во една кандидатот за градоначалник на Скопје од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, Коце Трајановски и Есма Реџепова, кандидат за советник во Советот на град Скопје од истата коалиција.

Во **вториот круг** ТВ БТР емитуваше две информативни програми во кои се анализираа проблемите во општината Шуто Оризари, од кои едната во соработка со ТВ Шутел. Во двете емисии учествуваа само претставници од коалицијата „Заедно за Шуто Оризари".

**Платено политичко рекламирање:** Од телевизиските програмски сервиси на регионално ниво ТВ БТР во **првиот изборен круг** емитуваше најголем обем платено политичко рекламирање, 4 часа, 20 минути и 40 секунди. Речиси подеднакво време за платено политичко рекламирање им е отстапено на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари" (2 часа, 2 минути и 42 секунди) и коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседателски кандидат (2 часа и 1 минута). Покрај за Ѓорге Иванов, ППР беше емитувано и на претседателскиот кандидат на Нова Демократија, Имер Селмани (15 минути и 39 секунди), како и незначително мал обем на Сојузот на Титови леви сили (1 минута и 4 секунди) и коалицијата на СДСМ (16 секунди).

Во **вториот круг** се емитувани 14 минути и 52 секунди ППР на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари".

**Телевизија Шутел**

**Вести:** Може да се констатира неизбалансираност во покривањето на активностите на претседателските кандидати во **првиот круг.**



И оваа телевизија, која и се обраќа првенствено на ромската етничка заедница, во покривањето на кампањата за локалните избори покажа видлива неизбалансираност фокусирајќи се пред сè на активностите на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“ (1 час и 5 минути). За активностите на Сојузот на Ромите издвои 16 минути. Времетраењето отстапено за директни обраќања само ја потврдува наклонетоста на телевизијата кон коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“. На оваа коалиција и беа отстапени 33 минути, а на Сојузот на Ромите 6 минути.




ТВ Шутел во **вториот круг** воопшто не емитуваше информации за кампањата на претседателските кандидати.

При известувањето за кампањата за локалните избори се фокусираше на активностите на кандидатите за градоначалник на општина Шуто Оризари, при што покажа видлива неизбалансираност информирајќи најмногу за активностите на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“ (30 минути), додека за активностите на Сојузот на Ромите издвои само една минута. Оваа тенденција е уочлива и од времетраењето отстапено за директни обраќања: на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари“ и беа отстапени 25 минути, а на Сојузот на Ромите воопшто не му беше дадена можност за директни обраќања.



**Дебати:** За тоа кои се приоритетните проблеми што треба да ги реши новиот градоначалник на Шуто Оризари, одделно во три дебатни емисии, во **првиот круг** дискутираа студенти, средношколци, жители на општината. ТВ Шутел организираше уште две дебатни емисии, во кои учествуваа четворица од седумтемина кандидати за градоначалник на општината: во првата, која беше и репризирана, се соочија Ф. Лесковица од ДПА и Т.Салихаси од Нова Демократија, а во втората дебатираа К.Садик (Народно движење на Македонија), Ф.Лесковица (ДПА) и Е.Бајрам (Сојуз на Ромите).

За време на изборната кампања од **вториот круг**, ТВ Шутел емитуваше две дебатни емисии, едната со новинари, а другата со претставници на различни политички партии.

**Интервјуа:** Во **првиот круг** од изборите беа емитувани четири интервјуа со претставници од коалицијата „Заедно за Шуто Оризари" (две со Ш.Салиу, Д. Јашар, А.Мамудов), едно со кандидатот за градоначалник на општината од истата коалиција и едно интервју со носителот на советничка листа за Шуто Оризари од редовите на ПЕИ.

Две интервјуа со претставници од коалицијата „Заедно за Шуто Оризари", едното со Сулејман Северџан, а другото со Ајдован Мамудов, беа емитувани во периодот од 25 март до 3 април.

**Информативна програма:** Четири информативни емисии исклучиво со претставници на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари", беа емитувани во **првиот изборен круг**, а во **вториот круг,** во соработка со ТВ БТР, организираше отворено студио во кое гостуваа кандидатот за градоначалник и уште тројца претставници од коалицијата „Заедно за Шуто Оризари". Оваа програма беше репризирана уште еднаш..

**Платено политичко рекламирање:** ППР со вкупно времетраење од 2 часа, 36 минути и 24 секунди е емитувано на двете коалиции: „Заедно за Шуто Оризари" (1 час, 39 минути и 42 секунди) и на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, за претставување на Ѓорге Иванов (27 минути и 25 секунди) и за кандидатите-учесници на локалните избори, 29 минути и 17 секунди.

Во **вториот круг** се емитувани 34 минути и 37 секунди ППР на коалицијата „Заедно за Шуто Оризари".

**Телевизија Ера**

**Вести:** Во покривањето на кампањата на претседателските кандидати, ТВ Ера во периодот од 2 до 20 март обезбеди релативна избалансираност.




При покривањето на кампањата за локалните избори, доминантно е известувано за активностите на ДУИ (23 минути), наспроти другите партии од албанскиот политички блок, Нова Демократија (7 минути), ДПА (5 минути) и коалициите од македонскиот блок: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (4 минути) и коалицијата на СДСМ (1 минута).




ТВ Ера во текот на **вториот круг** емитуваше интервју само со претседателскиот кандидат Љубомир Фрчкоски. При известувањето за локалните избори известуваше најмногу за кампањата на ДУИ (21 минута), а значително помалку за активностите на Нова Демократија, и покрај фактот што овие партии во Скопје имаа еднаков број кандидати за градоначалници.




ТВ Ера известуваше и за активностите на централната и локалната власт во функција на изборната кампања (11 минути).

**Платено политичко рекламирање:** Речиси целокупното време за ППР на ТВ Ера во **првиот круг** беше на ДУИ (2 часа, 28 минути и 29 секунди). Во преостанатите 16 минути, ППР беше емитувано на кандидатите за претседател, Љубомир Фрчкоски (6 минути и 12 секунди) и Имер Селмани (4 минути и 54 секунди), како и на Нова Демократија (4 минути и 3 секунди) и на ДПА (45 секунди).

Закупеното време на двете партии од албанскиот политички блок, ДУИ (13 минути и 54 секунди) и Нова Демократија (2 минути и 38 секунди) и претседателскиот кандидат на коалицијата предводена од СДСМ, Љубомир Фрчкоски (3 минути и 28 секунди) го сочинуваат платеното политичко рекламирање емитувано на програмата на оваа скопска телевизија во **вториот круг** од изборите.

**Телевизија МТМ**

**Вести:** ТВ МТМ воопшто не известуваше за кампањата на претседателските кандидати. Поголемиот дел од прилозите за локалните избори им беа посветени на активностите на локалната и централната власт во функција на изборна кампања (вкупно 58 минути), а дел за нивните редовни активности (14 минути). МТМ најмногу информираше за активностите на актуелните градоначалници на скопските општини во функција на изборна кампања (44 минути), кои во исто време беа и кандидати за градоначалници.

И во **вториот круг**, ТВ МТМ не известуваше за кампањата на двајцата претседателски кандидати. При известувањето за локалните избори, оваа телевизија известуваше подеднакво за кампањата на двете коалиции од македонскиот политички блок, обезбедувајќи избалансираност, бидејќи овие две коалиции во Скопје имаа подеднаков број кандидати за градоначалници. МТМ емитуваше и информации за редовните активности на

локалната власт (6 минути), како и информации за активностите на централната и локалната власт во функција на изборната кампања (10,5 минути).

**Интервјуа:** Емитувано е едно интервју – со независниот кандидат за градоначалник на општина Карпош, Мила Искреновиќ.

**Платено политичко рекламирање:** Повеќе од половина (2 часа, 2 минути и 48 секунди) од вкупното време за ППР (3 часа, 59 минути и 17 секунди) емитувано во **првиот круг**, е на независните кандидати за градоначалници или советници во некоја од скопските општини. Следува коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (со закупени 1 час, 55 минути и 22 секунди), од кои 49 минути и 53 секунди за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов.

Во периодот од 25 март до 3 април се емитувани 1 час, 49 минути и 40 секунди ППР на независните кандидати.

**Телевизија Скај Нет**

**Програми што не се поврзани со избори:** Гостин во емисијата *Албум* беше Мила Искреновиќ, независен кандидат за градоначалник на општина Карпош. Разговорот беше репризиран.

**Платено политичко рекламирање:** Половина од вкупното време за платено политичко рекламирање (1 час, 6 минути и 23 секунди) и е отстапено на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседателски кандидат. Преостанатите 33 минути ППР се на независните кандидати (24 минути и 38 секунди) и на СДУ (8 минути и 36 секунди).

**Телевизија Амазон**

**Интервјуа:** Независниот кандидат за градоначалник на општина Гази Баба, Борче Стефановски, во **првиот изборен круг** двапати гостуваше во емисијата *Семафор*, а Сокол Митровски и Жика Стојановски, кандидати за градоначалници на општините Ѓорче Петров и Илинден од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, по еднаш. Интервјуто со С. Митровски и едното од интервјуата со Б.Стефановски беа репризирани. Во рамките на емисијата *Каде оди Македонија,* беа реализирани шест интервјуа, три со кандидатите за градоначалници на општините Петровец, Карпош и Гази Баба од редовите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, потоа со Братислав Димитров – драматург и со универзитетските професори Владо Поповски и Бранислав Саркањац. Емисиите во кои гостуваа тројцата кандидати за градоначалници беа репризирани.

За време на изборната кампања во **вториот круг**, ТВ Амазон емитуваше шест изданија на програмата *Каде оди Македонија*, од кои пет со претставници од ВМРО-ДПМНЕ.

Две со д-р Панде Лазаревски, советник на премиерот Никола Груевски, две со Борче Митевски, кандидат за градоначалник на општина Петровец и едно со Јован Ѓорѓиоски, кандидат за градоначалник на општина Сопиште. Во сите пет изданија се критикуваше опозициската партија СДСМ. Во едно издание од оваа програма гостин беше Оливер Димитријоски, генерален секретар на Македонската студентска унија, кој зборуваше за протестите на плоштадот Македонија по повод најавите за изградба на црква на оваа локација.

Во рамките на програмата *ТВ Семафор*, ТВ Амазон реализираше интервју со Жика Стојановски, кандидат за градоначалник на општина Илинден, кој ја претстави својата програма и даде оценка за првиот круг од изборната кампања.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно 56 минути и 53 секунди ППР, најголем дел (40 минути и 18 секунди) е на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Платено политичко рекламирање е емитувано уште на коалицијата ВМРО-ДП /ТМРО-ВЕП (14 минути и 44 секунди) и на НСДП (1 минута и 51 секунда).

**Телевизија Крт**

**Вести:** Во периодот од 2 до 20 март беше емитуван мал обем прилози посветени на изборната кампања за претседателските избори. Времето доделено на претседателски кандидати е избалансирано.

ТВ Крт релативно избалансирано известуваше од кампањата за локалните избори, отстапувајќи нешто повеќе време за двете коалиции од македонскиот политички блок. За редовните активности на органите на власта, оваа телевизија оддели речиси исто време (28 минути) колку и за информациите кои се однесуваа на кампањата за претседателските и локалните избори (29 минути).




И во **вториот круг** е емитуван мал обем информации поврзани со кампањите за локалните и претседателските избори. За двајцата претседателски кандидати е известувано подеднакво.

Во однос на кандидатите за локалните избори, се следени активностите на ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициски партнери, на ДУИ и на други партии. Емитувани се и информации кои се однесуваат на редовните активности и на активностите на централната власт во функција на изборната кампања.

**Платено политичко рекламирање:** На програмата на ТВ Крт, во **првиот изборен круг**, ППР со вкупно времетраење од 2 часа, 28 минути и 4 секунди, беше емитувано на: ЛДП (39 минути и 25 секунди), коалицијата на ВМРО-ДП / ТМРО-ВЕП (32 минути и 36 секунди), Народно движење за Македонија (30 минути и 38 секунди), независни кандидати (22 минути и 19 секунди), СДСМ (11 минути и 54 секунди) и на НСДП (11 минути и 12 секунди).

Половина од емитуваното ППР во **вториот круг** (вкупно 56 минути и 31 секунда) е на независните кандидати (28 минути и 32 секунди), а преостанатото време им припаѓа на ЛДП (16 минути и 31 секунда) и на СДСМ (11 минути и 28 секунди).

**Телевизија Едо**

**Интервјуа:** Емитувани се две интервјуа – со кандидатите за градоначалник на општина Сарај од ДУИ, Блерим Беџети и од Нова Демократија, Сабахудин Махмути.

**Радио 90,3 ФМ**

**Платено политичко рекламирање:** Најголем обем ППР беше емитувано на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (2 часа, 43 минути и 51 секунда), од кои речиси половина (1 час, 15 минути и 36 секунди) е за претставување на Ѓорге Иванов. Преостанатите нешто повеќе од 1 час платено политичко рекламирање се на коалицијата на СДСМ (33 минути и 32 секунди), независни кандидати (23 минути и 32 секунди) и ВМРО-Народна партија (5 минути и 24 секунди).

**Радио Арачина**

**Платено политичко рекламирање:** Емитувано е ППР само на Нова Демократија и на нејзиниот претседателски кандидат, Имер Селмани, со вкупно времетраење од 14 минути и 40 секунди.

**Радио Буба Мара**

**Платено политичко рекламирање:** Повеќе од половина од времето (вкупно 4 часа, 26 минути и 11 секунди) емитувано во **првиот круг** е за платено претставување на независните кандидати (2 часа, 22 минути и 44 секунди). Следуваат, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со 1 час и 42 минути (1 час, 14 минути и 35 секунди за Ѓорге Иванов) и коалицијата на СДСМ, 21 минута и 23 секунди.

Во **вториот круг** се емитувани политички спотови, со вкупно времетраење од 1 час, 45 минути и 17 секунди, на два политички субјекта: коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (48 минути и 12 секунди за промоција на Ѓорге Иванов и 41 минута и 14 секунди ППР за локалните избори) и ЛДП (15 минути и 51 секунда).

**Радио Клуб ФМ**

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно 5 минути и 20 секунди платено политичко промовирање на независните кандидати за градоначалници на скопските општини.

**Радио Роса АБ**

**Платено политичко рекламирање:** 2 часа и 38 минути од вкупното времетраење на ППР (4 часа, 30 минути и 29 секунди) се закупени од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (46 минути и 15 секунди за претставување на Ѓорге Иванов и 1 час и 52 минути за презентирање на кандидатите за локалните избори). Простор за платено промовирање уште

закупиле: независните кандидати (1 час, 31 минута и 20 секунди), коалицијата на ВМРО-ДП/ТМРО-ВЕП (9 минути и 20 секунди), ЛДП (8 минути и 4 секунди) и Народно движење за Македонија (3,5 минути).

### Радио Сити

**Платено политичко рекламирање:** Најголем обем (2/3) од вкупно 2 часа, 8 минути и 53 секунди платено политичко рекламирање е емитувано на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (30 минути и 23 секунди за Ѓорге Иванов и 53 минути и 20 секунди за другите претставници на оваа коалиција, учесници на локалните избори). Следуваат независните кандидати (20 минути и 45 секунди), СДСМ (10 минути и 35 секунди) и НСДП (8,5 минути). Платено политичко рекламирање е емитувано и на претседателскиот кандидат Имер Селмани (5 минути и 20 секунди).

### Радио Зона М-1

**Платено политичко рекламирање:** Независните кандидати (27 минути и 32 секунди) и коалицијата на СДСМ (6 минути и 18 секунди) се единствените политички субјекти кои преку брановите на Радио Зона М-1, со ППР, се обидуваа да ги придобијат гласовите на избирачите.

### Радио Скај

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно се емитувани 2 часа, 17 минути и 6 секунди, распределени на следниов начин: коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ 1 час и 29 минути (52 минути и 28 секунди за Ѓорге Иванов и 36 минути и 35 секунди за локалните избори), независните кандидати (30 минути и 11 секунди) и СДСМ (17 минути и 52 секунди).

### *6.4 РАДИОДИФУЗЕРИ НА ЛОКАЛНО НИВО*

**БИТОЛА**

**ТВ ТЕРА**

**Вести:** Во првиот и во вториот изборен круг се емитувани вкупно **6 часа и 40 минути** вести кои за тема ги имале аспектите на изборниот процес. Прегледот по теми во оваа минутажа од вестите покажува дека новинарскиот ангажман доминантно – 5 часа 36 минути - бил насочен кон покривање предизборни активности на политичките партии кои кандидираа претседател на државата и градоначалник на Битола и на општините. Новинарскиот пристап при покривањето на активностите на двете најголеми македонски политички партии и нивните политички истомисленици, кај ТВ Тера е безмалку урамнотежен: предизборниот ангажман на СДСМ и коалициските партнери е покриен со – 1 час и 36 минути, а оној на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата со - 1 час и 19 минути. Позабележителна минутажа – 30 минути - во вестите бележиме и околу залагањата на меѓународната заедница за обезбедување демократски изборен амбиент.

Новинарските прилози осмислени како приказ на индивидуални изборни активности на претседателските кандидати (на пример, изјави или извештаи за средби со граѓани) е мошне скромен ако се спореди со времето отстапено за покривање партиски активности: Љубомир Фрчкоски – 3 минути, Ѓорге Иванов – 10 минути, Љубе Бошковски – 9 минути, Агрон Буџаку - 3 минути, Нано Ружин - 3 минути и по 1 минута за Имер Селмани и за Мируше Хоџа. Забележително време од 43 минути им е посветено и на активностите на ЛДП, било преку извештаи за активностите на водечките функционери на оваа партија, било преку активностите на нејзиниот битолски огранок.

**Дебати:** Организирано е **едно** 45-минутно **дебатно соочување**, и премиерно и репризно емитувано на 3 март меѓу двајцата кандидати за советници во општина Битола: Даница Петличкова од СДСМ и Панде Манојлов од ВМРО-ДПМНЕ. Соочувањето се фокусирало врз прашањето за политичките последици произлезени од дефокусираната јавна расправа за важноста на локалните избори и пренасоченото внимание на политичката дебата врз претседателските избори.

**Интервјуа:** Евидентирани се **две интервјуа**, на 31 март (репризирано истиот ден во полноќен термин), во емисијата *Директно* со Томе Наумов, кандидат на СДСМ, носител на листата за советници на општина Битола и на 2 април, непосредно пред вториот изборен круг со Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ. Наумов ги рекапитулирал причините и последиците од постојниот опозициски статус на СДСМ и го анализирал партискиот предизборен ангажман, додека интервјуто со Иванов имало повеќе протоколарна функција, ако се има предвид дека е емитувано со назнака за (недозволен облик) - платена политичка програма нарачана од ВМРО-ДПМНЕ.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно **3 часа 48 минути и 47 секунди** платено политичко рекламирање, најмногу време, 2 часа 48 минути и 2 секунди закупи владејачката ВМРО-ДПМНЕ, додека опозициската СДСМ закупи 48 минути и 31 секунда. Во структурата на овој вид политичка изборна програма бележиме и 10 минути за независниот претседателски кандидат Љубе Бошковски.

**ТВ ОРБИС**

**Вести:** Во едномесечниот период на мониторингот, кај ТВ Орбис се евидентирани **6 часа и 36 минути** вести чија тематика се исклучиво политички активности на партиите и на други домашни или меѓународни субјекти вклучени во изборната кампања. Од ова вкупно време за основниот новинарски жанр, 4 часа и 29 минути се фокусирани врз активностите на организаторите на предизборната кампања, а со 48 минути се покриени активностите на домашниот и на меѓународниот фактор кој се залагаше и апелираше за фер и за демократски изборен амбиент. По застапеност во вестите, времето отстапено за активностите на ВМРО-ДПМНЕ и за неговите коалициски партнери е забележително поголемо од сите други политички субјекти, учесници во изборниот процес: ВМРО-ДПМНЕ – 1 час и 35 минути, СДСМ – 55 минути, ЛДП – 30 минути, додека независните кандидати вкупно беа покриени со 17 минути.

**Интервјуа:** Премиерно се емитувани **10 интервјуа** и 11 нивни репризи. Освен реемитуваното интервју преземено од националната сателитска Наша ТВ со новинарот Драган Павловиќ-Латас, карактеристично е тоа што сите соговорници на новинарите од информативната редакција на ТВ Орбис во емисијата *ТВ Објектив* беа или од партиското раководство на ВМРО-ДПМНЕ, или пак, негови кандидати за локалната власт во Битола и во регионот. На 10 март мониторингот бележи интервју со Ѓорге Иванов, во улога на кандидат за претседател на Република Македонија, кое е репризирано двапати на 11 март и уште еднаш на 31 март. Програмскиот пристап спрема интервјуата - премиерно емитување плус две репризи – бележиме: на 16 и на 17 март со пратеникот Владимир Ѓорчев; на 17 и 18 март со Лазар Котески, актуелен градоначалник и кандидат за истата функција за битолската општина Могила; на 18 и на 19 март со Марјан Ристески, градоначалникот на Прилеп и повторно кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за истата функција; на 19 и на 20 март со Владимир Талевски, градоначалник на Битола и повторно кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за истата функција. На 20 март, пак, мониторингот евидентира и интервју со Лилјана Кузмановска, носител на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ за Битола.

На програмата на ТВ Орбис, во периодот меѓу 29 март и 2 април, реемитувани се и две интервјуа (со по една реприза) со Никола Груевски, еднакво и во улога на премиер и на лидер на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Едното интервју е дадено за емисијата *Лејт Најт Шоу* со Миленко Неделковски на националната ТВ Канал 5, а другото за емисијата *НИЕ*, политичкиот магазин на националната ТВ Сител.

**Информативна програма:** На 8 и на 29 март, терминот од 20 часот за контактната емисија *Говорница*, беше отворен за непосредна дебата на гледачите околу двете најактуелни политички теми, формулирани преку прашањата: „Како го оценувате почетокот на изборната кампања?“ и „Кому од претседателските кандидати повеќе му верувате – на Иванов (ВМРО-ДПМНЕ) или на Фрчкоски (СДСМ)?“

**Платено политичко рекламирање:** Емитувани се вкупно **5 часа 31 минута и 17 секунди** платена политичка програма. Од ова време, ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери имаат закупено 4 часа 11 минути и 54 секунди, додека за нивниот претседателски кандидат Ѓорге Иванов се закупени 1 час 2 минути и 9 секунди. Во структурата на овој програмски облик бележиме речиси 9 минути за предизборни спотови на ЛДП и 8 минути и 16 секунди за Партијата на Власите.

**ТВ МЕДИ**

**Платено политичко рекламирање:** Мониторингот на првиот круг од изборната кампања бележи вкупно **39 минути и 19 секунди** политички спотови: ВМРО-ДПМНЕ – 19 минути и 51 секунди, Ѓорге Иванов – 19 минути и 28 секунди.

**РАДИО Б-97**

**Интервјуа:** Емитувани се **3 интервјуа**: На 9 март со Христо Ивановски – Спанаќо, независен кандидат за градоначалник на Битола, на 13 март со Владимир Талевски, актуелен градоначалник на Битола и кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за нов мандат на истата функција, и на 20 март со Димче Миновски, независен кандидат - носител на листа за советници во општина Битола.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно **3 часа 35 минути и 48 секунди** политички спотови емитувани само во првиот круг на изборната кампања, за промоција на Ѓорге Иванов се откупени – 14 минути и 16 секунди, за ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери – 2 часа 22 минути и 32 секунди, за Љубе Бошковски – 57 минути и 22 секунди и за ЛДП – 1 минута и 20 секунди.

**РАДИО БИТОЛА**

**Вести:** Мониторингот се однесува само на првиот изборен круг, кога се евидентирани вкупно – 2 часа и 16 минути вести за изборната кампања. Оваа минутажа е релативно рамномерно распоредена за покривање на предизборните активности на повеќе политички субјекти, а релевантни за споменување се следниве: СДСМ и опозициската коалиција – 28 минути, ЛДП – 27 минути, ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери – 16

минути, НСДП – 12 минути и ПОДЕМ – 8 минути. Според исклучително малите минутажи за индивидуален радиоприказ на кандидатите за претседател на државата, очигледно е дека информативната редакција на Радио Битола главно се насочила кон кратки извештаи за колективните партиски активности.

**Платено политичко рекламирање:** Следен е само првиот круг на изборната кампања, а се евидентирани вкупно **1 час 50 минути и 50 секунди** политички спотови. Структурата на закупеното време по политички субјекти е следна: ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери – 1 час 45 минути и 30 секунди, коалицијата на СДСМ – 5 минути и 20 секунди.

**РАДИО АКТУЕЛ**

**Платено политичко рекламирање:** Само за првиот круг на изборната кампања, мониторингот бележи вкупно **1 час и 34 минути** политички спотови, а рекламната минутажа е распоредена вака: ВМРО-ДПМНЕ– 36 минути, НСДП – 14 минути, ПОДЕМ – 16 минути, ЛДП – 18 минути, Љубе Бошковски – 10 минути.

**РАДИО 106**

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно **52 минути и 43 секунди** политички спотови емитувани во првиот изборен круг, структурата на закупеното време ги содржи следниве политички субјекти: ВМРО-ДПМНЕ– 42 минути и 3 секунди, СДСМ – 2 минути, ЛДП – 8 минути и 40 секунди.

**БЕРОВО**

**РАДИО СКАЈ ПЛУС, Берово**

**Платено политичко рекламирање:** Првиот круг на изборната кампања опфаќа вкупно **1 час 28 минути и 22 секунди** предизборни спотови: ВМРО-ДПМНЕ - 27 минути и 7 секунди, коалицијата на СДСМ – 20 минути и 19 секунди, Нано Ружин – 1 минута и 36 секунди, Љубе Бошковски – 13 минути и 56 секунди, Ѓорге Иванов - 25 минути и 24 секунди.

**ВАЛАНДОВО**

**ТВ ВТВ**

**Платено политичко рекламирање:** Следен е само првиот круг на изборната кампања, а се евидентирани вкупно **1 час и 15 секунди** политички спотови. Маркетиншката

минутажа е поделена меѓу коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 45 минути и Ѓорге Иванов – 15 минути и 15 секунди.

**РАДИО ВАЛАНДОВО**

**Платено политичко рекламирање:** Во малиот рекламен обем - **18 минути и 15 секунди,** спотови од првиот круг на изборната кампања, влегува минутажата за ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери – 13 минути и 40 секунди и за ЛДП – 4 минути и 35 секунди.

**ВЕЛЕС**

**ТВ КАНАЛ 21**

**Вести:** Издвоено, времето во вестите посветено исклучиво за покривање на изборната кампања изнесува **вкупно 2 часа и 15 минути.** Споредбено, за активностите на коалициите на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ и на најголемата опозициска партија СДСМ, ТВ Канал 21 отстапи рамноправно време за изразување на предизборните платформи: ВМРО-ДПМНЕ – 45 минути и 15 секунди, СДСМ – 46 минути и 50 секунди. Истата постапка се забележува и кај покривањето на кампањата за претседателските избори, со тоа што времето за вести во врска со оваа изборна тематика е драстично помало во однос на интересот за локалните политички визии. Накратко, на сите претседателски кандидати кои имале политички настап пред гласачите во Велес (значи, не е покривана кампањата на Мируше Хоџа, кандидатката на ДПА), посветени им се кратки прилози со времетраење по 2 минути.

**Дебати:** Организирани се **4 дебатни емисии**, на 14, 18, 19 и на 20 март, сите тематски фокусирани на локалните избори. Непосредниот дуел меѓу Аце Коцевски, тогашниот актуелен градоначалник на Велес и кандидат на коалицијата ЛДП и СДСМ, и Горан Петров, кандидатот на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, е реализиран во два наврата, еднаш во изворна продукција на ТВ Канал 21, а вторпат преку реемитуваната емисија *ТВ Дуел* од националната ТВ Сител. Во преостанатите две дебатни соочувања, од 19 и од 20 март, го бележиме присуството и на градоначалничките и на општинските кандидати: Лазо Игнатовски (СДУ), Томислав Крстиќ (Сојузот на Титовите леви сили), Марјан Костадинов (коалицијата на ЛДП со СДСМ и со НСДП) и Емил Дончев (ВМРО-Народна партија), како и на независните кандидати за овие функции.

**Интервјуа:** Во периодот од 12 март до 1 април се емитувани **14 интервјуа** со политичари од двете најбројни македонски политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Од редовите на ВМРО-ДПМНЕ гостуваа: Илија Димовски (на двапати), Елизабета Канчевска-Милевска, министер за култура, Славко Чадиков, Александар Колев, Владимир Ѓорчев, Александар Бичиклиски и Гордана Јанкуловска, министер за внатрешни работи. Од редовите

на СДСМ и нејзиниот коалициски партнер ЛДП, гостуваа: Марјан Николов, Панче Иванов, Асен Прличков, Аце Коцевски, Јани Макрадули и Радмила Шеќеринска.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно евидентирани **4 часа 21 минути и 55 секунди,** во структурата на платеното политичко рекламирање, за партиските и за коалициските спотови бележиме: 1 час и 57 минути и 10 секунди откупени од ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери и – 1 час и 30 минути и 40 секунди откупени од СДСМ и коалициските партнери. Во однос на рекламите за претседател на Република Македонија, убедливо предничи времето за политичкиот маркетинг на Ѓорге Иванов, кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ – 49 минути и 15 секунди, наспроти 2 минути и 10 секунди за Љубе Бошковски, независен кандидат, една минута и 30 секунди за Љубомир Фрчкоски, кандидат на СДСМ и една минута за Нано Ружин, кандидат на ЛДП.

**ТВ ЗДРАВКИН**

**Вести:** Изборниот процес во првиот и во вториот круг е покриен со вкупно **3 часа и 52 минути.** Тематски, новинарското информативно внимание од 3 часа и 14 минути очекувано е насочено кон тематиката во врска со активностите на организаторите на кампањата и промотивните активности на кандидатите за локалните избори и на кандидатите за претседател на државата. Споредбениот извештај за минутажите со кои во Велес и во неговиот регион биле покривани агитациите на најголемите политички блокови од македонските партии, изгледа вака: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 1 час и 5 минути, коалицијата на СДСМ - 1 час и 14 минути. Во ова време се вкалкулирани и минутите за ангажманот на претседателските кандидати од споменатите коалиции. Меѓутоа, издвоени како поединечни минутажи од индивидуалното, непосредно телевизиско појавување на претседателските кандидати, извештаите сугерираат минорна застапеност на сите претседателски кандидати, со времетраење од 2 до 3 минути. Во структурата на вестите, поради исклучиво регионалниот новинарски ангажман, нема информации за кампањата на Мируше Хоџа, претседателски кандидат на ДПА. Покрај споменатата „блоковска поделеност“ на времето за најголемите политички коалиции на двете водечки македонски партии, минорно е времето отстапено за ангажманот на помалите политички субјекти кои се пројавиле со предизборни активности во Велес или во овој регион.

**Дебати:** Единствената дебата е емитувана на 18 март, и тоа како реемитувана емисија од националната ТВ Сител. Имено, во емисијата *ТВ Дуел* директно биле соочени локалните политички платформи на Аце Коцевски, тогашен актуелен градоначалник на Велес а воедно и кандидат на ЛДП во коалиција со СДСМ и со НСДП, и на Горан Петров, кандидат на ВМРО-ДПМНЕ.

**Интервјуа:** Мониторингот го покажува интервјуто како најзастапен информативен жанр преку кој ТВ Здравкин и ги презентираше политичките предизборни ставови на својата публика. Но, **14 емитувани интервјуа** во периодот од 16 март до 3 април повторно за

соговорници имаат исклучиво политичари или од врвот на ВМРО-ДПМНЕ или од врвот на СДСМ. Темите се испреплетуваат околу локалните и претседателските избори. Десет интервјуа се емитувани во емисијата *Актуелно* (две интервјуа се реемитувани од велешката ТВ Канал 21, а по едно од националните - Наша ТВ и ТВ Канал 5), а гостуваа: Аце Коцевски, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Игор Ивановски и Љубомир Фрчкоски (претставници на политичката опција на коалицијата околу СДСМ), и Горан Петров, Влатко Ѓорчев, Илија Димовски, Иво Ивановски, Драган Ѓурчевски, Панде Лазаревски, Лилјана Поповска и Никола Груевски (претставници на политичката опција на коалицијата околу ВМРО-ДПМНЕ). Со свое видување на изборните резултати по првиот круг во *Актуелно* гостуваше и Слободан Угриновски, претседател на Титовите леви сили.

**Платено политичко рекламирање:** Најголем удел во структурата од **вкупно 6 часа 16 минути и 48 секунди** емитувано платено политичко рекламирање, мониторингот покажува на страната на ВМРО-ДПМНЕ – 4 часа 47 минути и 16 секунди, а на страната на СДСМ – 1 час 7 минути и 32 секунди. Преостанатите 21 минута беа откупени за политичкиот маркетинг на Ѓорге Иванов, претседателски кандидат на ВМРО-ДПМНЕ.

**РАДИО ЦЕ- ДЕ**

**Платено политичко рекламирање:** За првиот круг на изборната кампања се закупени вкупно **3 часа 41 минута и 24 секунди** политички спотови, и тоа од: ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери – 2 часа 21 минути и 7 секунди, коалицијата на СДСМ – 23 минути и 57 секунди, ЛДП – 2 минути и 40 секунди, Љубе Бошковски – 5 минути и 40 секунди, и Ѓорге Иванов – 48 минути.

**РА ГОЛДИ**

**Вести:** Во првиот круг од изборниот процес РА Голди известуваше вкупно 2 часа и 32 минути. Најмногу беа покривани активностите на коалицијата СДСМ (00:52:30). Иако со значително помал обем, овој програмски сервис известуваше и за активностите на речиси сите кандидати за претседател.

**Платено политичко рекламирање:** На програмата на РА Голди, во првиот круг се емитуваа вкупно 5 часа 41 минута и 40 секунди платени политички реклами. Нарачател на најголемиот дел од нив е коалицијата на СДСМ – 4 часа 24 минути и 20 секунди. Останатата минутажа е распределена меѓу 4 политички субјекти: Љубе Бошковски (14 минути и 15 секунди), Љубомир Данаилов – Фрчкоски (5 минути и 45 секунди), независни кандидати (14 минути и 30 секунди) и НСДП (42 минути и 50 секунди).

**РА МЕРАК 5 ФМ**

**Вести:** Речиси целото време издвоено за покривање на кампањата во првиот круг (49 минути) беше за активностите на политичките субјекти кои директно учествуваа во изборниот процес. За претставувањето на кандидатите и програмата на коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ се издвоени по 17 минути, додека преостанатото време отпаѓа на ВМРО – Народна партија, ЛДП, ПОДЕМ и независните кандидати. Претседателската кампања беше покривана со многу помал интензитет.

**Платено политичко рекламирање:** Времето за платеното политичко рекламирање изнесува само 6 минути и е закупено од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.

**ВИНИЦА**

**РА ЛА КОСТА**

**Платено политичко рекламирање:** Емитувани се само 1 минута и 15 секунди платено политичко рекламирање и тоа 15 секунди за коалицијата на СДСМ и 1 минута за ЛДП.

**ГЕВГЕЛИЈА**

**ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА - ГЕВГЕЛИЈА**

**Вести:** Во првиот круг прилозите во вестите на ТВ Нова поврзани со изборите претежно беа посветени на активностите на кандидатите за градоначалник и за членовите на советот на општина Гевгелија. Од вкупно 55 минути и 46 секунди, по околу 19 минути се издвоени за кандидатите од коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. Активностите на претседателските кандидати воопшто не се покривани, односно е издвоена само една минута за претставувањето на кандидатот Љубе Бошковски.

**Дебати**: Во дебатата организирана на 19 март, својата програма ја претставија кандидатите за градоначалник Иван Франгов од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, Петко Смилков од СДСМ, Васил Џинов од ЛДП, Мери Чурлинова – Калајџиева од ПОДЕМ и независните кандидати Драги Делев и Слободан Делев. Од оправдани причини, отсуствуваше само независниот кандидат Кирил Миланов. Кандидатите говореа на теми поврзани со децентрализацијата, како и теми поврзани со конкретни проблеми на општина Гевгелија – нејзиниот локален и економскиот развој, како и за развојот на културата, спортот и школството.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупното време за платено политичко рекламирање (7 часа 32 минути и 54 секунди), најголем дел закупија коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и независните кандидати – по околу 2 часа и 16 минути.

**РА ТАЈМ ГЕВГЕЛИЈА**

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно 1 час 35 минути 22 секунди. Најмногу време закупија независните кандидати (31 минута и 51 секунда), потоа претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов (28 минути), СДСМ (21 минута и 36 секунди), коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (8 минути и 45 секунди) и ЛДП (5 минути и 10 секунди).

**ГОСТИВАР**

**ТЕЛЕВИЗИЈА ДУЕ**

**Вести:** Кај ТВ Дуе, во дневно-информативната програма мониторингот бележи мошне мал обем на информации (25 минути). Во првиот круг овој програмски сервис речиси и да не информираше за активностите на кандидатите. Имено, пласирани се информации за започнување на кампањите за локалните и претседателските избори и за средбата на американскиот амбасадор Филип Рикер со шестемина кандидати за градоначалник на општина Гостивар. И во вториот круг е одвоено многу малку време за изборните активности. Во овој период се информираше за потребата од фер и демократски избори и за кандидатите кои ја продолжуваат трката за локалните избори.

**Бесплатно претставување:** Спротивно на принципот на пропорционалност, од шестемина кандидати за градоначалник, на 13 март бесплатно беше претставен само независниот кандидат за градоначалник Руфи Османи.

**Платено политичко рекламирање:** Во двата круга, на ТВ Дуе се емитувани 21 часа 41 минута и 37 секунди платени политички реклами, во најголемиот дел на ДУИ (10 часа и 40 минути) и на независните кандидати (8 часа и 51 секунда).

**РА КОМЕТА 2000**

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно 1 час 34 минути и 10 секунди за два политички субјекта: претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов (1 час, 16 минути и 40 секунди) и коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (17 минути и 30 секунди).

**ДЕБАР**

**РА МЕРЛИН**

**Платено политичко рекламирање:** Време за платени политички реклами закупи само една политичка партија – ДУИ (18 минути и 40 секунди).

**ЦЕНТАР ЖУПА**

**ТВ ЖУПА**

**Вести:** За следење на изборниот процес во периодот од 2 до 20 март, ТВ Жупа издвои 1 час и 38 минути. Во текот на кампањата оваа телевизија покрај информациите за одржаните митинзи и средби на поголем дел од учесниците во изборната трка со граѓаните, известуваше и за активностите на други релевантни субјекти непосредно поврзани со изборите (ОБСЕ, невладини организации). Преку разговорите со претставници од Министерството за правда, граѓаните добија информации за остварувањето на своето избирачко право.

**Информативна програма:** Пред крајот на првиот изборен круг, на 18 март, на програмата на ТВ Жупа е емитувана снимка од јавната трибина на тема: *Зошто ни се потребни фер и демократски избори?* Трибината беше организирана од невладината организација „Риниа Толеранте" со поддршка на повеќе невладини организации. Покрај новинари и аналитичари, на трибината учествуваа и претставници од ДПА, ВМРО-ДПМНЕ, ПЕИ, Нова Демократија и независни кандидати.

**Платено политичко рекламирање:** Оваа телевизија емитуваше вкупно 8 часа 44 минути и 50 секунди платено политичко рекламирање. Од нив, најмногу време има ДУИ (3 часа 1 минута и 30 секунди), а потоа следуваат ВМРО-ДПМНЕ со 1 час и 31 минута и независните кандидати со 1 час 13 минути и 15 секунди.

**РА СЕМИ**

**Интервјуа:** На речиси самиот почеток на кампањата е реализирано едно интервју со кандидатот за градоначалник Хасан Мазлум од Демократската партија на Турците.

**Бесплатно претставување:** Од двајцата кандидати за градоначалник на Центар Жупа, бесплатно беше претставен само кандидатот од Демократската партија на Турците, Хасан Мазлум – еднаш со времетраење од 20 минути, а вториот пат 30 минути. Можноста за дваесетминутно бесплатно претставување ја искористи и Ракип Малоски, кандидат за градоначалник на Дебар од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

**Платено политичко рекламирање:** Вкупното време од 6 часа и 12 минути во првиот круг е закупено од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ - 4 часа 8 минути и Ѓорге Иванов - 2 часа и 4 минути.

**ДЕЛЧЕВО**

**ТЕЛЕВИЗИЈА Д1**

**Вести:** Оваа телевизија првиот круг од изборниот процес го проследи со вкупно 1 час и 2 минути, посветени на теми поврзани со активностите на кандидатите кои учествуваа во локалните и претседателските избори. Иако во значително помал обем, не изостанаа и информациите од Државната изборна комисија и редовните активности на органите на локалната власт.

**Интервјуа:** За време на изборната кампања во првиот круг, со времетраење од 21 минута беше емитувано интервју со Весна Илиевска, советник за економски прашања во општина Делчево.

**Бесплатно претставување:** Со времетраење од 5 до 10 минути беа претставени сите кандидати за градоначалник на општина Делчево: Мирко Иванов од Социјалдемократскиот сојуз, Горан Малешевски од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, Митко Василевски од СДУ, Златко Ѓеоргиевски, кандидиран од група избирачи В.Н и Влатко Димитровски од Либерално–демократската партија. Исто така, телевизијата бесплатно ги претстави и поголемиот дел од носителите на листите на кандидати за членови на советот на општината.

**Платено политичко рекламирање:** Закупеното време за платено политичко рекламирање е распределено меѓу три политички партии и независни кандидати на следниов начин: ВМРО-ДПМНЕ 45 минути и 36 секунди, коалицијата на СДСМ 24 минути и 13 секунди, независните кандидати 12 минути и 36 секунди и ВМРО-Народна партија 10 минути.

**РА ЗОРА**

**Бесплатно претставување:** Од петтемина кандидати за градоначалник, бесплатно се претставени само двајца: Влатко Димитровски од ЛДП и кандидатот кандидиран од група избирачи В.Н Златко Ѓеоргиевски. Покрај на кандидатите за градоначалник, можност за петминутно бесплатно претставување им беше дадена и на петмина носители на листи за членови на советот на општината, и тоа на: Слободан Димитровски од ВМРО-Народна партија, Езѓан Мемедов од група избирачи Е.М, Мира Стојчевска од СДСМ и Зоран Василевски од СДУ.

**Платено политичко рекламирање:** Овој програмски сервис емитуваше 3 часа 57 минути и 12 секунди платено политичко рекламирање за следниве субјекти: коалиција на ВМРО-ДПМНЕ (2 часа, 12 минути и 38 секунди), независни кандидати (45 минути и 49 секунди), СДСМ (30 минути и 40 секунди), ЛДП (11 минути и 35 секунди), СДУ (5 минути), Љубе Бошковски (6 минути и 55 секунди) и Нано Ружин (4 минути и 35 секунди).

### КАВАДАРЦИ

### ТВ КТВ 41

**Вести:** За активностите на организаторите на кампања и кандидати, редовните и активностите на органите на власт во функција на кампања и за информирање за начинот и техниката на гласање, КТВ 41 во првиот круг издвои вкупно 5 часа 12 минути и 59 секунди.

**Информативна програма:** Емитувани се две информативни програми. Првата, насловена како *Калабалак,* за тема ја имаше акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина", односно учеството на кандидатите за градоначалник: Александар Панов од ВМРО-ДПМНЕ, Ратко Грков од СДСМ, Стојанче Лазов кандидат од ВМРО-ДПМНЕ за Росоман во оваа акција. На 22 март е емитувана *Отворена програма – Избори 2009,* којашто беше посветена на текот и атмосферата на гласањето и резултатите од првиот круг.

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно 4 часа 46 минути и 11 секунди се распределени меѓу неколку политички субјекти. Речиси половина од времето е закупено од независните кандидати – 2 часа 12 минути и 16 секунди. Во преостанатото време најмногу се рекламираа претседателскиот кандидат Ѓорѓе Иванов (55 минути и 19 секунди), СДСМ (45 минути и 4 секунди) и коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (43 минути и 10 секунди).

### ТВ ТИКВЕШИЈА

**Вести:** Вестите за изборите сочинуваат 3 часа и 25 минути од времето на дневно-информативните емисии емитувани на оваа телевизија во текот на првиот круг од кампањата. Речиси целото време е искористено за покривање на активностите на организаторите на кампања. Во фокусот на медиумскиот интерес беа активностите на независните кандидати (1 час, 6 минути и 40 секунди), на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (55 минути и 40 секунди) и НСДП (27 минути). И овој програмски сервис многу малку известуваше за кампањата на претседателските кандидати.

**Интервју:** При крајот на првиот изборен круг, емитувани се две интервјуа со времетраење од по 30 минути. Првото интервју е реализирано со пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ, Влатко Ѓорчев, во рамките на емисијата *Кај нас...Со нас...За вас...*. Гостинот зборуваше за прашања поврзани со неговата работа во Комисијата за одбрана на Собранието на РМ, но опфати и пошироки политички и економски теми кои ја засегаат Република Македонија. Не изостанаа и локалните теми поврзани со развојот на општина Кавадарци. Својата изборна програма за локалните проблеми на општината (средување на водоводната мрежа, модернизирање на општинската администрација, екологија) во интервјуто реализирано на 19 март, ја претстави независниот кандидат за градоначалник на Кавадарци - Душко Сапунџиев.

**Информативна програма:** На 12 март е емитувана информативната емисија *Отворено со*. Концептот на емисијата беше третирање на локалните проблеми на општината преку гостување на еминентни личности. Гостин беше Александар Панов, поранешен

правник во ЈП Кавадарци и кандидат за градоначалник. Тема на емисијата беа главните еколошки и комунални проблеми: квалитетот и квантитетот на водата за пиење, проблемите со водоснабдувањето и слично.

**Платено политичко рекламирање:** Во текот на 18-те дена, колку што траеше кампањата во првиот круг, осум политички субјекти закупија 10 часа и 3 секунди од времето на оваа телевизија. Најголем дел од времето е закупен од независните кандидати – 4 часа 19 минути и 42 секунди, потоа од претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов 2 часа 41 минута и 46 секунди и коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ 1 час 44 минути и 5 секунди.

**РА ГАЛАКСИ 2002**

**Интервјуа:** За локалните теми поврзани со урбанистичките прашања, промоција на лозарството, развој на туризмот и слично, на 18 март во *Галакси брекфест*, гостин беше Глигорчо Ристов, носител на листата од група избирачи Г.Р

**Платено политичко рекламирање:** Емитувани се 2 часа 48 минути и 49 секунди платени политички реклами за следниве субјекти: независни кандидати (1 час 59 минути и 15 секунди), ВМРО-ДПМНЕ (37 минути и 32 секунди), СДСМ (11 минути и 38 секунди), и Љубе Бошковски (24 секунди).

**РА КАВАДАРЦИ**

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно 4 часа 39 минути и 24 секунди за два организатори на кампања и двајца претседателски кандидати: ВМРО-ДПМНЕ (1 час 10 минути и 47 секунди), независни кандидати (58 минути и 54 секунди), Ѓорге Иванов (2 часа 28 минути и 13 секунди), и Љубе Бошковски (1 минута и 30 секунди).

**КИЧЕВО**

**ТВ БОЕМ**

**Интервју:** Во текот на кампањата во првиот круг се емитувани вкупно 8 интервјуа. Од нив, едно интервју беше реализирано со кандидатот за градоначалник од ДПА Дервиш Алими, а останатите седум се преземени од Наша ТВ, т.е. емитувани во рамките на емисијата *Јади бурек*. Интервјуто со Алими, спротивно на професионалните новинарски стандарди е означено како платено политичко рекламирање.

На 11 март гостин беше кандидатот за градоначалник на општина Карпош од ВМРО-ДПМНЕ, Саша Димиќ. Тој на гледачите им ја претстави својата изборна програма, веќе реализираните проекти и проектите кои остануваат да се реализираат. На 12 март се емитувани интервјуа со Силвана Бонева, кандидат за градоначалник на Струмица, Кирил

Трендафилов – Нанче, кандидат за градоначалник на Охрид и Горан Петров, кандидат за градоначалник на Велес, сите од ВМРО-ДПМНЕ. Тие ја критикуваа работата на актуелните градоначалници на споменатите општини, но гледачите имаа можност да се запознаат и со нивната програма. Во наредните денови, заклучно со 19 март можноста да ја претставаат својата програма ја искористија четворица претседателски кандидати: Имер Селмани, Љубомир Данаилов – Фрчкоски, Љубе Бошковски и Ѓорге Иванов и кандидатот од ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Скопје, Коце Трајановски.

**Информативна програма:** Едно издание на емисијата „Јади бурек" е емитувано на 4 март. Тема на емисијата беа изборите генерално, со тоа што водителот со позитивна конотација зборува за работењето на Владата.

**Платено политичко рекламирање:** Времето за платени политички реклами е закупено од две политички партии и двајца претседателски кандидати, и тоа: ВМРО-ДПМНЕ 57 минути и 44 секунди, ЛДП 1 минута и 30 секунди, Ѓорге Иванов 1 час 11 минути и 20 секунди и Имер Селмани само 25 секунди.

**РА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ**

**Платено политичко рекламирање:** РА Александар Македонски емитуваше платени политички реклами за ВМРО-ДПМНЕ (13 минути и 20 секунди), ЛДП (1 минута и 55 секунди), Љубе Бошковски (1 час и 39 минути), независни кандидати (43 минути и 5 секунди), ПОДЕМ (11 минути) и СДСМ (1 минута и 20 секунди).

**КОЧАНИ**

**ТВ КАНАЛ 8**

**Вести:** Преку прилозите во вестите, во првите осумнаесет дена од кампањата Канал 8 информираше за изборните програми и активностите на кандидатите за градоначалници и на носителите на листи, а беа претставени и дел од претседателските кандидати. Од вкупно 2 часа 12 минути и 27 секунди најмногу време е одвоено за двете поголеми коалиции СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. За нив е издвоено приближно исто време – по околу четириесетина минути – наспроти другите субјекти кои се застапени значително помалку.

**Бесплатно претставување:** Канал 8 вложи напори бесплатно да ги претстави тројцата кандидати за градоначалник и поголемиот дел од носителите на листи за членови на советот на општината. Имено, во повеќе наврати се емитувани портретите и претставувањето на изборните програми на кандидатите за градоначалник, а се претставени и носителите на листи од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ЛДП, НСДП и ВМРО-Народна партија. Време за вакво претставување не е отстапено за носителите на листи кандидирани од партијата Народно движење за Македонија, група избирачи Д.Л и група избирачи Д.М.

Емитувано е и едно бесплатно политичко претставување на претседателскиот кандидат Љубе Бошковски.

**Платено политичко рекламирање:** Емитувани се вкупно 1 час 24 минути и 25 секунди платени политички реклами. Најмногу реклами се емитувани за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов – 40 минути и 54 секунди. Потоа следува ВМРО-ДПМНЕ со 20 минути и 14 секунди, а речиси исто толку време има и СДСМ – 19 минути и 47 секунди. Останатите два субјекта се рекламираа нешто повеќе од 1 минута и 30 секунди – ВМРО-Народна партија 1 минута и 50 секунди и ЛДП 1 минута и 40 секунди.

**ТВ КОЧАНИ – ЛД**

**Вести:** За информациите поврзани со изборните активности во првиот круг, телевизијата одвои 1 час и 15 минути. Најголем дел од прилозите се однесуваа на активностите на кандидатите од двете поголеми коалиции и тие беа речиси подеднакво застапени во вестите (по околу 17 минути). Иако во значително помал обем, овој програмски сервис ги опфати изборните активности на Работничката партија на Македонија и ВМРО-Народна партија. Претседателската кампања е опфатена преку извештаите за активностите на тројцата кандидати: Љубомир Данаилов - Фрчкоски, Ѓорге Иванов и Љубе Бошковски. Не изостанаа информации и за последната седница на локалната самоуправа, како и информациите за дејствувањето на централната власт во функција на кампањата.

**Дебати:** Во првиот круг од изборната кампања, во континуитет е емитувана дебатната емисија *Отворено*. Емитувани се 5 изданија (четири премиерни и едно репризно). Во изданието на 12 март, за проектите кои би ги реализирале, говореа носителите на листи за членови на советот на општината, Бети Кузмановска од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, Огнен Јовиќ од коалицијата СДСМ, Љупчо Стоилков од ВМРО-Народна партија и Даниел Глигоров од Народно движење за Македонија. На истата тема своите мислења ги спротивставија и Марјан Костадинов од коалицијата на СДСМ и Емил Дончев од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Во дебатата на 18 март учествуваа Орце Митров од коалицијата СДСМ и Јорданчо Лефов од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ. На 19 март кандидатите за градоначалник Влатко Серафимов од коалицијата СДСМ, Светислав Сенесов од ВМРО-НП, Ратко Димитровски од ВМРО-ДПМНЕ ги претставија своите изборни програми пред гледачите на ТВ Кочани и дадоа своја оценка за текот на кампањите. Ова издание е репризирано следниот ден, на 20 март.

Со претставниците од останатите партии кои имаа свои кандидати за членови на советот на општината (Социјалдемократска партија, група избирачи Д.Л, група избирачи В.М, НСДП и ЛДП) не беа реализирани дебати.

**Информативна програма:** Со времетраење од педесетина минути, ТВ Кочани емитуваше една информативна програма (едно премиерно и едно репризно издание). Гостин беше Благоја Ситновски, кој говореше за влијанието на предизборната атмосфера врз стопанството во Кочани.

**Бесплатно претставување:** Во два наврата беа претставени тројцата кандидати за градоначалници на општината: Ратко Димитровски од ВМРО-ДПМНЕ, Влатко Серафимов од СДСМ и Светислав Сенесов од ВМРО-Народна партија.

**Платено политичко рекламирање:** ТВ Кочани во текот на првиот круг од кампањата, емитуваше политичко рекламирање со времетраење од 2 часа 42 минути и 11 секунди. Најголем дел е на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (1 час 21 минута и 3 секунди), а веднаш потоа следува СДСМ (1 час 7 минути и 53 секунди). Преостанатото време е распределено меѓу претседателските кандидати Љубе Бошковски (9 минути) и Ѓорге Иванов (3 минути и 55 секунди), додека за ВМРО-Народна партија се емитувани 20 секунди.

**РА РОСА - КОЧАНИ**

**Платено политичко рекламирање:** Овој програмски сервис емитуваше вкупно 11 минути и 33 секунди платени политички реклами: ВМРО-ДПМНЕ – 1 минута и 40 секунди, СДСМ – 6 минути и 22 секунди, ЛДП – 2 минути и 14 секунди и ВМРО-Народна партија – 1 минута и 17 секунди

**КУМАНОВО**

**ТВ ДАЛГА КРТ**

**Вести:** ТВ Далга Крт при покривањето на изборната кампања акцентот го стави на локалните избори. Од вкупно евидентирани 4 часа и 33 минути во првиот круг, најголемиот дел или 4 часа и 13 минути беа издвоени за активностите на организаторите на кампањата. Повеќе од половина од ова време е посветено на изборните активности на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ.

**Дебати:** Двапати е емитувана дебатната емисија *ТВ Дуел*. Емисијата е преземена од ТВ Сител и во неа учесници беа кандидатите за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ. Дебата со останатите 5 кандидати за градоначалник не е емитувана.

**Интервју:** На двапати е емитувано интервјуто со новинарката Мирка Велиновска. Темата беше анализа на политичкиот амбиент во Македонија. Интервјуто е во рамките на емисијата „Јади бурек“, кое е преземено од Наша ТВ.

**Платено политичко рекламирање:** Речиси целото време за платени политички реклами (6 часа 30 минути и 40 секунди) го закупи коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 6 часа 20 минути и 56 секунди. Претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов се рекламираше 6 минути и 49 секунди, Демократската партија на Србите 1 минута и 45 секунди и Радикалната странка на Србите 1 минута и 10 секунди.

## ТВ КАНАЛ ФЕСТА

**Вести:** Во првиот круг оваа телевизија ги покриваше и локалните и претседателските избори. Иако со различно времетраење, преку новинарски извештаи и прилози беа опфатени активностите на сите седуммина претседателски кандидати, а беа покривани и активностите на поголем дел од политичките партии кои имаа свои кандидати за локалните избори. Простор беше отстапен и за залагањата на актерите на меѓународната заедница за мирни и демократски избори. Вкупно, информациите поврзани со изборите се застапени со 2 часа и 4 минути.

**Дебати:** На 19 март е емитувана една дебатна емисија насловена како *Тројца кандидати, еден градоначалник*. За својата политичка платформа, веќе реализираните проекти во општината и плановите за нови проекти дебатираа кандидатите за градоначалник на Липково: Ваид Саити од Нова Демократија, Саид Дураку од ДУИ и Рагми Исуфи од ДПА..

**Платено политичко рекламирање:** Целото време (1 час 6 минути и 28 секунди) е закупено од албанските политички субјекти. Најголемо времетраење има ДПА (39 минути и 58 секунди), потоа Нова Демократија (25 минути), ДУИ 1 минута, а Имер Селмани 30 секунди.

## ТВ ХАНА

**Вести:** За прес-конференциите, средбите со граѓани и претставувањето на кандидатите за градоначалник и членови на советот на општината, односно за активностите на организаторите на кампањата за локалните избори во периодот од 2 до 20 март, издвоени се 2 часа 17 минути и 59 секунди. Во новинарските извештаи и прилози со најмногу време беа застапени ДУИ (со 59 минути и 42 секунди) и Нова Демократија (39 минути и 32 секунди).

**Платено политичко рекламирање:** Вкупното време за платено политичко рекламирање од 13 часа 3 минути и 16 секунди е закупено од ДУИ (6 часа 35 минути и 38 секунди) и од Нова Демократија (6 часа 27 минути и 38 секунди).

## ТВ НОВА КУМАНОВО

**Вести:** Мониторингот на овој програмски сервис во првиот круг од кампањата констатираше дека телевизијата ги следеше активностите на поголемите политички партии кои зедоа учество во изборната трка, со исклучок на партиите од албанскиот политички блок. Исто така, покривани се и активностите на невладиниот сектор кој се залагаше за избори без вооружени инциденти. За информациите поврзани со изборната кампања, овој програмски сервис издвои вкупно 6 часа и 24 минути.

**Дебати:** На *ТВ Дуел* за комуналните, културолошките и други проблеми на општина Куманово се соочија кандидатите за градоначалник Зоран Дамјановски од СДСМ и Петар Поп Арсов од ВМРО-ДПМНЕ. Емисијата, којашто е во продукција на ТВ Сител е емитувана на 18 март.

**Платено политичко рекламирање:** За време на првиот круг, ТВ Нова емитуваше вкупно 5 часа 54 минути и 32 секунди платено политичко рекламирање. Повеќе од половина или 3 часа 40 минути и 20 секунди закупи ВМРО-ДПМНЕ, додека останатите партии и кандидати за претседател се рекламираа многу помалку. Единствено СДСМ закупи 1 час 32 минути и 5 секунди.

**РА БРАВО**

**Вести:** Во дневно-информативната програма на РА Браво, првиот круг од изборите е опфатен со само 23 минути. Најголем дел од информациите се однесуваат на пропагандните активности на политичките партии, односно нивните кандидати за градоначалник и за членови на совети на општини, како и на претседателските кандидати.

**Платено политичко рекламирање:** Време за реклами закупија ВМРО-Народна партија (10 минути и 45 секунди), ВМРО-ДПМНЕ (9 минути и 40 секунди) и Ѓорге Иванов (18 минути и 40 секунди).

**МАКЕДОНСКИ БРОД**

**РА МОРИС ПЛУС**

**Платено политичко рекламирање:** Еден час 9 минути и 40 секунди за една политичка партија и тројца претседателски кандидати: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (4 минути и 30 секунди), Ѓорге Иванов (1 час и 40 секунди), Љубе Бошковски (1 минута и 50 секунди) и Љубомир Данаилов – Фрчкоски (2 минути и 40 секунди).

**НЕГОТИНО**

**РА МИКС**

**Вести:** Во првиот круг на изборната кампања, РА Микс за активностите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, претседателскиот кандидат Љубе Бошковски и за (редовните и активности во функција на кампањата) на локалната власт известуваше вкупно 21 минута и 24 секунди.

**Платено политичко рекламирање:** РА Микс емитуваше 2 часа 50 минути и 41 секунда платено политичко рекламирање. Една третина од ова време закупи коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (56 минути и 47 секунди), а останатото време е за Љубе Бошковски (1 минута и 35 секунди), Љубомир Данаилов - Фрчкоски (22 минути и 39 секунди), Нано Ружин (3 минути), независни кандидати (10 минути и 2 секунди), СДСМ (1 час и 14 секунди) и СДУ (16 минути и 24 секунди).

**РА ПРОДУКЦИЈА ЛГН**

**Вести:** За информациите поврзани со кампањата во првиот круг, РА Продукција ЛГН има издвоено 23 минути и 30 секунди. Половина од ова време е за активностите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, а преостанатото време овој програмски сервис го искористи да ги информира своите слушатели за активностите на меѓународните фактори кои ја следеа кампањата и за активностите на органите на власт, било редовните било оние во функција на нивната кампања.

**Платено политичко рекламирање:** Слушателите на РА Продукција ЛГН имаа можност да ги проследат пропагандните пораки на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (2 часа 15 минути и 55 секунди), коалицијата ВМРО-ДП/ТМРО-ВЕП (7 минути), ЛДП (24 минути и 28 секунди), независни кандидати (1 час 22 минути и 12 секунди) и СДСМ (37 минути и 31 секунда).

**ОХРИД**

**ТЕЛЕВИЗИЈА ТВМ**

**Вести:** Телевизијата вложи напори да ги покрие активностите на што поголем број политички субјекти чии кандидати се натпреваруваа во двата круга на овој изборен процес, за што издвои значителен обем на време – 9 часа 6 минути и 46 секунди. Поединечно, најмногу внимание беше посветено на двете спротивставени коалиции ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, за кои беше издвоено речиси подеднакво време – по околу 1 час и 50 минути. Интерес предизвикаа и независните кандидати кои беа застапени со 1 час и 12 минути. ТВМ известуваше и за активностите на локалната и на централната власт. Во споредба со локалните, претседателските избори беа покривани мошне малку.

**Дебати:** Следејќи ја вообичаената практика на крајот од изборната кампања да се организираат дебатни емисии, ТВМ на 2 април емитуваше дебата со кандидатите кои останаа да се натпреваруваат за градоначалничкото место во вториот круг: Кирил Трендафилов – Нанче од ВМРО-ДПМНЕ и Александар Петрески од СДСМ.

**Интервјуа:** Емитувани се интервјуа со речиси сите кандидати за градоначалник на Охрид, со исклучок на Васфи Доко од Нова Демократија и кандидатот на ВМРО-НП, Томе Гиновски. Во првиот изборен круг се емитувани по три интервјуа со Кирил Трендафилов – Нанче од ВМРО-ДПМНЕ и Александар Петрески од СДСМ, по две со Ацо Поповски од НСДП и кандидатот за градоначалник на Струга од ПЕИ, Фијат Цановски, додека со кандидатот на ЛДП Боро Павловски е емитувано едно интервју. За своите програми и планови за развој на општината, во вториот круг говореа кандидатите кои останаа да ја завршат изборната трка за избор на градоначалник: Кирил Трендафилов - Нанче и Александар Петрески за општина Охрид и независниот кандидат Васил Радиноски од група избирачи ЉД и Перо Илиески од ВМРО-ДПМНЕ за општина Вевчани. Можност за уште едно, последно претставување на

своите програми добија и претседателските кандидати Ѓорге Иванов и Љубомир Данаилов – Фрчкоски.

**Информативна програма:** Во рамките на емисијата насловена како *Избори 2009*, во периодот од 6 до 17 март, можност да ги претстават своите изборни платформи имаа кандидатите за градоначалник и членови на советот на општина Охрид од ВМРО-ДПМНЕ, НСДП и СДСМ. Свое претставување имаа и кандидатот за градоначалник на општина Вевчани од група избирачи Љ.Д, Васил Радиноски и кандидатот за член на советот на истата општина Симун Лешоски, кандидиран од група избирачи В.Р. На 6 март гледачите на ТВМ имаа можност да се запознаат со изборната програма на Кирил Трендафилов – Нанче од ВМРО-ДПМНЕ и носителот на листа од истата коалиција, Борче Стефаноски. Емисијата е репризирана следниот ден, на 7 март. На 8 март гостуваа четворица кандидати за членови на советот од НСДП – Верица Хајба, Васка Кочоска, Марина Талевска и Вања Мургоска. Кандидатот од ВМРО-ДПМНЕ, Кирил Трендафилов повторно беше гостин во изданието реализирано на 12 март, но овојпат со министерот за информатичко општество Иво Ивановски. Ова издание гледачите имаа можност да го видат повторно следниот ден, на 12 март. Своите идеи и ставови за подобрување на функционирањето на општината во сите сегменти, на 14 март ги изложија и кандидатите за членови на советот од СДСМ – Бранислав Трпчевски, Виолета Мицковска и Томислав Тунтев.

**Платено политичко рекламирање:** Дванаесет политички субјекти закупија вкупно 15 часа 13 минути и 4 секунди. Од нив, најмногу време закупија коалициите на ВМРО-ДПМНЕ (5 часа 53 минути и 46 секунди) и на СДСМ (4 часа 45 минути и 54 секунди).

## ТЕЛЕВИЗИЈА МОРИС

**Вести:** За прес-конференциите, средбите со граѓани, одржаните митинзи и слични активности кои беа дел од двата круга на изборната кампања на политичките партии и кандидати за претседател на Република Македонија, ТВ Морис одвои 4 часа и 40 минути. Акцентот на новинарскиот ангажман беше ставен на двете коалиции кои имаа најголем број потврдени листи: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (1 час 24 минути и 24 секунди) и на СДСМ (1 час и 17 секунди). Со оглед на кратката минутажа за претседателските кандидати – по приближно минута и половина за Љубе Бошковски и Имер Селмани – може да се каже дека овој програмски сервис речиси воопшто не ги покриваше претседателските избори.

**Дебати:** Во соработка со Лав радио, пред крајот на првиот изборен круг оваа телевизија организираше една дебатна емисија. На актуелни теми, час и половина, можност да дебатираат имаа шест кандидати за градоначалник: Васфи Доко од Нова Демократија, Боро Павлоски од ЛДП, Кирил Трендафилов од ВМРО-ДПМНЕ, Томе Гиноски од ВМРО-Народна партија, Александар Петрески од СДСМ и Ацо Попоски од НСДП.

**Интервјуа:** Беше емитувано едно интервју, реализирано во рамките на емисијата *Лејт најт шоу*, преземено од националната ТВ Канал 5. Гостин беше премиерот на Македонија, Никола Груевски, кој говореше за актуелните политички состојби во државата.

**Бесплатно претставување:** Од 19 организатори на изборна кампања кои имаа потврдени листи за членови на советот на општина Охрид, со различно времетраење бесплатно беа претставени носителите на листи од група избирачи В.Ц (20 секунди), група избирачи Б.С (9 минути и 15 секунди), група избирачи Љ.Н (10 минути) и од ВМРО-НП/ТМРО-ВЕП (10 минути).

**Платено политичко рекламирање:** Во двата круга на кампањата, вкупно 6 часа 15 минути и 35 секунди се рекламираа десет политички субјекти. За претставување на своите кандидати најмногу време закупија ВМРО-ДПМНЕ (2 часа 47 минути и 23 секунди) и НСДП (1 час 25 минути и 20 секунди).

**НТВ ОХРИД**

**Вести:** За актуелните случувања поврзани со изборниот циклус, НТВ во првиот и вториот круг известуваше вкупно 4 часа 30 минути и 20 секунди. Речиси сите информации се однесуваа на локалните избори, додека претседателските избори со овој новинарски жанр речиси воопшто не беа опфатени. Програмскиот сервис известуваше за активностите на сите кандидати за градоначалник, односно за активностите на поголем број од организаторите на изборна кампања кои имаа свои кандидати за членови на советот на општината. Најмногу време беше одвоено за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (1 час 23 минути и 14 секунди).

**Дебати:** На самиот крај на изборната кампања во првиот изборен круг, можноста за соочување на своите ставови и мислења ја искористија шестмина кандидати за градоначалник на Охрид. Имено, на 19 и 20 март во емисијата „ТВ Објектив“ гостуваа: Васфи Доко од Нова Демократија, Боро Павловски од Либерално-демократска партија, Кирил Трендафилов од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, Томе Гиновски од ВМРО-Народна партија, Александар Петрески од СДСМ и Ацо Попоски од НСДП.

**Интервјуа:** Во текот на изборната кампања која траеше до 3 април, реализирани се вкупно 10 интервјуа. Гледачите на НТВ имаа можност да се запознаат со мотивите за кандидатурата на кандидатите за градоначалник Кирил Трендафилов - Нанче од ВМРО-ДПМНЕ и Александар Петрески од СДСМ, како и да ги слушнат нивните размислувања и ставови за локалната администрација, за владините проекти, за развојот на туризмот. Реализирани се интервјуа и со двајца носители на советнички листи: Веле Митаноски од СДУ и со Васил Ристески од ВМРО-ДП/ТМРО-ВЕП (во рамките на емисијата *Јади бурек*, преземена од Наша ТВ). Покрај кандидатите за градоначалник на Охрид, можноста за претставување на својата програма ја искористи и кандидатот за градоначалник на Струга од ВМРО-ДПМНЕ, Славко Котески. Беа реализирани интервјуа и со пратеникот Влатко Ѓорчев

од ВМРО-ДПМНЕ, министерот за надворешни работи, Антонио Милошоски и премиерот Никола Груевски. Трендот на интервјуирање на претставници на централната власт продолжи и во вториот круг кога гостуваа вицепремиерот Зоран Ставрески и министерот за информатичко општество, Иво Ивановски. Во засебни изданија на емисијата *ТВ Објектив* гостуваа кандидатот за градоначалник на Струга од ДУИ, Рамиз Мерко и кандидатот за градоначалник на Охрид од ВМРО-ДПМНЕ, Кирил Трендафилов - Нанче. Медиумското претставување жанровски реализирано како интервјуа е во корист на ВМРО-ДПМНЕ.

**Информативна програма:** Во својата информативна програма, НТВ претстави дел од 19-те политички субјекти кои имаа кандидати за членови на советот на општината, градоначалник, односно двајца кандидати за градоначалник. Во рамките на емисијата *Отворен екран* својата програма ја претставија носителот на листата на група избирачи П.К.П, Перо Петрески и двајца кандидати за советници од истата листа – Драган Спасески и Јасмина Танческа. Во вториот дел од емисијата гостуваа кандидатот за градоначалник Томе Гиноски од ВМРО – Народна партија и носителот на листата од истата партија, Јоне Станкоски. Во првото издание на *ТВ Објектив* гостуваа: Кирил Трендафилов - Нанче, кандидат за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Александар Николовски од истата партија. Во преостанатите три изданија на *ТВ Објектив* гости биле носителот на листата на група избирачи, Борис Стојаноски и кандидатите Ѓоко Зороски и Никола Киселинов и носителот на листата на советници од НСДП, Верица Хајба и кандидатите Васка Кочоска и Руди Муфти. Изданието со кандидатите за членови на општината од НСДП, гледачите можеа да го погледнат уште еднаш наредниот ден, односно на 19 март.

**Бесплатно претставување:** На почетокот на кампањата, НТВ најави дека ќе им понуди бесплатно претставување на сите заинтересирани субјекти. Во емисијата *ТВ Интервју*, своите гледишта за прашањата поврзани со урбанизмот, водоснабдувањето на коритото на реката Грашница, образованието, основната здравствена заштита и развојот на туризмот, бесплатно ги изложија претставниците на група избирачи В.Ц. Можноста за бесплатно претставување, овојпат во емисијата *Отворен екран* ја искористи и Кирил Трендафилов, кандидат за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ. Покрај него, во емисијата учествуваа и претседателот на ОК на ВМРО-ДПМНЕ, Борис Стефаноски и двајца пратеници од ВМРО-ДПМНЕ – Цветко Грозданов и Анита Кипаризова.

**Платено политичко рекламирање:** На овој програмски сервис најмногу се рекламираше коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – од вкупно 7 часа 42 минути и 15 секунди во двата круга, коалицијата е присутна 5 часа 23 минути и 5 секунди. Следува НСДП со 1 час 8 минути и 20 секунди, а преостанатите 1 час 10 минути и 50 секунди се распределени меѓу 7 политички субјекти (ВМРО-Народна партија, Ѓорге Иванов, ДПА, ЛДП, СДСМ, СДУ и независни кандидати).

**РА ЛАВ**

Програмскиот сервис на РА Лав е следен само во периодот на вториот круг од изборната кампања.

**Вести:** Во овој период РА Лав за информациите поврзани со кампањата издвои 44 минути и 20 секунди. Очекувано, речиси целото време им е посветено на политичките партии чии кандидати ја продолжија трката и во вториот круг – СДСМ 18 минути и 20 секунди и за ВМРО-ДПМНЕ 20 минути.

**Дебати:** На 3 април РА Лав реализираше една дебатна емисија. На прашањата поврзани со изборите дебатираа кандидатите за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, а учествуваа и новинари од останатите охридски медиуми – Супер Радио, ТВ Морис, Радио Охрид и ТВМ.

**Платено политичко рекламирање:** Времето од 26 минути и 59 секунди е распределено меѓу две политички партии: ВМРО-ДПМНЕ (16 минути и 44 секунди) и СДСМ (10 минути и 15 секунди).

**МХ РАДИО**

**Вести:** За активностите кои кандидатите за локалните, односно претседателските избори ги преземаа во првиот круг за да ги убедат граѓаните да гласаат за нив, РА МХ одвои 1 час 1 минута и 20 секунди. Иако се покривани кампањите на неколку учесници во изборите, сепак, во ова време предничат СДСМ (25 минути и 20 секунди) и ВМРО-ДПМНЕ (15 минути и 30 секунди).

**Дебати:** На 14 март е емитувана емисијата *Ринг*. Во неа учествуваа шестемина кандидати за градоначалник: Васфи Доко од Нова Демократија, Боро Павлоски од ЛДП, Кирил Трендафилов од ВМРО-ДПМНЕ, Томе Гиноски од ВМРО-Народна партија, Александар Петрески од СДСМ и Ацо Попоски од НСДП. Сите кандидати имаа можност за петминутна самопромоција, а потоа и можност да дискутираат за актуелни теми од локален карактер. Реализирана како контактна емисија, граѓаните на општина Охрид имаа можност преку телефонски јавувања да им поставуваат прашања на учесниците во дебатата.

**Интервјуа:** За време на првиот круг од кампањата, во рамките на емисијата *Пладневна зона* се емитувани по две интервјуа со кандидатите за градоначалник на Охрид од коалицијата на СДСМ и коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. На 11 и 19 март се емитувани интервјуата со Александар Петрески од СДСМ, кој зборуваше за мотивите за кандидатурата и за својата дотогашна работа како градоначалник. Слушателите, можност да се информираат за разликите меѓу кандидатот од СДСМ и другите кандидати за градоначалник на Охрид, имаа на 18 март и на последниот ден од кампањата во првиот изборен круг, 20 март.

**Платено политичко рекламирање:** На програмата на МХ радио се рекламираа три политички субјекти: ЛДП (50 секунди), НСДП (34 минути и 1 секунда) и СДСМ (30 минути и 25 секунди).

**РА СУПЕР**

**Вести:** За следење на изборната кампања во првиот круг, охридското РА Супер издвои 2 часа и 41 минута. Речиси целото време е посветено на активностите на организаторите на кампања и на кандидатите. Предничат информациите за кандидатите на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (41 минута и 20 секунди), СДСМ (23 минути и 50 секунди) и НСДП (28 минути и 50 секунди). Претседателската кампања речиси воопшто не е покривана во овој новинарски жанр.

**Платено политичко рекламирање:** Можноста да се рекламираат ја искористија 6 политички субјекти. Најголемиот дел од времето е закупено од НСДП (3 часа и 17 минути), потоа следуваат ВМРО-ДПМНЕ (16 минути и 35 секунди), Ѓорге Иванов (1 минута), Љубе Бошковски (1 минута), СДСМ (1 минута и 45 секунди) и СДУ (12 минути и 15 секунди).

**ПРИЛЕП**

**ТВ ВИЖН БМ**

**Вести:** За темите поврзани со изборите во првиот круг, Телевизија Вижн одвои 3 часа 5 минути и 39 секунди. Карактеристично е што овој програмски сервис за редовните активности и за активностите на органите на власт посвети приближно исто време како и за активностите на организаторите на кампањата. Од политичките субјекти кои водеа изборна кампања, најмногу беа покривани активностите на двете коалиции: ВМРО-ДПМНЕ (34 минути и 45 секунди) и СДСМ (24 минути). Наспроти локалните избори, претседателските беа многу помалку покривани – беа пласирани кратки информации за активностите на кандидатите Љубе Бошковски, Љубомир Данаилов – Фрчкоски и Ѓорге Иванов. За асфалтирањето улици, пуштањето во употреба на паркови, поддршка на претставниците на централната власт на кандидатот за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и слични активности на органите на власт во функција на кампања, беа одвоени 46 минути и 59 секунди. Предмет на новинарски интерес било и мислењето на граѓаните од оваа општина за влијанието на политиката во нивните домови, односно каков градоначалник/претседател посакуваат.

**Дебати:** На 20 март, самиот крај на изборната кампања во првиот круг е емитувана дебатна емисија со претставниците на „седмата сила“. Тие говореа за медиумите и изборите, односно улогата на медиумите во изборните циклуси.

**Интервјуа:** Емитувани се две интервјуа: едното на 12 март во рамките на емисијата *Јади бурек*, оригинално произведено од Наша ТВ. Гостин беше новинарката Мирка

Велиновска во улога на аналитичар на политичкиот амбиент во Македонија. Второто интервју е реализирано на 14 март во рамките на емисијата *Граѓански прашалник* со директорот на ЈП за просторно и урбанистичко планирање, Бранко Нешкоски.

**Информативна програма:** На 4 март е емитувана емисијата *Агол*, која за тема го имаше состанокот на заедничкиот комитет во Охрид за проектот за пречистителната станица за вода во Прилеп. Проектот го презентираше актуелниот и кандидатот за градоначалник Марјан Ристески.

**Бесплатно претставување:** Од 11-те субјекти со потврдени листи за членови на советот на општина Прилеп бесплатно се претставија носителите на листи од ВМРО-ДПМНЕ, СДУ, СДСМ, ВМРО-Народна партија, НСДП и ПОДЕМ. Можноста за бесплатно претставување на своите програми ја искористија и тројцата кандидати за градоначалник: Тони Петрески од СДСМ, Марјан Ристески од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и Никола Апостолоски од ВМРО-Народна партија.

**Платено политичко рекламирање:** Вкупното време од 1 час 42 минути и 40 секунди за платени политички реклами во првиот круг е закупено од два субјекта: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (49 минути и 5 секунди) и претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов (53 минути и 35 секунди).

**РА 5 ЧОКИ**

**Вести:** Овој програмски сервис одвои 27 минути и 35 секунди за покривање на активностите на СДСМ, Партијата на слободни демократи, Демократскиот сојуз, ВМРО-ДПМНЕ и претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов, во првиот круг на изборниот циклус. Иако се емитувани кратки информации, половината од ова време беше речиси рамномерно распределено меѓу двете коалиции СДСМ (8 минути и 30 секунди) и ВМРО-ДПМНЕ (7 минути и 45 секунди). Слушателите на РА 5 Чоки имаа можност да се информираат и за постапката на одбирање на избирачките места и изборните материјали.

**Бесплатно претставување:** Од 11-те политички партии кои имаа потврдени листи на кандидати, на поканата бесплатно да ги претстават своите програми се одзваа носителите на листи од 4 политички партии, односно коалиции: Димитар Стевананџија од ВМРО-ДПМНЕ, Сашо Велески од СДСМ, Живко Јовески од ВМРО-НП, Јованка Тутеска од ПОДЕМ. Претставувањето беше емитувано на 19 март и секој кандидат доби по 10 минути. Следниот ден беа одвоени по 15 минути за тројцата кандидати за градоначалник на Прилеп: Петрески од СДСМ, Марјан Ристески од ВМРО-ДПМНЕ и Никола Апостолоски од ВМРО-НП.

**Платено политичко рекламирање:** Времето за платено политичко рекламирање во првиот круг го закупија две коалиции и двајца кандидати за претседател. Најмногу време има Ѓорге Иванов – 1 час 41 минута и 15 секунди, потоа коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ 48 минути и 9 секунди, Љубе Бошковски 30 минути и 55 секунди и СДСМ 4 минути.

**РА МЕФФ**

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно 6 минути и 45 секунди платено политичко рекламирање, и тоа ВМРО-ДПМНЕ 3 минути и 45 секунди и Љубе Бошковски 3 минути.

**РА ХОЛИДЕЈ**

**Вести:** Изборниот процес во првиот круг, Радио Холидеј во дневно-информативната програма го покриваше со вкупно времетраење од 2 часа 2 минути и 30 секунди. Повеќе од половината од ова време е издвоено за активностите на политичките субјекти кои имаа свои кандидати било за членови на советот било за градоначалник на оваа општина. Очекувано, најмногу внимание им е посветено на коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. Значително време (24 минути) е издвоено за активностите на органите на власт (пред сѐ на локалната). Кампањата на претседателските кандидати речиси воопшто не е покривана.

**Платено политичко рекламирање:** Во првиот круг, за платена политичка пропаганда се издвоени вкупно 3 часа 32 минути и 21 секунда. Од нив 2 часа и 25 минути за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, 10 минути и 36 секунди за СДСМ, 30 секунди за ВМРО-Народна партија, 1 минута и 20 секунди за Народно движење за Македонија. Покрај кандидатите за локалните избори, време за платено политичко рекламирање закупија и двајца претседателски кандидати: Ѓорге Иванов 54 минути и 10 секунди и Љубе Бошковски 45 секунди.

**РА ТЕРНИПЕ**

**Платено политичко рекламирање:** 20 минути и 50 секунди платени политички реклами за ВМРО-ДПМНЕ, во првиот круг од изборите.

**ПЕХЧЕВО**

**РАДИО ПЕХЧЕВО**

**Информативна програма:** Под наслов *Актуелно*, на 16 март е емитувана дваесетминутна снимка од митингот на ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери одржан во Домот на културата на Пехчево, на кој беа промовирани кандидатот за градоначалник – Јованчо Станоевски и Ѓорге Иванов, кандидат за претседател на државата.

**Платено политичко рекламирање:** Структурата на закупеното време од вкупно **30 минути и 49 секунди** политички спотови за политичките субјекти кои се рекламираа во првиот круг на изборната кампања, ги опфаќа: ВМРО-ДПМНЕ – 15 минути и 19 секунди,

коалицијата на СДСМ – 3 минути и 20 секунди, Нано Ружин - 4 минути и 30 секунди, Љубе Бошковски – 4 минути, Ѓорге Иванов – 2 минути и Љубомир Фрчкоски – 1 минута и 40 секунди.

**ПРОБИШТИП**

**ТВ ПРОТЕЛ**

**Вести:** Следен е само првиот изборен круг, кога се евидентирани **вкупно 1 час и 11 минути вести** кои тематски исклучиво беа поврзани со предизборието, а во тој контекст главниот новинарски ангажман – 54 минути, се водеше од активностите на организаторите на кампањата за локалните и за претседателските избори во регионот на Пробиштип. Во структурата на вестите е најзастапена партиската агитација на опозициската коалиција предводена од СДСМ – 23 минути, а потоа на владејачката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 16 минути. Статистички е занемарлива преостанатата минутажа распоредена меѓу политичките субјекти кои во предизборната трка настапуваа самостојно – на пример: СДУ и НСДП со по 5 минути, а во оваа смисла се вклопува и минутажата со која во вестите непосредно беше покриван индивидуалниот настап на претседателските кандидати.

**Интервјуа:** Емитувано е само **едно интервју**, на 12 март со Владимир Ѓорчев, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, кој гостуваше во улога на партиски координатор за Источна Македонија. Темите гравитираа околу профилот и политичкиот капацитет на Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, и на Тони Тоневски, партискиот кандидат за градоначалник на Пробиштип.

**Платено политичко рекламирање:** Од **вкупно емитувани 2 часа 33 минути и 4 секунди** за предизборни спотови или снимки од предизборни митинзи и средби со граѓани, 1 час и 2 минути се откупени за промоција на Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, а истата партија заедно со коалициските партнери, за политички маркетинг откупи дополнителни 1 час и 1 минута. Споредбено, СДСМ и опозициската коалиција откупија вкупно 17 минути и 5 секунди.

**РАДОВИШ**

**ТВ КО-БРА**

**Вести:** Од **вкупно 2 часа и 10 минути** прилози во вести за првиот круг на локалните и на претседателските избори, главните минутажи се групирани околу активностите на лидерските партии на власта, ВМРО-ДПМНЕ – 27 минути и на опозицијата – СДСМ – 35 минути. Кај статистиката за минутажите отстапени за индивидуален телевизиски настап на претседателските кандидати, предничи кампањата на независниот кандидат Љубе

Бошковски – 14 минути, што е двојно повеќе во однос на второзастапениот Ѓорге Иванов – 7 минути, кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата.

**Интервјуа:** Во периодот од 11 до 18 март, во врска со изборниот процес се направени **три интервјуа,** (две од нив со по една реприза). Прво, на 11 март (репризирано на 12 март) е емитувано интервју со новинарката, политички аналитичар Мирка Велиновска, преземено од националната Наша ТВ, а потоа во емисијата *Отворено за...* на 14 март (репризирано на 15 март) е емитувано интервју со Зоран Заев, лидер на опозициската СДСМ, и на 18 март интервју со Љубе Бошковски, независен кандидат за претседател на Република Македонија.

**Бесплатно претставување:** На самиот почеток од изборната кампања, на 6 март им е отстапено време за бесплатно претставување на кандидатите за градоначалник на Радовиш, секому по 4 минути: Јаворка Спасовска (ПОДЕМ), Роберт Велков (ВМРО-ДПМНЕ), Ѓорги Гегов (ВМРО-НП), и Зоран Здравковски (СДСМ).

**Платено политичко рекламирање:** Евидентирани се **вкупно 7 часа 27 минути и 39 секунди** платено политичко рекламирање само за првиот круг од изборите. Во структурата на ова рекламно време, најмногу простор има закупено коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 5 часа 6 минути и 34 секунди, коалицијата на СДСМ 1 час 27 минути и 45 секунди, Ѓорге Иванов – 19 минути и 20 секунди, Љубе Бошковски 29 минути и 40 секунди, ПОДЕМ 3 минути и 30 секунди и Демократска партија на Турците 50 секунди.

**ТВ ЕМИ**

**Вести:** Мониторингот за првиот круг на изборите бележи **вкупен информативен ангажман од 2 часа и 31 минута**, а како најзастапени во вестите се издвојуваат: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 47 минути и коалицијата на СДСМ – 25 минути. Други субјекти застапени со време релевантно за извештајот се локалната власт – 17 минути и ДИК со 13 минути.

**Бесплатно претставување:** Организирано е **едно** бесплатно претставување на кандидатите за градоначалник и на носителите на листата за советници на општина Радовиш. По 5 минути за изложување на политичката платформа им беа отстапени на: Роберт Велков (ВМРО-ДПМНЕ), Зоран Здравковски (СДСМ), Ѓеорги Гегов (ВМРО-НП), Даниела Лазарова, носител на листата советници на ВМРО-ДПМНЕ, и на Милева Ѓеоргиева, носител на листата советници од СДСМ.

**Платено политичко рекламирање:** Во **вкупно емитуваните 8 часа 44 минути и 30 секунди**, предничи времето откупено од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – 5 часа 20 минути, потоа коалицијата на СДСМ – 1 час 24 минути и 20 секунди. Значително време за политички маркетинг бележиме и кај претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов – 1 час и 59 минути, а само 1 минута и 10 секунди за Демократската партија на Турците.

**РАДИО АЛФА**

**Платено политичко рекламирање:** Следен е само првиот круг на изборната кампања, а се евидентирани вкупно 1 **час и 10 минути** политички спотови на ВМРО-ДПМНЕ.

**РОСТУШЕ (ЖИРОВНИЦА)**

**РАДИО ЕМИ**

**Платено политичко рекламирање:** Евидентирани се вкупно 2 **часа 41 минута и 46 секунди** политички спотови само во првиот круг на изборната кампања. Структурата на закупеното време по политички субјекти е следна: ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери – 2 часа 13 минути и 51 секунда, Ѓорге Иванов – 27 минути и 55 секунди.

**СВЕТИ НИКОЛЕ**

**ТВ СВЕТ**

**Платено политичко рекламирање:** Евидентирани се **вкупно 1 час 56 минути и 18 секунди** политички спотови за првиот круг на изборите. Структурата е следнава: 57 минути и 47 секунди - ВМРО-ДПМНЕ и коалициски партнери, 2 минути и 48 секунди – СДСМ, 48 минути и 30 секунди Ѓорге Иванов и 7 минути и 13 секунди независни кандидати.

**РАДИО МОДЕА**

**Платено политичко рекламирање:** Вкупно **3 часа 17 минути и 22 секунди** платено политичко рекламирање за првиот изборен круг. Време закупија: Љубе Бошковски, независен претседателски кандидат – 40 минути и 36 секунди и Слободан Даневски, независен кандидат за градоначалник на Свети Николе - 2 часа 36 минути и 46 секунди.

**РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Вести:** Во структурата на вестите од првиот круг на локалните и на претседателските избори, со **вкупен обем** од само **29 минути**, застапени се коалициските активности на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и на опозициската СДСМ, како и неколку прилози за надлежностите на ДИК и на актуелната локална власт.

**Платено политичко рекламирање:** Следен е само првиот круг на изборната кампања, а се евидентирани вкупно **29 минути и 7 секунди** политички спотови. Од тоа: за

ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери – 27 минути и 5 секунди, и 2 минути и 22 секунди за СДСМ.

**ЛАБУНИШТЕ**

**ТВ СПЕКТРА**

**Дебати: Една дебата,** емитувана на 5 март, преземена од националната ТВ Алсат М, а организирана како соочување на кандидатите за градоналчалник на Струга: Рамиз Мерко (ДУИ), Фијат Цаноски (ПЕИ), Менди Ќира (ДПА), Славко Котески (ВМРО-ДПМНЕ) и Џевдет Насуфи (НД).

**Интервјуа: Три интервјуа** (едното репризирано)**,** емитувани на 9 март (репризирано на 12 март) со Менди Ќира, кандидатот на ДПА за градоначалник на Струга и на 12 март, прво со Фијат Цаноски, кандидатот на ПЕИ за истата функција, а потоа со Мирка Велиновска, новинар, политички аналитичар, преземено од националната Наша ТВ.

**Платено политичко рекламирање: Вкупно 4 часа 10 минути и 9 секунди** платено политичко рекламирање, емитувани во првиот изборен круг. За овој вид предизборен маркетинг најмногу простор откупи коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 1 час 47 минути и 31 секунда. Следува ПЕИ со 56 минути и 15 секунди, потоа ДПА со 45 минути и 35 секунди, претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов со – 29 минути и 48 секунди и СДСМ со откупени 11 минути.

**СТРУГА**

**ТВ КАЛТРИНА**

**Бесплатно претставување:** Овозможено им е на тројца кандидати за градоначалник на Струга. На 11 март своите ставови ги презентираа Џевдет Насуфи, кандидиран од Нова Демократија, на 12 март Менди Ќира, кандидат на ДПА, и на 13 март Фијат Цаноски, кандидат на ПЕИ. Тројцата добија рамноправни студиски услови, со време од по 15 минути.

**Платено политичко рекламирање:** Емитувани се **вкупно 4 часа 26 минути и 15 секунди**, евидентирани во првиот круг на изборите. ДУИ откупи 3 часа 19 минути и 54 секунди за политички маркетинг, ДПА 29 минути и 25 секунди, Нова Демократија – 15 минути и 6 секунди, нејзиниот лидер Имер Селмани за сопствена промоција како претседателски кандидат откупи – 8 минути и 30 секунди, а ПЕИ – 13 минути и 20 секунди.

**ТВ АРТ КАНАЛ**

**Вести:** Малиот обем од **вкупно 31 минута вести** за изборната кампања во првиот круг на изборите е распореден главно преку прилози за активностите на носечките албански политички партии: ДПА – 8 минути, ДУИ – 9 минути и Нова Демократија – 5 минути.

**Платено политичко рекламирање:** Во првиот изборен круг се евидентирани **вкупно 1 час 23 минути и 5 секунди,** а структурата на овој дел од програмата е следнава: ДПА – 17 минути и 35 секунди, ДУИ – 39 минути и 36 секунди, а за политички маркетинг на независните кандидати за градоначалник на Струга се откупени – 25 минути и 54 секунди.

**РАДИО КИКИ**

**Вести:** Во првиот круг се емитувани вкупно 12 минути вести стриктно на тема локални и претседателски избори, што е статистички ирелевантно за каков било аналитички коментар.

**Платено политичко рекламирање:** Сите политички спотови емитувани во првиот изборен круг се на ПЕИ, со времетраење од **34 минути и 8 секунди**.

**РАДИО ДИ-ЏЕЈ**

**Интервјуа: Две интервјуа**, со кандидати за градоначалник на Струга: на 18 март со Фијат Цаноски, кандидатот на ПЕИ, и на 19 март со Рамиз Мерко, кандидатот на ДУИ.

**Платено политичко рекламирање:** Во структурата на вкупното закупено време од **1 час 43 минути и 14 секунди** во првиот круг на изборната кампања влегуваат: ВМРО-ДПМНЕ – 49 минути и 20 секунди, ДУИ – 20 минути и 26 секунди, ДПА – 33 минути.

**СТРУМИЦА**

**ТВ ИНТЕЛ**

**Вести:** Вкупниот новинарски ангажман околу предизборните активности во првиот изборен круг изнесува – **6 часа и 38 минути**. Погледнато споредбено, на ниво власт/опозиција, дистрибуцијата на информативната минутажа покажува релативно урамнотежен пристап: ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери 2 часа и 40 минути, СДСМ и опозициската коалиција 2 часа и 12 минути. Забележително време им е посветено и на предизборните активности на ЛДП – 36 минути. Работата на Владата во предизборниот период, главно преку промоција на проекти кои имаат социјално и културолошко влијание беше покриена со прилози во времетраење од 18 минути.

**Дебати:** Организирани се **две дебатни емисии**. На 17 март, тричасовна полемика меѓу кандидатите за носители на листи за советници во општина Струмица: Асан Асановски (Демократска партија на Турците), Ристо Пецев (ВМРО-НП), Панче Орцев (СДСМ), Томе Лазаров (ВМРО-ДПМНЕ), Софија Маканџиева (ЛДП), Кољо Терзиев (ПОДЕМ) и Кирил Чакмаков (Народно движење за Македонија). На преминот меѓу 18 и 19 март е емитувано непосредното соочување меѓу Зоран Заев, кандидат на СДСМ за градоначалник на Струмица и актуелен носител на таа функција, и Силвана Бонева, кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Интервјуа: Четири интервјуа,** сите со функционери на Владата на Република Македонија од политичките редови на владејачката ВМРО-ДПМНЕ се емитувани во втората половина на март: Првин, на 11 март интервју со вицепремиерот Зоран Ставревски, на теми поврзани за мерките на Владата за ублажување на последиците од глобалната економска криза, како и осврт врз економскиот потенцијал на струмичкиот регион; на 18 март интервју со Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски, на теми околу разликите во ингеренциите меѓу централната и локалната власт, и на 19 март, прво разговор со Иво Ивановски, министер за информатичко општество, а потоа и интервју со Михајло Маневски, министер за правда, во врска со тековните реформи во судскиот систем, борбата против корупцијата и процедурата околу новите закони.

**Информативна програма:** Под оваа жанровска одредница, иако без каков било новинарски ангажман на ТВ Интел, емитувана е получасовна снимка од средбата на Силвана Бонева, кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Струмица, со претставници на Македонско-американска асоцијација и на менаџментот на градската болница во Струмица, за промовирање донација од половина милион американски долари за медицинска опрема.

**Платено политичко рекламирање:** Прегледот на вкупно емитуваните **12 часа 23 минути и 19 секунди** платено политичко рекламирање, како партии со најмногу закупен ТВ простор ги издвојува коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со 7 часа 25 минути и 17 секунди и коалицијата на СДСМ со 4 часа 22 минути и 54 секунди. За промоција на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов биле откупени 34 минути и 20 секунди и 48 секунди за Нано Ружин, претседателскиот кандидат на ЛДП.

**ТВ ВИС**

**Вести:** Една од најангажираните информативни редакции меѓу медиумите на локално ниво, со вкупна минутажа од **6 часа и 32 минути** вести само за првиот круг од изборите. Меѓутоа, забележлив е биполарен пристап во однос на покривањето активности на организиаторите на изборна кампања, со оглед на фактот дека вкупната информативна минутажа е речиси рамномерно групирана околу активностите на владејачката коалиција на ВМРО-ДПМНЕ – 2 часа и 11 минути и опозициската коалиција на СДСМ – 2 часа 53 минути. Значително телевизиско време од 39 минути во вестите им е посветено и на активностите на ЛДП, и 14 минути на ПОДЕМ – партијата на обединетите Македонци. Сепак, колективните

партиски активности имаа приоритет во однос на проследувањето индивидуални телевизиски настапи на претседателските кандидати, чија минутажа е статистички занемарлива. Внимание е посветено и на меѓународната заедница со фокус врз нејзините залагања и зафати за креирање демократски изборен амбиент.

**Интервјуа:** Емитувани се **5 интервјуа.** На 5 март, под наслов *Отворено со градоначалникот* е емитуван разговор со Зоран Заев, а водителот на емисијата спомена дека станува збор за редовна емисија на актуелни локални теми кои го засегаат животот во Струмица. На 8 март е реемитувано десетминутно интервју со Љубомир Фрчкоски, претседателскиот кандидат на СДСМ, дадено за Радио Слободна Европа, а под исти услови и од истиот медиум на 15 март е преземено и интервјуто со неговиот противкандидат Ѓорге Иванов, адут на владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Разговор за влијанието на изборите врз граѓанските права на инвалидизираните лица во Република Македонија е направен на 17 март, а на 20 март, планираната дебата меѓу Зоран Заев (СДСМ) и Силвана Бонева (ВМРО-ДПМНЕ), главните претенденти за градоначалничката функција, се преиначи во интервју со Зоран Заев, затоа што Бонева го откажала претходно договореното соочување.

**Информативна програма:** Без какви било новинарски интервенции на ТВ Вис, но под оваа жанровска одредница, на 5 март е емитувана получасовна снимка од средбата на Силвана Бонева, кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Струмица, со претставници на Македонско-американската асоцијација и на менаџментот на градската болница во Струмица, за промовирање донација од половина милион американски долари за медицинска опрема. На 13 март е емитувана снимка од *Дебати за Македонија*, серија разговори под покровителство на кабинетот на Бранко Црвенковски, тогашниот актуелен претседател на државата. На 19 март е реемитувано издание на актуелно-информативната програма *Во центар*, преземена од националната Канал 5, а темата беше поставена преку прашањето: „Кои предизвици стојат пред македонските политичари по изборите?“

**Програми што не се директно поврзани со изборите:** На 4 март е емитуван документарен филм за Борис Трајковски, еден од досегашните претседатели на Република Македонија. Како соговорник во документарниот *ТВ-профил* на Трајковски се појавува и Љубомир Фрчкоски, опозицискиот (СДСМ) кандидат за претседател на државата.

**Платено политичко рекламирање:** Во првиот круг на изборите се емитувани **вкупно – 17 часа 3 минути и 2 секунди** политички маркетинг. Од ова, 8 часа 6 минути и 17 секунди закупи СДСМ и коалициските партнери, потоа, 7 часа и 41 минута и 5 секунди ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери, кои откупија и 1 час 4 минути и 55 секунди рекламно време за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов. Преостанатата минутажа ја откупија ЛДП – 6 минути и 30 секунди, и ПОДЕМ – 4 минути и 15 секунди.

**РАДИО ХИТ**

**Платено политичко рекламирање:** Севкупната евидентирана минутажа - **11 часа 38 минути и 45 секунди,** се однесува на музичката химна на лидерската опозициска партија СДСМ, и тоа емитувана само за првиот круг на изборната кампања.

**РАДИО ЕКСПРЕС**

**Платено политичко рекламирање:** Мониториран е само првиот круг на изборната кампања, а се евидентирани вкупно 4 **часа 31 минута и 15 секунди** политички спотови. Структурата на закупеното време изгледа вака: ВМРО-ДПМНЕ – 26 минути, СДСМ – 2 часа 47 минути и 30 секунди, Ѓорге Иванов – 52 минути и 45 секунди, и ЛДП - 25 минути.

**ТЕТОВО**

**ТВ АРТ (Тетово)**

**Вести:** Во двата изборни круга, ТВ Арт од Тетово е една од локалните телевизии со најголем обем вести стриктно побрзани со политичката изборна промоција на кандидатите за локалните и за претседателските избори – **7 часа и 15 минути**. Со оглед на примарната целна група гледачи – Албанците од регионот на Тетово и Тетовско, во структурата на вестите очекувано доминираат информациите за предизборните активности на двете најголеми албански политички партии – ДУИ беше застапена со вкупно времетраење од 1 час и 51 минута, а ДПА со 1 час и 23 минути. Од другите политички субјекти, видлива присутност во централната информативна емисија добија двете најголеми македонски политички партии: ВМРО-ДПМНЕ со 30 минути и СДСМ со 28 минути, и албанската Нова Демократија со 37 минути. Меѓународната заедница и одредени активности на граѓанскиот сектор беа застапени со вкупно 49 минути. Статистички незначителните минутажи за претседателските кандидати, земени сами за себе, издвоени од активностите на политичките партии кои ги кандидираа или ги поддржуваа, се движат од 11 минути за независниот кандидат Љубе Бошковски, до 1 минута за Агрон Буџаку.

**Интервјуа: Првото интервју** мониторингот го бележи на 9 март со Теута Арифи (ДУИ), во својство на аналитичар на домашните политички случувања, сублимирани преку основните теми: недемократскиот принцип на семејното гласање, неопходноста за фер избори и ЕУ интеграциите на Република Македонија. Во вториот круг на изборите, на 2 април, ТВ Арт го отвори студиото за **две интервјуа,** по еднакви 30 минути за Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и за Љубомир Фрчкоски, претседателскиот кандидат на СДСМ.

**Бесплатно политичко претставување:** На 3 април, непосредно пред вториот изборен круг, ТВ Арт им овозможи на градоначалничките кандидати - Хазби Лика (ДУИ) и

Сади Беџети (ДПА), бесплатно да ги претстават своите изборни платформи пред гласачите од Тетово.

**Платено политичко рекламирање:** Структурата на платеното политичко рекламирање, чиј вкупен обем по двата изборни круга изнесува – **12 часа 30 минути и 6 секунди**, изгледа вака: речиси 7 часа и 58 минути за ДУИ, 3 часа 6 минути и 28 секунди за ДПА, 57 минути и 5 секунди независни градоначалнички кандидати и Имер Селмани со својата Нова Демократија вкупно 28 минути и 35 секунди.

**ТВ КИС**

**Вести:** За двата изборни круга, значи во период од речиси еден месец, ТВ Кис емитуваше **вкупно 6 часа и 53 минути вести** за активностите на организаторите на изборната кампања. Во оваа минутажа видливо место заземаат прилозите за пет политички субјекти: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 1 час и 43 минути, СДСМ – 1 час, Нова Демократија – 46 минути, НСДП – 30 минути и ДПА – 28 минути. Други две следни минутажи кои можат да се споменат како статистички важни се оние за ВМРО-НП – 17 минути и за независните кандидати за градоначалник на Тетово со вкупно време од – 16 минути. Вкупната минутажа, пак, за прилози со кои е покривано индивидуалното предизборно појавување на кандидатите за претседател на Република Македонија, значи вон колективните партиски предизборни настапи, изнесува само – 26 минути, а распоредена е на следниов начин: Мируше Хоџа (ДПА) – 2 минути, Љубе Бошковски (независен кандидат) – 10 минути Нано Ружин (ЛДП) – 1 минута, Имер Селмани (НД) – 20 секунди, Ѓорге Иванов (ВМРО-ДПМНЕ) – 3 минути, Агрон Буџаку (ДУИ) – 20 секунди, и Љубомир Фрчкоски (СДСМ) – 8 минути.

**Информативна програма:** На 14 март, како 27-минутна информативна емисија, е емитувана снимка од серијата општествени дебати под наслов – *Дијалози за Македонија*, финансирани од Кабинетот на Бранко Црвенковски, тогашниот актуелен претседател на Република Македонија.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно емитувани 3 часа 34 минути и 11 секунди платено политичко рекламирање, релевантни се минутажите откупени од: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 42 минути и 10 секунди, СДСМ – 19 минути и 26 секунди, Ѓорге Иванов, претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ – 23 минути и 10 секунди, ДУИ – 57 минути и 30 секунди, НСДП – 29 минути и 55 секунди и 37 минути откупени за реклама на независните кандидати за градоначалник на Тетово.

**ТВ МЕНАДА**

**Вести:** Структурата на **вкупното време – 4 часа и 30 минути, за вести** од двата круга на предизборието, главно е рамномерно поделена меѓу владејачките и опозициските

партиски коалиции на македонскиот и на албанскиот политички кампус: коалиција на ВМРО-ДПМНЕ – 55 минути, коалиција на СДСМ – 55 минути, ДУИ -34 минути, и ДПА – 28 минути. Во сенка на овие минутажи, но сепак статистички вредни да бидат споменати се минутажите за ВМРО-НП – 15 минути и за Нова Демократија – 16 минути. Вон минутажата за прилози кои го претставуваат колективниот партиски предизборен ангажман, во структурата на вестите на ТВ Менада бележиме и вкупно 18 минути за прилози кои, всушност, претставуваат непосредни изјави на шестемина претседателски кандидати.

**Дебати:** Емитувани се **3 дебати**, сите посветени на локалните избори за Тетово и за тетовскиот регион. Во првата дебата на 4 март учествуваа кандидатите за градоначалник на општина Брвеница: Бујарин Рушити (НД), Енвер Пајазити (ДУИ), Драги Кузмановски (Независен кандидат), Јованка Стојановиќ (СДСМ), и Насув Синаи (ДПА). Водителот на дебатната емисија најави дека Бранислав Андоновски, кандидатот од ВМРО-ДПМНЕ го откажал своето учество поради објективни причини. Предизборните платформи се соочија во врска со прашањата за главните развојни точки на Тетово и Тетовско: подготвеност да се приложат одржливи проекти за привлекување средства од домашни и од странски фондови, можности и потреби за развој на малото стопанство, постојната состојба со образованието, со културата и спортот, перспективите на здравството и на социјалната заштита. На слични теми, на 9 март дебатираа и кандидатите за градоначалник на општина Јегуновце: Тони Коцевски (ВМРО-ДПМНЕ), Мирче Јованоски (СДСМ) и Ристо Матоски (НСДП). Водителот напомена дека биле поканети и Фатмир Мисини (ДУИ) и Јасер Реџепи (ДПА), но од објективни причини го откажале присуството. На 16 март (продолжена во полноќните часови од 17 март), во дебатната емисија за градоначалник на Тетово учествуваа: Зоран Тевдоски (СДСМ), Махмут Јусуфи (НД), Бранислав Светозаревиќ (ВМРО-ДПМНЕ), Томислав Стојановски-Бомбај (коалиција на ТМОРО-ВЕП и ВМРО-ДП), Хазби Лика (ДУИ), а иако поканет, не учествуваше Сади Беџети, кандидатот на ДПА.

**Интервјуа: Шест интервјуа**, лоцирани во вториот изборен круг. Првите две се емитувани на 30 /31 март и на 1 април со премиерот Никола Груевски, а се преземени од националните телевизии Канал 5 и Сител – *Лејт најт шоу* со Миленко Неделковски и *НИЕ* со Драган Антоновски. Последователни интервјуа со кандидатите за претседател на Македонија – Ѓорге Иванов (ВМРО-ДПМНЕ) и Љубомир Фрчкоски (СДСМ) и за градоначалник на Тетово – Сади Беџети (ДПА) и Хазби Лика (ДУИ) се емитувани на 2 и на 3 април.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно 2 часа 41 минута и 53 секунди, најмногу време има ВМРО-ДПМНЕ и нејзината коалиција, и тоа 1 час 34 минути и 4 секунди за политички маркетинг на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов и 54 минути и 15 секунди за партиски спотови, снимки од митинзи и средби со граѓани. СДСМ и опозициската коалиција имаат речиси 8 минути, НСДП – 3 минути и 30 секунди и ДУИ – 2 минути и 24 секунди.

**ТВ СУПЕР СКАЈ**

**Платено политичко рекламирање:** Во првиот изборен круг се емитувани **вкупно 36 минути** рекламирање, сите за Нова Демократија.

**ТВ КОХА**

**Вести:** Најмногу прилози во првиот дел од кампањата покриен со **вкупно време за вести од 1 час и 27 минути** се распоредени речиси рамноправно меѓу двете најголеми албански политички партии: ДПА – 23 минути, и ДУИ – 19 минути. Во овој информативен контекст релевантни се и 12 минути за активностите на Нова Демократија и за активностите на коалицијата околу владејачката ВМРО-ДПМНЕ покриени со 8 минути.

**Платено политичко рекламирање:** Емитувани се **вкупно 5 часа 32 минути и 30 секунди** платени политички спотови и средби на политичките партии со своето гласачко тело, а најмногу време закупија ДУИ – 2 часа 16 минути и 30 секунди и ДПА – 2 часа 9 минути и 30 секунди. Нова Демократија партиски се рекламираше во времетраење од 34 минути, додека Имер Селмани, нејзиниот лидер, за сопствената претседателска кампања откупи дополнителни – 5 минути и 30 секунди. Независните кандидати за градоначалник на Струга откупија – 27 минути

**РАДИО ПЛУС ФОРТЕ**

**Вести:** Емитувани се вкупно **3 часа и 16 минути вести** за првиот круг и од локалните и од претседателските избори. Позначајни, релативно рамномерно распоредени минутажи во ова информативно време бележиме кај: коалицијата на владејачката ВМРО-ДПМНЕ – 39 минути, коалицијата на опозициската СДСМ – 34 минути, ДПА – 21 минута, ДУИ – 29 минути, Нова Демократија – 11 минути, ВМРО-НП – 16 минути и НСДП – 13 минути.

**Платено политичко рекламирање:** Со мониторингот е опфатен само првиот изборен круг, а се евидентирани вкупно **41 минута и 35 секунди.** Структурата на закупеното време по политички субјекти е следна: СДСМ – 9 минути и 45 секунди, Ѓорге Иванов – 30 минути и 50 секунди и Љубе Бошковски - 1минута.

**РАДИО КИС**

**Платено политичко рекламирање:** За политички маркетинг во првиот круг на изборната кампања се откупени вкупно **1 час 58 минути и 25 секунди**. Предизборни политички спотови се презентирани за: СДСМ – 12 минути и 52 секунди, коалиција на ВМРО-

ДПМНЕ – 25 минути и 10 секунди, Ѓорге Иванов – 56 минути и 19 секунди, Љубе Бошковски – 7 минути и НСДП – 16 минути и 44 секунди.

**ШТИП**

**ТВ ИРИС**

**Вести:** Во периодот на мониторингот - од 2 до 20 март, оваа штипска телевизија изборниот процес го проследи со **1 час и 17 минути вести** посветени исклучиво на теми во врска со активностите на политичките партии кои кандидираа претседател на државата и градоначалник на Штип. Прегледот на времето отстапено за партиската агитација, кое инаку како тема во вестите зазема повеќе од половината од овој вид новинарски ангажман, покажува релативно рамномерна распореденост на минутажата за најголемите македонски политички партии: владејачката ВМРО-ДПМНЕ, застапена со 16 минути и опозициската СДСМ, застапена со 10 минути. Меѓутоа, во репрезентациска функција за партиските активности на ВМРО-ДПМНЕ во Штип и во регионот, бележиме и 5 минути за промотивни урбанистички зафати и за отворена поддршка на партискиот кандидат за градоначалник од страна на членови на Владата на Република Македонија. Интересно е да се истакне дека 18 минути од времето во вестите за изборниот процес телевизијата посвети и за предизборните согледувања на меѓународниот фактор во Република Македонија.

**Интервјуа:** Емитувани се **6 интервјуа**, и тоа во простор за четири различни новинарски пристапи. На 2 март - *Мали ноќни разговори* – интервју со Панде Сарев, тогашниот актуелен градоначалник на Штип, и реемитуваното издание на *Миленко Неделковски Шоу*, програма во оригинална продукција на националната ТВ Канал 5, во кое гостуваше Мирка Велиновска, новинар-аналитичар на пошироките политичко-општествени состојби во Македонија. Во Шоуто на Неделковски, на 29 март гостуваше премиерот Никола Груевски, а интервјуто главно се движеше околу влијанието на светската економска криза и нејзините реперкусии врз домашната економија. Во политичкиот магазин *Агора* од 31 март, своите политички ставови ги презентираше Ѓорге Иванов, тогашен претседателски кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, кој успеа да се пласира во вториот изборен круг. Инцидентот поврзан за протестите на студентите од Архитектонскиот факултет во Скопје против изградбата на црква на централниот скопски „Плоштад Македонија“, беше тема-водилка за интервјуто со новинарот Драган Павловиќ-Латас, гостин во реемитуваното издание на емисијата *Јади бурек*, изворна продукција на националната Наша ТВ. На 1 и на 3 април, непосредно пред вториот изборен круг, двапати е емитувано интервјуто со премиерот Груевски во емисијата *Ние*, изворна продукција на националната ТВ Сител.

**Платено политичко рекламирање:** Во структурата на времето од **4 часа 18 минути и 41 секунда** платено политичко рекламирање, мониторингот бележи: 1 час 38 минути и 38 секунди за Ѓорге Иванов, кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за претседател на Република Македонија, 2 часа и 32 минути и 3 секунди предизборни спотови за ВМРО-

ДПМНЕ и 8 минути обраќање на Рамадан Демиров, независен кандидат за општински советник.

## ТВ СТАР

**Вести:** Првиот круг на изборната кампања во вестите беше покриван со **вкупна минутажа од 2 часа и 40 минути**. Целосна рамноправност во поделбата на времето посветено за активностите на организаторите на кампањата е забележлива во споредбениот приод – власт/опозиција: коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ доби – 37 минути, а коалицијата на СДСМ – 38 минути. Значајни за споменување се и информативните минутажи за ЛДП – 12 минути и за ВМРО-НП – 10 минути. Мониторингот покажа дека не е посветено информативно внимание за поединечните, индивидуални телевизиски настапи на претседателските кандидати.

**Интервјуа: Две интервјуа,** со Мирка Велиновска, новинарка-аналитичарка на македонската политичка сцена, емитувани на 2 март во издание на *Лејт најт шоу* со Миленко Неделковски, преземено од националната ТВ Канал 5, и на 11 март во издание на „Јади бурек“, преземено од националната ТВ Наша.

**Информативна програма:** „Кои се приоритетите што ги чекаат македонските политичари по изборите?“, тоа беше основната тема на актуелно-информативната програма *Во центар*, преземена од националната Канал 5 телевизија, емитувана на 16 март и репризно на 17 март.

**Платено политичко рекламирање:** Од вкупно емитуваните **3 часа 28 минути и 36 секунди** за политички маркетинг, најмногу време има ВМРО-ДПМНЕ и нејзината коалиција – 3 часа 5 минути и 35 секунди, СДСМ има 15 минути, ВМРО-НП – 5 минути и 13 секунди и ЛДП 2 минути и 48 секунди.

## РАДИО ЧЕРЕЊА

**Вести:** Емитувани се вкупно **38 минути вести** за првиот круг и од локалните и од претседателските избори. Дури 25 минути од ова време се посветени на прилози за кампањата на Омер Демиров, независен кандидат на локалните избори за Штип и за Штипско. Преостанатата, статистички ирелевантна минутажа е распоредена за кратки вести од кампањата на коалициите на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и на опозициската СДСМ.

**Платено политичко рекламирање:** Следен е само првиот круг на изборната кампања, а се евидентирани вкупно **36 минути и 34 секунди** политички спотови. Независниот кандидат на локалните избори – Омер Демиров има 33 минути и 18 секунди, а преостанатите 3 минути и 16 секунди се на ВМРО-ДПМНЕ.

**РАДИО ШТИП**

**Вести:** Информативната редакција го покри првиот круг на изборите со **вкупно 2 часа и 12 минути**. Најмногу време беше одвоено за активностите на опозициската коалиција предводена од СДСМ – 31 минута, додека, пак, споредбено, активностите на владејачката коалиција околу ВМРО-ДПМНЕ беа покриени со 9 минути. Активно се следеа настаните организирани од ДИК – 14 минути, а место најдоа и активностите на локалната власт, било ставена во непосредна функција на изборниот процес, било поради отчетност на крајот од мандатот. Вредни за споменување се и 10-минутните прилози во врска со активностите на ВМРО-НП и 8 минути прилози за штипскиот огранок на ДУИ.

**Платено политичко рекламирање:** само 1 минута и 6 секунди, закупени од ЛП.

## 7. ИЗБОРЕН МОЛК

Според Изборната регулатива, изборниот молк започнува 24 часа пред денот на изборите, а завршува во 19:00 часот на денот на изборите, односно со затворањето на избирачките места. Во овој период престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на организаторите на изборна кампања.

За време на изборниот молк, (21 и 22 март во првиот изборен круг и 4 и 5 април во вториот изборен круг од локалните и претседателските избори 2009) се снимаше програмата на сите медиуми од примерокот. Мониторирањето на програмата на радиодифузерите за можните прекршувања беше во согласност со Правилникот, со којшто детално е уреден начинот на известување за време на изборниот молк.

Во деновите на изборниот молк, во првиот круг, Советот за радиодифузија на РМ против радиодифузерите кои го прекршија изборниот молк ги презеде следниве мерки: поведе 3 (три) прекршочни постапки против Телевизија Канал 8 ДООЕЛ Кочани, Наша ТВ ДОО, Скопје и ТВ Алфа ДООЕЛ Скопје и упати 2 (две) укажувања до МТВ 1 – Прв програмски сервис и Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје.

Во деновите на изборниот молк, во вториот круг, Советот за радиодифузија на РМ констатираше ненамерни и незначителни пропусти од страна на радиодифузерите, кои не влијаеа врз изборниот процес. Поради тоа, Советот одлучи да не покренува прекршочни постапки, но им упати укажувања на радиодифузерите кај кои беа констатирани пропусти, и тоа: на ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, ТВ БТР ДООЕЛ Скопје, Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје, Јавниот радиодифузен сервис МРТ – МТВ 1 и Телевизија Скај Нет ДОО Скопје.

## 8. ПРЕКРШУВАЊА НА РЕГУЛАТИВАТА И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

За време на првиот круг од изборната кампања кој траеше од 2 до 20 март 2009 година, Советот поведе 5 (пет) прекршочни постапки и упати 18 (осумнаесет) укажувања за сторените прекршувања од страна на радиодифузерите.

Во периодот од првите десет дена од мониторингот на медиумското покривање на локалните и претседателските избори во РМ во 2009 година од 2 до 11 март 2009 година беа поведени 2 (две) прекршочни постапки, и тоа против:

- Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје, поради неизбалансирано покривање[5] на активностите на организаторите на изборната кампања во рамките на емитуваниот програмски сервис и
- Наша ТВ, поради непочитување на правилата за емитување платено политичко рекламирање.
- Исто така, Советот им упати вкупно 6 (шест) укажувања на радиодифузерите, од кои 5 (пет) укажувања на одделни радиодифузери и 1 (едно) генерално укажување до сите радиодифузери. Петте укажувања беа упатени до:

- ТВ Канал 5 ДООЕЛ, Скопје, за емитување реклами финансирани од Буџетот на РМ;
- ТВ БТР ДООЕЛ Скопје и ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, за учество на малолетни лица во платено политичко рекламирање;
- Радио Сити ДООЕЛ Скопје, за појавување на кандидат за член на совет на општина во својство на водител на емисија во рамките на емитуваниот програмски сервис;
- Телевизија Ирис ДОО Штип, за присуство на елементи на национална нетрпеливост во вести емитувани во рамките на програмскиот сервис.

Генерално укажување беше упатено до сите радиодифузери, за емитување платено политичко рекламирање кое не е соодветно и видливо означено како ППР во текот на целото времетраење на емитувањето и без да биде јасно издвоено со најавна и одјавна шпица од другите делови на програмата, од рекламните спотови и од другите облици на рекламирање.

---

[5] Имајќи ја предвид можноста која ја дава член 27 став 1 од Законот за прекршоците, кога еден ист сторител, правно или одговорно лице со користење на ист траен однос, исти прилики или други слични околности повеќекратно остварат еден ист прекршок, со две или повеќе временски поврзани дејствија, при што нивното однесување може да се третира како продолжен прекршок, Советот за радиодифузија на РМ одлучи да го прошири барањето за поведување прекршочна постапка за необезбедување на избалансирано покривање на активностите на организаторите на изборната кампања во рамките на емитуваниот програмски сервис на ТВ Сител од Скопје во периодот од првите десет дена, на начин што против правното лице ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје и против одговорното лице кај овој радиодифузер, поведе една прекршочна постапка за целиот период на изборната кампања, што значи за времето од 2 до 20 март 2009 година.

Во периодот од вторите десет дена од мониторингот на медиумското покривање на локалните и претседателските избори во РМ во 2009 година од 12 до 20 март 2009 година, беа поведени 3 (три) прекршочни постапки, и тоа против:

- Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје, поради објавување резултати од испитување на јавното мислење по законски дозволениот рок;
- ТВ Здравкин од Велес, за користење посебни информативни емисии како облик на платено политичко рекламирање и
- МТВ 2 - Програма на албански јазик, за учество на уредник на телевизијата во активностите на еден од организаторите на изборната кампања.
- Во овој период, Советот им упати вкупно 12 (дванаесет) укажувања на радиодифузерите, од кои 11 (единаесет) укажувања на одделни радиодифузери и 1 (едно) генерално укажување до сите радиодифузери. Единаесетте укажувања беа упатени до:

- ТВ А1 од Скопје; ТВ Жупа од Центар Жупа; ТВ Аамазон од Скопје, на сите 3 (три) радиодифузери за учество на малолетни лица во платено политичко рекламирање.

- ТВ Амазон од Скопје, за емитување платено политичко рекламирање во посебна информативна емисија;

- МТВ – Канал на етничките заедници; МТВ – Втор програмски сервис, програма на албански јазик; Македонско радио – Прв програмски сервис на Македонско радио; ТВ Алфа ДООЕЛ Скопје;ТВ Телма ДООЕЛ Скопје; МТВ 1 – Прв програмски сервис, на сите 6 (шест) радиодифузери за недоследно почитување (во дневно-информативните емисии) на принципот на пропорционалност за локалните избори и принципот на еднаквост за претседателските избори;

- Радио Александар Македонски ДООЕЛ Кичево, за емитување платено политичко рекламирање (музички спотови за претседателски кандидат), кои не се соодветно и видливо означени како ППР во текот на целото времетраење на емитувањето и без да бидат јасно издвоени со најавна и одјавна шпица од другите делови на програмата, од рекламните спотови и од другите облици на рекламирање).

Генерално укажување беше упатено до сите радиодифузери, за емитување спот кој содржи непристоен (вулгарен) говор, во несоодветен период од денонoќието (спотот за кандидатот за претседател Љубомир Данаилов – Фрчкоски, нарачан од ВМРО-ДПМНЕ).

Врз основа на спроведениот мониторингот на медиумското покривање за време на вториот круг од претседателските и локалните избори во РМ во 2009 година, во периодот на

изборната кампања од 25 март до 3 април 2009 година, беа поведени 6 (шест) прекршочни постапки, и тоа против следните радиодифузери:

- ТВ БТР ДООЕЛ Скопје и ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, поради неизбалансирано покривање на активностите на организаторите на изборната кампања во рамките на емитуваниот програмски сервис;
- Наша ТВ ДОО Скопје и ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје, поради неизбалансирано покривање на активностите на организаторите на изборна кампања во посебните информативни емисии;
- Телевизија Канал-21 ДООЕЛ Велес, за користење посебни информативни емисии како облик на платено политичко рекламирање и
- Радио Холидеј ДООЕЛ Прилеп, за емитување платено политичко рекламирање повеќе од две третини, односно повеќе од 10 минути на еден реален час за еден учесник во изборната кампања.

## 9. ПРИЛОЗИ

- ***Извадок од Изборниот законик***

- ***Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања***

- ***Извадок од финалниот Извештај за претседателските и локалните избори 2009 година на ОБСЕ/ОДИХР мисијата за набљудување на изборите***

- ***Застапеност и директно обраќање на субјектите во вести – I и II круг***

- ***Платено политичко рекламирање - I и II круг***

- ***Преглед на изречени мерки за време на изборната кампања***

- ***Преглед на изречени мерки за време на изборниот молк***

**ИЗВАДОК ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК**

- **ИЗБОРЕН ЗАКОНИК (“Сл.весник на Р.М. “, бр.40/06)**

- **ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија (У.бр. 87/2006-0-0 од 15.11.2006 година) – Со цитираната одлука се укинува** член 15 став 4 од Изборниот законик (“Сл.весник на РМ” бр.40/06), кој гласи: “Мандатот на пратениците трае од денот на неговото верификување до денот на верификувањето на мандатот на новоизбраните пратеници”.

- **ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК (“Сл.весник на Р.М. “, бр. 136/08)**

- **ИСПРАВКИ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК (“Сл.весник на Р.М. “, бр.148/08, 155/08, 163/08)**

***

**ОДРЕДБИ ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК**
**КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РАБОТЕЊЕТО НА**
**СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ**
**И НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО РМ**

***

**(...)**

## VI. ИЗБОРНА КАМПАЊА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

### 2. Траење на изборната кампања

**Член 74**

(1) Изборната кампања, јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, изборно медиумско претставување, дистрибуирање на печатени материјали започнува 20 дена пред денот определен за одржување на изборите и не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.

(2) Советот за радиодифузија е должен да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

(3) Советот за радиодифузија е должен, по утврдувањето на неправилностите, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од овој законик, за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите.

### 3. Медиумско претставување

**Член 75**

(1) Советот за радиодифузија донесува Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања и го објавува во „Службен весник на Република Македонија”.

(2) Со Правилникот од ставот (1) на овој член се определува должината на траењето на изборното претставување, начинот на рекламирање и условите за користење на програмското време, односно просторот во радиодифузерите за претставување на кандидатите и нивните програми.

(3) За време на изборната кампања радиодифузерите што одлучиле да ги покриваат изборите можат да емитуваат 25% дополнително време за рекламирање од дневно емитуваното време за емитување платена политичка програма, односно 25% или 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час притоа најмногу две третини од 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час за еден учесник во изборната кампања.

(4) Радиодифузерите се должни да го почитуваат Правилникот од ставот (1) на овој член за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување.

(5) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите во согласност со Правилникот од ставот (1) на овој член, да утврдат ценовник за рекламирање на изборните програми и на кандидатите.

(6) Печатените медиуми се должни ценовникот од ставот (5) на овој член да го достават до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија, а радиодифузерите и до Советот за радиодифузија.

(7) Државната изборна комисија е должна ценовникот од ставот (4) на овој член да го објави во рок од 24 часа по добивањето на ценовникот.

(8) Цените за рекламирање на изборните програми и на кандидатите кои ќе ги утврди радиодифузерот, односно печатениот медиум во Република Македонија мора да бидат еднакви за сите организатори на изборна кампања.

(9) Радиодифузерите во Република Македонија се должни под еднакви услови на нивните програми да обезбедат рамноправен пристап во претставувањето на изборните програми на кандидатите.

**Член 76**

(1) Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во информативно-политичките програми за време на изборната кампања.

(2) Радиодифузерите и печатените медиуми се должни кога објавуваат платено политичко рекламирање, да наведат дека се работи за платен оглас.

(3) Јавниот радиодифузен сервис е должен без надоместок во соработка со Државната изборна комисија да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласањето.

## 4. Испитување на јавното мислење

### Член 77

(1) Испитувањето на јавното мислење се објавува најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите.

(2) Кога се објавува испитување на јавното мислење за кандидатите, политичките партии и група избирачи во изборната кампања, се наведува името на институцијата или раководителот на институцијата што го извршила истражувањето, датумот, методологијата, големината и структурата на примерокот и името на нарачувачот кој го побарал испитувањето.

## 7. Финансирање на изборите

### Член 83

(1) Изборната кампања не смее да се финансира од:

- средства од Буџетот на Република Македонија, освен средствата определени во членот 86 став (2) на овој законик,
- средства од буџетите на општините и градот Скопје, освен средствата определени во членот 86 став (2) на овој законик,
- средства од јавни претпријатија и јавни установи,
- средства од здружение на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации,
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица и
- средства од претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странскиот капитал.

(2) Изборната кампања може да се финансира од:

- физички лица во висина од 5.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 20.000 евра во денарска противвредност.

### Член 83-а

(1) Како донација од членот 83 на овој закон се смета и:

- давањето бесплатни услуги на организаторот на изборната кампања,
- давањето услуги на организаторот на изборната кампања за кои плаќа трето лице и

- продажба на стоки или давање на услуги на организаторот на изборната кампања по цени пониски од пазарните.

(2) Продавачот на стоката, односно давателот на услугата е должен да го извести организаторот на изборната кампања за пазарната цена на продадената стока, односно извршената услуга и за тоа му доставува фактура.

(3) Разликата меѓу пазарната вредност и платената вредност се смета за донација.

(4) Јавните претпријатија се должни да понудат еднакви цени за своите услуги кон сите учесници на кампањата преку официјални ценовници.

(5) Радиодифузерите и печатените медиуми попустите во цените кои ги даваат за политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања се сметаат за донација изразена во парична вредност.

**Член 84-а**

Од денот на донесувањето на одлука за распишување на изборите се до денот на завршувањето на изборите, државните органи и органите на општините и на градот Скопје не смеат да објавуваат реклами финансирани од буџетите на општините и градот Скопје.

**8. Финансиски извештај**

**Член 85-а**

(1) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

**XIV КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**

**Член 181**

(1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на физичко лице кое ја попречува и оневозможува кампањата (член 73).

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правното лице ако не го почитува рокот за започнување и завршување на изборната кампања (член 74 став (1)).

(3) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на радиодифузерот ако не ги почитува одредбите на овој законик за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржување на изборите (член 74 став (3)).

**Член 182**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на радиодифузерот:

- кое нема да обезбеди рамноправно претставување на кандидатите за пратеници, политичките партии, групата избирачи и на нивните програми од членот 75 став (8) на овој законик,

- ако не го почитува Правилникот за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување или не го утври и достави до надлежниот орган ценовникот од членот 75 ставови (4) и (5),

- кое ќе го објави истражувањето на јавното мислење во период од пет дена пред денот на гласањето од членот 77 став (1) на овој законик и

- ако го објави изборното пропагандно известување без наведување дека се работи за платен оглас од членот 76 на овој законик.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече и на одговорниот уредник за дејствијата од ставот (1) на овој член.

**Член 183**

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на:

- одговорниот уредник на јавното гласило кој ќе го објави истражувањето на јавното мислење за кандидатите без да ги наведе податоците од членот 77 став (2) на овој законик и

- одговорниот уредник на јавното гласило ако го објави изборното пропагандно известување, без објавување на нарачувачот (член 77 став (2)).

Врз основа на чл. 75 од Изборниот законик („Службен весник“ бр. 40/'06, 136/08), а во согласност со член 37 став 1 точка 5 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник“ на Р. Македонија бр. 100/'05, 19/'07, 103/'08, Советот за радиодифузија на својата 3-та седница одржана на 16.01.2009 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА РАМНОПРАВЕН ПРИСТАП ВО МЕДИУМСКОТО**
**ПРЕТСТАВУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА**

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите за пристап до облиците на изборно медиумско претставување, времетраењето на изборното медиумско претставување, принципите за избалансирано медиумско покривање на изборите и начинот на известување за време на изборниот молк во програмите на радиодифузерите за време на изборните кампањи за избор на:

- претседател на РМ;
- пратеници во Собранието на РМ;
- членови на Советите на општините и Советот на град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на град Скопје.

Правилникот не навлегува во уредувачката политика, во самостојноста и во независноста на радиодифузерите.

### Поимник

Член 2

Одредени поими во овој Правилник го имаат следново значење:

Организатори на изборна кампања се кандидати, политички партии, коалиции или групи избирачи кои ја организираат или учествуваат во изборната кампања;

Облици на изборно медиумско претставување се: дневно-информативните емисии, програмите што им овозможуваат директен пристап на организаторите на изборната кампања до публиката/гласачите и посебните информативни емисии;

Дневно-информативни емисии се сите изданија на вестите и радио и телевизиските дневници;

Директен пристап до публиката/гласачите се облиците на бесплатно политичко претставување и на платено политичко рекламирање, преку кои организаторите на изборна кампања слободно ги промовираат своите програми, ставови и кандидати;

Бесплатно политичко претставување е директен пристап на организаторите на изборната кампања до публиката/гласачите, преку кој слободно и без паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставовите и кандидатите;

Платено политичко рекламирање е директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката/гласачите, преку кој за паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставовите и кандидатите. Видови платено политичко рекламирање се: огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на организаторите на изборната кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на организаторите на изборна кампања;

Посебни информативни програми се:

програми наменети за информирање на граѓаните за начинот, техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и

информативно-политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања:

- актуелно-информативни програми
- актуелно-информативни програми со документаристички пристап
- тематски специјализирани информативни програми

**Општи принципи**

Член 3

Јавниот радиодифузен сервис и оние трговски радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите, должни се тоа да го прават на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

Член 4

Без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, радиодифузерите се должни за време на изборната кампања на организаторите на кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување, во согласност со овој Правилник.

Член 5

Покрај облиците на изборно медиумско претставување наведени во овој Правилник, радиодифузерите имаат уредувачка слобода и други свои програми да користат во функција на изборите. Во таков случај мора да го почитуваат принципот на избалансираност и на сите организатори на изборната кампања да им обезбедат рамноправен медиумски пристап.

Од ова правило се изземаат програмите наменети за малолетната публика.

Член 6

Радиодифузерите ќе овозможат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување во согласност со:

- принципот на пропорционалност за локалните и за парламентарните избори, според бројот на утврдени листи на кандидати за градоначалници, за членови на Советите на општините или на кандидати за пратеници.

- принципот на еднаквост за претседателските избори, за сите кандидати за претседател.

Од принципот на пропорционалност, односно еднаквост, се иззема платеното политичко рекламирање.

Член 7

За време на изборната кампања и во периодот на изборниот молк, радиодифузерите не смеат да емитуваат огласи и реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

Член 8

Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не можат да учествуваат во подготовки и во реализирање на изборна кампања. Доколку се определат за активност во функција на нечија изборна кампања, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите треба да мирува сè до завршувањето на изборната кампања, како и во деновите на изборниот молк.

Член 9

Јавниот радиодифузен сервис и оние трговски радиодифузни друштва што ќе ги покриваат изборите со кој било од облиците на изборно медиумско претставување, се должни во рок од пет дена од денот на стапувањето во сила на овој Правилник, во согласност со неговиот текст, да донесат сопствени правила за изборно медиумско претставување.

Правилата за изборно медиумско претставување, радиодифузерите се должни да ги објават на своите програми во ударен термин и да му ги достават на Советот за радиодифузија.

Член 10

Трговските радиодифузни друштва што ќе емитуваат платено политичко рекламирање се должни во рок од пет дена од денот на распишување на изборите, во согласност со овој Правилник, да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање и да му ги достават на Советот за радиодифузија.

Член 11

Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржување на изборите, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по завршувањето на изборите.

На барање на Советот за радиодифузија, радиодифузерите се должни најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето, на Советот да му достават снимки од бараната програма, како и други документи, податоци и информации наведени во барањето.

**Времетраење на изборната кампања**

Член 12

Изборната кампања започнува 20 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Изборната кампања завршува 24 часа пред денот на изборите.

**МРТ**

Член 13

Јавниот радиодифузен сервис (МРТ) е должен да ја следи изборната кампања, односно да објавува информации за целината на изборниот процес, за законската регулатива за изборите, за активностите на сите учесници во изборната постапка, како и за текот на гласањето и за резултатите од изјаснувањето на граѓаните.

Јавниот радиодифузен сервис е должен без надоместок во соработка со ДИК да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање.

МРТ има обврска да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух.

## II ОБЛИЦИ НА ИЗБОРНО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

### 1. ДНЕВНО - ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ

Член 14

Уредувачката одговорност за изборното медиумско претставување во дневно-информативните емисии ја имаат радиодифузерот и одговорното лице во радиодифузерот.

Член 15

Воден од професионалните новинарски принципи и стандарди при известувањето од изборната кампања за локалните и за парламентарните избори, радиодифузерот е должен во дневно-информативните емисии да обезбеди избалансирано покривање на активностите на организаторите на изборна кампања, согласно со принципот на пропорционалност утврден во членот 6 од овој Правилник.

При утврдувањето на избалансираноста на покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на организаторите на изборна кампања.

Член 16

Воден од професионалните новинарски принципи и стандарди при известувањето од изборната кампања за претседателските избори, радиодифузерот е должен во дневно-информативните емисии да обезбеди избалансирано покривање на активностите на организаторите на изборна кампања, согласно со принципот на еднаквост, утврден во членот 6 од овој Правилник.

Член 17

Коментарите во врска со изборната кампања емитувани во дневно-информативните емисии мора да бидат одвоени како посебни аудио-визуелни целини и да бидат означени или со името и презимето на авторот или како редакциски коментар.

Член 18

Во дневно-информативните емисии емитувани за време на изборната кампања и во периодот на изборниот молк, известувањето за редовните активности на органи на власта, на државни институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, не смее да биде во функција на изборната кампања.

## 2. ДИРЕКТЕН ПРИСТАП ДО ПУБЛИКАТА / ГЛАСАЧИТЕ

Член 19

Одговорноста за содржината на директниот медиумски пристап до публиката/гласачите ја преземаат организаторите на изборна кампања.

Одговорноста за емитуваниот директен пристап до публиката, како и одговорноста за почитување на одредбите од овој Правилник, ја презема радиодифузерот и одговорното лице во радиодифузерот.

Член 20

Во директниот медиумски пристап до публиката/гласачите не е дозволено учество на малолетници.

Член 21

Радиодифузерите мора да одбијат емитување директен медиумски пристап до публиката/гласачите, доколку е насочен кон насилно уривање на уставниот поредок или кон поттикнување или повикување на воена агресија, или кон разгорување национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост, или доколку во директниот пристап до публиката/гласачите учествуваат малолетници.

## 2.1. Бесплатно политичко претставување

Член 22

Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува бесплатно политичко претставување така што ќе обезбеди избалансирано време за организаторите на изборната кампања, согласно со принцпите на пропорционалност, односно еднаквост, утврдени во член 6 од овој Правилник.

Трговските радиодифузни друштва кои ќе одлучат да емитуваат бесплатно политичко претставување, должни се на организаторите на изборната кампања да им обезбедат избалансирано време за бесплатно политичко претставување, согласно со принципите на пропорционалност, односно еднаквост, утврдени во член 6 од овој Правилник:

Член 23

Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување” во текот на целото времетраење на емитувањето.

Член 24

Датумот и редоследот за емитување бесплатно политичко претставување на организаторите на изборната кампања се утврдува со ждрепка.

## 2.2. Платено политичко рекламирање

Член 25

Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање.

Член 26

Трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час со тоа што од нив најмногу две третини, односно 10 минути на еден реален час можат да одвојат за еден учесник во изборната кампања.

Поимот - реален час - го означува времето што изминува од почетокот до крајот на еден час сметано според часовникот.

Член 27

Времето за платено политичко рекламирање не може да се собира и да се емитува наеднаш, во континуитет, како вкупно дозволено време за платено политичко рекламирање.

Дозволеното време за рекламирање на еден реален час емитувана програма согласно со член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност не може да се користи за платено политичко рекламирање.

Член 28

Платеното политичко рекламирање треба да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање" во текот на целото времетраење на емитувањето и со најавна и одјавна шпица треба да биде јасно издвоено од другиот дел на програмата и од другите рекламни спотови, од телешопинг спотовите и од другите облици на рекламирање.

Член 29

Цените за платено политичко рекламирање што ќе ги утврдат трговските радиодифузни друштва мора да бидат еднакви за сите организатори на изборна кампања.

Член 30

Во сите облици платено политичко рекламирање нарачателот мора да биде јасно означен.

Член 31

Платено политичко рекламирање не смее да се емитува во:

- вести и други дневно-информативни програми;
- детски, училишни и образовни програми;
- директни преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани;
- посебни информативни програми.

### 3. ПОСЕБНИ ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

Член 32

Воден од професионалните новинарски принципи и стандарди при медиумското покривање на изборите, радиодифузерот кој ќе реализира посебни информативни емисии, треба да обезбеди рамноправен медиумски третман за сите организатори на изборната кампања, а времето за овој вид претставување пред публиката/гласачите треба да го избалансира согласно со принципите на пропорционалност, односно еднаквост, утврдени во членот 6 од овој Правилник.

Член 33

Уредувачката одговорност за посебните информативни емисии како облик на изборно медиумско претставување ја имаат радиодифузерот и одговорното лице во радиодифузерот.

Член 34

Со цел публиката/гласачите објективно да се информираат за текот на изборната кампања и заради заштита на новинарската професија од какво било политичко влијание за време на изборното медиумско претставување, посебните информативни емисии не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање.

## III ОБЈАВУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Член 35

При објавување резултати од испитувања на јавното мислење, радиодифузерите се должни да обезбедат доволно информации врз основа на кои јавноста ќе може да ја процени веродостојноста на испитувањето:

- да го наведат името на нарачателот кој го побарал и го платил испиту-вањето,
- да ја наведат институцијата што го извршила истражувањето,
- да ја наведат применетата методологија,
- да посочат показатели за големината и структурата на испитаниот примерок,
- да го наведат датумот, односно периодот во кој е спроведено истражувањето.

Член 36

Резултати од испитување на јавното мислење се објавуваат најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред 19:00 часот, односно пред затворањето на избирачките места.

Член 37

Радиодифузерите не смеат да објавуваат резултати од ненаучни и нерепрезентативни испитувања на јавното мислење, како што се гласање на гледачи или на слушатели преку телефон (телевоутинг), анкети спроведени на интернет и слично.

## IV ИЗБОРЕН МОЛК

Член 38

За време на изборниот молк, кој започнува 24 часа пред денот на изборите, а завршува во 19:00 часот на денот на изборите, односно со затворањето на избирачките места, престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на организаторите на изборната кампања.

Член 39

Радиодифузерите и за време на изборниот молк продолжуваат да известуваат за изборите.

При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека радиодифузерите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат: информации и аудио и аудио-визуелни материјали во функција на нечија изборна кампања или рекламни пораки преку кои се претставуваат партиски програми и партиски симболи, при што:

а) Под „информации и аудио и аудио-визуелни материјали во функција на нечија изборна кампања" се подразбираат:

- Какви било информации и аудио и аудио-визуелни материјали во врска со кој било кандидат во изборниот процес, односно со кој било организатор на изборна кампања и на нивните изборни штабови;
- Информации и аудио и аудио-визуелни материјали во врска со политичари, со претставници на органите на власта, со државните институции и организации и со правни и други лица на кои законски им е доверено вршење јавни овластувања, како и во врска со други субјекти чиј медиумски настап е во функција на изборната кампања и може да влијае врз одлуката на избирачите;

- Какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на изборната кампања и можат да влијаат врз одлуката на граѓаните;
- Партиски ознаки, симболи или друг пропаганден материјал насочени за или против кој било организатор на изборна кампања, односно претставник на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои законски им е доверено вршење јавни овластувања;
- Изјави и соопштенија дадени од или во функција на: кандидат во изборниот процес, организатор на изборна кампања или политичка партија;
- Посебни информативни програми во кои учествуваат кандидати во изборниот процес, односно организатори на изборна кампања (политички партии, коалиции или групи избирачи со потврдени листи на кандидати), претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања и други субјекти, поврзано со изборната кампања или во функција на изборна кампања;
- Снимени програми или програми во живо, неповрзани со изборите, а во кои учествуваат или се појавуваат кандидати во изборниот процес, односно организатори на изборна кампања или претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;
- Музички нумери, спотови или друг вид медиумски настапи на уметници кои во исто време се и кандидати во изборниот процес.

б) Под „рекламни пораки преку кои се претставуваат партиски програми и партиски симболи” се подразбираат:

- Сите облици директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката/гласачите без оглед дали е без надомест т.е. бесплатно политичко претставување или со надомест т.е. платено политичко рекламирање во кое спаѓаат: огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на организаторите на изборна кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на организаторите на изборна кампања.

Член 40

Радиодифузерите можат да известуваат и за неправилности при гласањето како и за евентуални инциденти направени во или надвор од одредено гласачко место, при што:

- Објавуваат само проверени информации од официјални извори;
- Оние елементи на информациите од официјалните извори што претставуваат прекршување на молкот (на пример: откривање идентитет на политички субјекти или на поединци вклучени во изборен инцидент) не смеат да се објавуваат до затворањето на избирачките места, односно до 19:00 часот;

- Кандидатите во изборниот процес, односно организаторите на изборна кампања, нивните набљудувачи и нивните штабови - не се сметаат за официјални извори;
- Радиодифузерите треба да внимаваат на можните злоупотреби, односно да не бидат самите искористени за вршење кампања на денот на изборите преку известување за конструирани и за неосновани меѓусебни обвинувања од страна на кандидати во изборниот процес, од организатори на изборна кампања, од политички партии, од изборни штабови и од други субјекти;
- Доколку за одреден настан постојат изјави и соопштенија добиени од кандидати во изборниот процес, од организатори на изборната кампања, од набљудувачи, од изборни штабови или од претставници на политички партии, тие изјави треба да се емитуваат по затворањето на избирачките места, односно по 19:00 часот;

Член 41

На денот на гласањето пред 19 часот, односно пред затворањето на избирачките места, радиодифузерите не смеат да емитуваат:

- Изјави на кандидати во изборниот процес, односно на организатори на изборната кампања, на лидери на политички партии, на носители на функции во органи на власта и на политичари;
- Изјави на граѓани и на други субјекти во функција на изборна кампања;

Член 42

Одредбите за почитувањето на изборниот молк се однесуваат и на објавувањето содржини на телетекстот, на РДС-от или на веб-страниците на електронските медиуми.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

Измени и дополнувања на овој Правилник се прават во писмена форма.

Член 44

Овој Правилник стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

Извадок од Конечниот извештај на
Мисијата за набљудување на избори на ОБСЕ/ОДИХР

Канцеларија за демократски институции и човекови права
ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
**22** МАРТ И **5** АПРИЛ **2009**
Варшава
**30** јуни **2009**

## **IX.** МЕДИУМИ

### **А.** ОСВРТ

Постои разноликост во медиумското опкружување во државата кое вклучува 150 ТВ и радио станици и бројни пишани медиуми во поранешната Југословенска Република Македонија. Телевизијата се смета за главен извор на информации со пет приватни ТВ станици кои пренесуваат програма на територијата на целата држава и еден јавен радиодифузен сервис.

Јавниот радиодифузер (МРТВ) има три телевизиски канали преку кои се емитува програма на целата територија на државата (и еден сателитски канал) и три национални радио станици. МРТВ зависи од државно финансирање, главно заради тешкотиите при собирање на претплатата од најголем дел од граѓаните. Долготрајниот финансиски дефицит и зависност од државно финансирање ја загрозува независноста на јавниот сервис.

Националните приватни телевизии доминираат на рекламниот пазар, каде многу медиуми се натпреваруваат за ограничени приходи. Широко распространетите кампањи за владините политики ја направија Владата најголемиот поединечен огласувач во државата; ова беше посочено како потенцијална закана за независноста на медиумите. Овие кампањи не се емитуваа во текот на изборите бидејќи правилата забрануваат емитување на кампањи финансирани од државниот или општинските буџети во текот на изборите.

Регулаторно тело за електронските медиуми е Советот за радиодифузија (СР), составен од девет членови кои ги избира Собранието. Во текот на изборите СР имаше само шест членови бидејќи Собранието не успеа навреме да ги именува останатите три члена. Иако тоа влијаеше на работниот капацитет на СР, тој функционираше непристрасно и професионално.

### Б. ПРАВНА РАМКА ЗА МЕДИУМИТЕ

Покривањето на изборите и кампањата од страна на медиумите е регулирано во Изборниот законик и Законот за радиодифузна дејност. Во согласност со Изборниот законик, СР на 16 јануари го донесе Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања со кој се регулира претставувањето во медиумите за време на

изборната кампања. Додека на претходните избори, Собранието беше одговорно за усвојување на ваквите правила, за овие избори, усвојувањето на Правилникот беше во директна надлежност на СР. Ова се покажа како поефикасен механизам, наспроти претходната пракса, кога, како на пример, пред изборите во 2008 година Собранието ја имаше надлежноста за усвојување на Правилата, но не успеа да го стори тоа пред да се распушти.

Правилникот на СР истакнува дека радифузерите кои ги покриваат изборите должни се тоа да го прават на избалансиран и непристрасен начин, и на сите учесници во изборите да им овозможат еднаков пристап во програмите. Правилникот ја регулира и застапеноста на кандидатите во дневно-информативните емисии при што медиумите се должни да обезбедат еднаква покриеност на активностите на сите кандидати за претседател. Националните радиодифузери, за локалните избори, се должни да обезбедат пропорционална покриеност во согласност со бројот на поднесените листи на кандидати за градоначалници и членови на советите од секоја партија. Не беше дозволено медиумско покривање на активностите на владата во корист на одредени учесници во кампањата. Јавните радиодифузери беа должни за информирањето на јавноста за изборниот процес и за активностите на учесниците. Правилникот не ги пропишува прецизно правилата за покриеност на кандидатите на локалните избори од страна на локалните и регионалните медиуми; правилникот, исто така, не ја регулира покриеноста на кандидатите во дневно-информативните програми во текот на вториот круг. СР, ја информираше МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека и во двата случаи медиумите се должни да го почитуваат принципот на еднаквост.

Во согласност со членот 74 (2) од Изборниот законик, СР има мандат да го набљудува медиумското покривање на изборите, и тоа не само во текот на официјалната кампања, туку од денот на распишување на изборите до завршувањето на гласањето на денот на изборите. Меѓутоа, овластувањата на СР во однос на медиумите во периодот пред официјалниот почеток на кампањата не се јасни. На 16 јануари СР усвои насоки за изборно медиумско претставување надвор од периодот на изборна кампања; во согласност со овие насоки, медиумите беа ограничени на емитување на информации поврзани со изборите само во дневно-информативните програми. Притоа, во рамките на дневно-информативните програми не беше дозволено емитување на интервјуа со лидерите на политичките партии и потенцијални или потврдени кандидати. Насоките на СР имаа за цел спречување на нееднакво презентирање на кандидатите во периодот надвор од изборната кампања, проблем кој постоеше во минатото.

Помеѓу претставниците на медиумите се разви дебата во врска со насоките; дел од националните медиуми истакнаа дека насоките непотребно ги ограничуваат информациите кои би можеле да им се пружат на гласачите. Од друга страна, некои локални и регионални медиуми ги поздравија насоките како заштита од притисокот на политичките партии кои бараат претставување на кандидатите од страна на медиумите пред официјалниот почеток на кампањата. СР ги спроведе одредбите ефикасно и непристрасно. СР ја набљудуваше состојбата, издаде предупредувања и поднесе тужби против некои радиодифузери кои

емитуваа програма поврзана со изборите; после тоа, медиумите, главно се придржуваа до насоките. Но, дозавршувањето на изборите, судовите немаа донесено одлука во врска со овие предмети кои се однесуваат на периодот пред официјалниот почеток на кампањата. Бавните судски постапки ја нагласија слабоста на системот: можеше да го попречат навременото спроведување на правилата на СР, и потенцијално да остави некои медиуми без навремен правен лек во случај на одлука во нивна корист.

Изборниот законик го ограничува времето за платено политичко рекламирање на 15 минути во текот на еден реален час. Законот за радиодифузна дејност дозволува најмногу 12 минути. Јавните радиодифузери не смеат да нудат платено политичко рекламирање.

## В. НАБЉУДУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ОД СТРАНА НА МНИ НА ОБСЕ/ОДИХР

Започнувајќи на 16 февруари, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР спроведе набљудување на медиумите користејќи квантитативна и квалитативна анализа на програмите емитувани во ударно време на двата јавни канали – МТВ 1 и МТВ 2, и четири национални приватни ТВ канали – А1, Алсат-М, Канал 5 и Сител – како и вечерните вести на ТВ Алфа. Исто така, се спроведе и набљудување на 5 дневни весници - Дневник, Коха, Лајм, Нова Македонија и Време. Покрај тоа, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР спроведе и ограничено набљудување на неколку локални и регионални ТВ канали со цел да го оцени нивно покривање на кампањата.

